**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА**

насока археологија

# ГЛАЗИРАНА КЕРАМИКА ОД СКОПСКО КАЛЕ

**( XII – XIV век )**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**МЕНТОР**

**проф. д-р ЕЛИЦА МАНЕВА**

**КАНДИДАТ**

**ВИКТОРИЈА АНДРЕЕСКА**

**Скопје 2016**

Содржина


I. Вовед ........ 4

1. Предмет и цели на истражување
2. Просторни и временски рамки на темата
3. Историјат на истражување на проблематиката на средновековната глазирана керамика
4. Преглед на истраженоста на глазираната керамика во Македонија
5. Методолошки пристап

II. Скопско Кале ........ 15

1. Местоположба и комуникации
2. Историско-политички прилики на градот во текот на средниот век
3. Историјат на археолошките ископувања на ликалитетот Скопско Кале

III. Технологија на изработка на глазираната керамика ........ 27

1. Обработка на површината
2. Техники на декорирање
3. Печење (печки и триподи)

IV. Типологија и класификација на глазираната керамика ........ 43

1. Типолошка анализа
2. Декоративни мотиви
3. Декоративни системи

V. Карактеристики и стилски особености на византиското и локалното производство ..... 65
VI. Византиска глазирана керамика во соседните земји ..... 71
VII. Заклучок ..... 75
VIII. Каталог ..... 91
IX. Библиографија ..... 238

# I. Вовед

## 1. Предмет и цели на истражување

Керамичкиот материјал претставува една од слабо обработуваните теми во нашата средновековна археологија за разлика од керамиката од другите праисториски и историски периоди. Причината за тоа може да се лоцира во малиот број систематски истражувани локалитети од овој периодкако и малиот број на публикувани научни тудови кои на било каков начин ја опфаќаат проблематиката на средновековната керамика. Обработката на керамиката наметнува повеќе проблеми и прашања кои не се врзани само за материјалот туку во голема мера се поврзани и со културните фактори на одреден простор. Керамиката претставува еден од најзастапените движни наоди на археолошкителокалитети, истовремено и најчувствителна категорија на движен археолошки материјал. Таа е неопходен секојдневен елемент од животот на човекот, па оттука се јавува и интерасот за проучување и обработка. Промените на обликот, техниката на изработка, декорацијата и застапеноста на одреден вид на садови се фактори кои укажуваат на нивната различна употреба, културолошките промени и историските случувања на одредена територија во одреден временски период. Во тие рамки влегуваат одредени традиционални вредности, локални културно-религиски сфаќања, економска моќ и трговски релации.

Предмет на истражување на овој магистерски труд ќе биде трпезната,односно глазираната керамика од локалитетот Скопско Кале во периодот од XII до XIV век. Бидејќи цел на овој труд е глазираната керамика, која се вбројува во групата на трпезната керамика, ова истражување има за цел да даде целосна слика од процесот на изработка преку сите етапи до добивање на готов производ. Тоа ќе овозможи видување на еден дел од културно-економскиот аспект во таа временска рамка.

Употребата на глазирање на различни материјали најрано е забележана на помали предмети во Бадариан културата во Горен Египет, датирани 4000 г.п.н.е. Во Крит и Индија оваа техника се употребува околу 3000 г.п.н.е. Истиот период во

Месопотамија е констатирана оловна глазура врз глинени предмети[1]. Најраните примероци од глазирана садова керамика се најдени во Мала Азија во Тарсус од Iвек п.н.е. Во Италија се јавуваат во I век н.е., додека во Централана и Источна Европа се јавуваат во II и III век н.е. Од IV до VI век н.е. глеѓосаните садови се појавуваат по сите римски провинции[2]. Од VII до IX век со појавуаваат на територија на Блискиот Исток, додека во средниот век во престолнината на Византија глазираната керамика ќе ја доживее својата ренесанса[3]. На територија на Македонија се појавува дури во XII век и тоа преку територијата на денешна Грција и Бугарија.

## 2. Просторни и временски рамки на темата

Проучувањата на керамичкиот материјал, кој е тема на оваа студија, го опфаќа просторот на локалитетот Скопско Кале во рамки на внатрешноста на бедемите. Според резултатите добиени од досегашните ископувања се констатитра дека локалитетот како утврдена населба опстојува уште од предисториските епохи. Најстариот евидентиран културен слој е од периодот на енеолитот со континуитет на живеење и во периодите на бронзеното и железното време. Одредени активности се забележани во периодот на раната антика поточно во IVвек п.н.е. Следните населбински слоеви кои укажуваат на поинтензивни остатоци од живеење започнуваат *некаде кон крајот на X век или во Самоилово време,* од каде започнува напрекинатиот развиток на населбата како вистински средновековен град. Откриениот движен материјал од владеењето на Комнинитениз целиот XII па и XIII век го илустрира Скопје како вистински центар и економско средиште во поширокиот балкански регион. Во XIVвек Скопје потпаѓа под српска власт и станува главна престолнина на српскиот крал Стефан Душан. Понатаму следат бурни историски периоди низ кои Скопско Кале континуирано се провлекува и егзистира до днешен ден.

[1]Ончевска Тодоровска М.,2010,68
[2]Ончевска Тодоровска М.,2004,56
[3]Михајлоска П.,магистерска работа,2000,11

Самиот наслов на оваа магстерска теза ги одредува просторните и временските рамки на темата и го детерминира животот на Скопската тврдина во периодот од XII до XIV век. Широкиот и разнолик спектар на наоди од овој период со акцент на луксузните трпезни садови украсени со сликање, гравирање и глеѓосување претставуваат вистински ремек дела на тогашната византиска керамичка продукција. Од почетокот на XIII век овие импортирани примероци ќе бидат причината за поттикнување и организирање на локално производство на глазирана керамика и на наша територија.

## 3. Историјат на истражување на проблематиката на средновековната глазирана керамика

Керамиката се вбројува во редот на хронолошки осетливи археолошки наоди. Поради нејзиното еволуирање а особено поради примањето на локалните влијанијатааго поттикнала интересот на повеќето истражувачи за нејзина подетална обработка. Научната обработката на глазираната керамика се одвива според различни методи. Сите истражувачи како појдовна карактеристика ја земаат формата на садот а следствено декорацијата, техниката на изведба, аспектот на мотивот, бојата на глина, бојата на глазура и слично.

Со откривањето на најраните наоди од Крим (Јужна Русија), од страна на Бок во првите децении на XX век се направени и првите обиди за калсификација на византиската керамика која се базира на техничките и декоративните елементи.[4] Корекција на класификацијата на Бок ќе направи Штерн, од материјалот од црноморското крајбрежје.[5] Во 1950 година Јакобсон ќе ги калсифицира руските наоди според бојата на глината, технолошко стилските особености на орнаментиката, бојата и карактеристиките на глазурата и според формално типолошкиот метод.[6]

[4]De Bock W., 1897.
[5] Штернъ Е.Р,1906.
[6] Якобсон А., 1950.

Следни се наодите од Спартаод 1910 година обработени од страна на Даукинс и Дроп кои применуваат метод на класификација според декорацијата.[7]Истиот метод го следи и Франц, која материјалот го класифицира во пет групи: мазно глазирани садови, импресо, сликани, зграфито и грубо декорирани садови.[8] Материјалот од Анадолија и дел од цариградската керамика го публикувал Еберслот во каталогот за византиската и анадолската керамика од Цариградскиот Музеј.[9]Во 1928 и 1929 година Д. Т. Рајс го пишува извештајот од цариградските ископувања и со тоа завршуваат првите парцијални обиди за согледување и обработка на византиската керамика.

Валисќе направи ревизија на цариградската керамика и ќе даде една поширока слика на влијанијата од надвор.[10] Вулф во својот каталог од Берлинскиот музеј дава подетална дескрипција на византиската колекција на садови од повеќе области и со тоа Берлинаската колекција претставува најсеопфатна во Западна Европа.[11]

Најкомплетното дело за византиската керамика го објавува Рајс во 1930 година во Оксфорд.[12] Меѓутоа и во оваа студија можат да се забележат некои недостатоци во типологијата на садовите, стилската анализа како и одредувањето на центрите за прозводство на керамиката. Од истиот автор ќе следат дополнителни изданија на истата тема, но врз база на друг материјал.[13]

Во 1933 година Хингопулосго објавува материјалот од Олинт, кој го поделува во четири основни групи кои имаат и подгрупи и вариетети, сите различно нумерирани.[14]

Археолошките ископувања во Коринт понудиле најброен и најразновиден материјал,кој Морган го објавува во неговата монографија во 1942 година.[15] Со овие ископувања се поддржала тезата на Рајс за персисикото влијание врз производството на византиската керамика во периодот од XI – XII век. Надополнување на Морган со нова подоцнежна керамика ќе направи Теодора Мек Кеј многу подоцна во 1967

---

[7]Dawkins R.M. and Droop J.P., 1910,11-23
[8]Frantz A., 1938, сп. Bajalović Hadži-Pešić M..1981,112
[9]Eberslot J.,1901,сп. Ljubinković,1962,166
[10]Wallis H.E.,1907
[11]Wulff O.,1911
[12]Rice D.T.,1930
[13]Rice D.T.,1966
[14]Hyngopulos A.,1933,Chap.VII,286
[15]Morgan Ch.,1942

година.[16] Истражувањата продолжиле по островите Пелагос, Алонисос во Спорадес во Егејското море, каде во 1970 година откриен е карго брод со керамика и брод потонат меѓу Родос и Кастелориѕо во Додеханес. Оваа керамика е наречена „комненска" и ја обработува Крицас.[17]

Кога се зорува за материјалот од цариградските работилници не смее да се изостави Стивенсон, кој го објавува материјалот откриен во Палатата на Византиските цареви.[18] Студија за производите од цариградските работилници од XII и XIII век со специфичен стил, чии производи се среќаваат на различни територии на Византиското Царство, ги објавува Мегав во неговото дело за „ Zeuxippus " садовите.[19]

Поврзаноста на византиската со исламската керамика, со особен акцент на персиската, а подоцна и на турската керамика, ја обработувал Рајс.[20]Глазираната керамика од раниот XIII веkод егејската област, која според начинот на изработка и по мотивите на одредени примероци ја откриваме и на наша територија, ја објавил Мегав во 1979 година.[21]

Во 1987 Француската Археолошка школа ја организира првата специјализирана конференција за Византиска керамика. Во 1999 година во Атина се одржал конгрес, кој и понатаму континуирано се одржува.

Ова беше само еден краток преглед на луѓето што се занимавале со проучување и обработка на византиската глазирана керамика и благодарение на кои денес имаме основа врз која може да ги темелиме понатамошните истражувања.

[16]Mec Kay S.T.,1967
[17]Kritzas Ch.,1971, 176-182
[18]Stivenson R.,1947
[19]Megaw A.,1968, 67-88
[20]Rice D.T.,1966, 194-236
[21]Megaw A.H.S.,1975, 34-45

## 4. Преглед на истраженост на глазираната керамика во Македонија

Кога зборуваме за средновековната глазирана керамика на територија на Македонија се мисли на керамиката која е откриена далечата 1967 година на Скопската тврдина, од страна на Бошко Бабиќ, која претставува воедно и една репрезентативна колекција од повеќе садови откриени на нашата територија во тој период. Бабиќ оваа група на садови ја публикува во Белградското археолошко списание во 1971 година, каде каталошки ги обработува и поделбата ја прави според декоративните мотиви.[22]Помала група на садови, во кои се и прилепските садови, стилски се анализирани од старана на Татиќ – Ѓуриќ.[23]

Проф. д-р Иван Микулчиќ, повеќе пати суштински го решава ова прашање, меѓутоа глазираната керамика во неговите монографии има маргинален карактер.[24]

Постојат уште неколку објавени текстови за откриена глазирана керамика. Звонко Белдедовски објавува фрагмент на глазирана карамика од Штип.[25]Од истражувањата во Мородвиз, Кирил Трајковски добиените разултати ги објавува во Зборник на археолошкиот музеј на Македонија во 1983 година.[26]

Класификација што се базира на формално типолошки метод ја применува Хаџи – Пешиќ врз керамиката од средновековна Србија, во која се вклучени и садовите откриени на македонските локалитети.[27]

Во 1993 година Г. Спасовска – Димитроска, ја објавува керамиката откриена на локалитетот Џума џамија – Кичево.[28]Во 1996 година, објавени се неколку фаргменти од садови од локалитетот Исак Џамија – Битола, од страна на Г. Филиповска – Лазаровска и А. Ѓорѓиевска.[29]

---

[22]Babić B.,1971
[23] Татић – Ђурић М.,1960/61, 27-44
[24] Микулчиќ И., 1982 и 1996
[25] Белдедовски З.,1977, 195-214
[26] Трајковски К.,1983, 133-142
[27]Bajalović Hadži-Pešić M.,1981
[28] Спасовска Димитроска Г., 1993, 261-262
[29] Филиповска – Лазаровска Г. и Ѓорѓиевска А., 1996, 231-240

Тука може да се спомне и Бранислав Ристески, кој ја обработува глазираната керамика во неговиот магистерски труд „Средновековна куќна керамика од Македонија“[30] и неговата докторска дисертација, во која прави типолошка поделба на материјалот.[31]

Во редот на научните трудови се вбројува и магистерскиот труд на Паре Михајлоска со наслов „Глазираната керамика во Македонија во периодот од XII до XIV век“, во која прави класификација на материјалот што ги дефинира видовите на садови и нивните типови, стилска анализа на декоративните техники, мотиви и периодизација на развојот на глазираната керамика во Македонија.[32]

Ова е еден краток преглед од кој може да констатираме дека глазираната керамика во Македонија е бројно застапена на средновековните локалитети, но малку обработувана и публикувана. Со овој магистерски труд се надевам дека ќе поттикнам и начнам интерес за понатамошна посериозна обработка на овој вид на керамика.

---

[30] Ристески Б., 1997
[31] Ристески Б., 2006
[32] Михајлоска П., 2000

## 5. Методолошки пристап

Оваа студија претставува обработка на глазираната керамика од XII до XIV век, откриена во текот на систематските истражувања на локалитетот Скопско Кале, почнувајќи од 2007 до 2012 година. Материјалот досега во јаноста е презентиран само преку годишните изложби, така што оваа теза претставува прва научна обаработка и каталошка презентација на керамика од наведениот временски период. Затоа сакам да изразам голема благодарност до Проф. д-р Драги Митревски што ми овозможи да го обработам и објавам овој материјал, а воедно да се заблагодарам и на мојата менторка Проф. д-р Елица Манева за неизмерно дадената подршка и стручно мислење при изработката на овој труд.

Целта на овој магистерски труд е да даде целосна слика на материјалот од Скопската тврдина, во периодот од династијата на Комнините до династијата на Палеолозите, со посебен акцент на локалното производство. Магистерската теза содржински е поделена на пет главни поглавја и подточки а анализата на материјалот е направена според метод по пат на аналогија.

Првото поглавје има за цел да даде кои се предметот и целите на истражувањето, поставена во просторната рамка на локалитетот Скопско Кале во временскиот период од XII до XIV век. Понатаму преку историјатот на истраженоста на глазираната керамика во поишроки рамки и на територија на Македонија да се даде една општа слика за научно истражувачката дејност со оваа проблематика.

Второто поглавје е посветено на самиот локалитет. Еден краток опис на географската местоположбата на локалитетот гледано од денешен аспект, комуникацијата со соседните градови, како и патната инфраструктура во периодот во кој егзиститал. Следната точка има за цел да ги претстави воено- политичките прилики на градот, преку краток историски преглед, со одбрани позначајни датуми и настани. Преку историскиот преглед може да се согледа значајната положба на Скопје како административен центар на поширокит дел од Балканот, потоа функцијата на градот во периодот од Српското владеење и прогласувањето како царска престолнина во Душаново време. Третата точка се однесува на историјатот на археолошки ископувања вршени на самиот локалитет.

Третото поглавје е наменето за технологијата на изработката на глазираната керамика, поделено на уште три точки: обработка на површината, декоративни техники и печење. Обработката на површината има за цел да го дефинира технолошкиот процес од добивање на суровина, оформување, обработка на површината и печење. Поточно технолошкиот процес низ кој што поминува керамичкиот сад пред да стане финален глазиран производ. Добивањето на суровина и оформувањето се вообичаени процеси за целокупното керамичко производство, додека последните две етапи се оние кои ги одредуваат спецификите на одреден вид на керамика, во случајов глазираната керамика. Во делот на декоративните техники се опфатени сите техники кои се применуваат при декорирањето на садовите во визнтиската керамика. Глазирањето кое се употребува како декоративна техника застапено е на два начини, монохромо и полихромно. Потоа декоративната техника на мраморирање и печатење, па техниките на гребење кои се поделени на ран или тенок зграфито, доцен или медитеран зграфито и техниката на шамплеве. Потоа следува техниката на сликање и декорирањето со вметнување на пластичи апликации. Сите декоративни техники детално се разгледани и проследени со нивната појава и времскиот период на користење и ќе послужат како појдовна точка за поточно датирање и селектирање на овој материјал. Во делот посветен на печењето направена е генерална поделба на печките во три групи со нивните варијации. Поделбата е направена според печки откриени на територија на Македонија и откриени печки во соседна Србија и Бугарија. Детално е разгледан целокупниот процес на печење, од одржување на температурата до добивање на готов производ, наменет за користење на трпезите. Неизоставен дел на печките се триподите.Доловена е нивната функција и *причината за нивната појава. Најпрвин во големите керамичарски центри а преку кои е* проследена и на нашата територија. Со откривањето на фрагменти и целосно сочувани садови, наметнато е прашањето дали постои и каде е просторот во кој е сместена печката на овој локалитет, што гледано според економско - политичката состојба на градот, не би требало да ја нема.

Четвртото поглавје е посветено на типологијата и калсификацијата на материјалот. Типолошката анализа на материјалот е направена според формално типолошки метод, со што е направена генерална поделба на материјалот на отворени и затворени садови. Во однос на сочуваноста, материјалот е поделен на целосно сочувани садови и фрагменти. Целосно сочуваните садови типолошки се подредени на

плитки чинии и длабоки паници, со сите типови и варијанти. Фрагментите се поделени на фрагменти кои не може да се одредат и фрагменти кои може да се одредат на кој дел од садот припаѓаат и тоа најчесто се горен дел од садот (устинка) и долен дел од садот (дно).

Декоративните мотиви претставуваат уште еден дел од применетата Византиска уметност, преку кои креацијата и слободната волја на творецот доаѓаат до израз. Декоративните мотиви се доживуваат како уметничко дело, на почетокот изработувано според барањата на високите кругови на општеството, за подоцна да станат достапни и за секојдневна употреба на обичниот граѓанин. За разлика од кујнската керамика, чии облици и орнаментика живеат долго и во неизменет облик, глазираната керамика доживува полн развој и ликовно обликување. Употребата на новите мотиви на трпезните и култните садови претставувале комбинација на креативност и имагинација, преточени во една оригинална целина, чиј краен резултат бил создавање на специфичен приозвод. Иако производите се слични едни на други, секоја област си носи засебни специфики според кои може да се следи хронлошкиот развој на секој мотив. Често пати тие се појдовна точка за калсификација и база за поставување на аналогии со други локалитети. Декоративните мотиви со нивните стилизации генерално се поделени во четири групи: *геометриски, вегетабилни, зооморфни и антропоморфни мотиви.* Од сите детално разгледани и анализирани, може да се утврди појавата на локалното производство и влијанијата под кои се творело.

Декоративните мотиви на керамичките садови распоредувани се на повеќе начини и сите се во функција на композицијата. Композициската изведба на мотивите ја диктира пред се формата на садот, што понекогаш претставува ограничувачки фактор при уметничкото изразување на декоратерот. Како најприменувани концепциски решенија се издвојуваат *хоризонталниот и вертикалниот принцип*, но не треба да се заборави и т.н. *слободен стил.*

Последното поглавје се одвесува на стилските особености и разликите помеѓу византиското и локалното производство, кое би требало подетално да ги разграничи разликите и сличностите на двата видови на призводство. Сето тоа проследено со производството во соседните земји и поголемите центри, под чии влијанија се изразувале локалните мајстори декоратери.

И на самиот крај е оставен простор за заклучни согледувања, резимирање на вкупниот труд, кои ќе резултираат со периодизација на развојот на глазираната керамика на Скопско Кале паралелно со византиската.

Во материјалот добиен со последните истражувањата на Скопско Кале вклучен е и материјалот од ископувањата изведени во 1967 година,под раководство на Бошко Бабиќ, со цел да се направи една заокружена целина и слика на досегашните истражувања на просторот на локалитетот во рамки на внатрешната територија на бедемите.Каталогот изработен за средновековната керамика од локалитетот Скопско Кале во кој се обработени 156 каталошки единици има за цел да го илустрира материјалот поделен според декоративните техники и според декоратините мотиви.

# II. Скопско Кале

## 1. Местоположба и комуникации

Локалитетот Скопско Кале е лоциран во центарот на денешниот град Скопје, на 45 м. висока тераса во форма на триаголник на левиот брег на реката Вардар. Скопскиот микрорегион претставува затворена геоморфолошка целина. Околу целата котлина стои висок обрач од планински венци со исклучок на североисточната страна. Оваа линија е воедно и демографска, административно-политичка и стопанска граница на Скопската област.[33] Таа е ограничена со планините Јакупица, Водно, Скопска Црна Гора и Жеден, потоа со клисурите Дервенска или Жеденска, Таорска, Качаничка и со неколку ниски превои према Полог, Кумановско Поле и Овче Поле. Рељефот на Скопската Котлина е доста интересен. Станува збор за котлина со алувијално просторно рамниште, каде од морфолошките облици во неа се истакнува неогеното возвишение Кале на кое се наоѓа и самиот археолошки локалитет Скопско Кале. Скопската котлина се одликува со мошне интересна клима, односно со различни вредности на метеоролошките појави. Се чувствуваат влијанијата на медитеранската и континенталната клима, односно се вкрстуваат елементите на споменатите два типа на клими. Во овој регион се чувствуваат крајните влијанија на субмедитеранската клима, но сепак послаби се влиајнијата на умерено-континенталната клима.[34]Низ Скопската котлина тече реката Вардар во која се вливаат Треска, Лепенец, Маркова Река, Кадина Река а во Таорската Клисура и реката Пчиња. Коритата на реките Вардар, Лепенец и Пчиња се од големо значење за Скопската Котлина бидејќи влегуваат од надвор а истовремено имаат длабоко всечени палнински клисури низ кои поминувале патиштата во различни временски периоди, не исклучувајќи ги и денешните, но претставуваат и природни коридори преку кои можел да се конторлира целиот овој регион.

Скопје со својата околина зазема централна положба во рамките на Среден Балкан, како средиште меѓу вардарскиот и моравскиот потег, како крстосница на

[33]Микулчиќ И., 1982, 15
[34]д-р Панов М., 1976, 124

големи патишта од север кон југ и од запад кон исток. Претставува како врска меѓу западномакедонските котлини од една страна и источномакедонските котлини од друга страна. Од оваа негова централна поставеност произлегува и геополитичкото значање на Скопската Котлина а се одразува и врз политичката и културната историја на овој крај.

За да ја разбереме подобро општата историја на овој крај, мора прво да го разбереме значењето на патната мрежа и врските и контактите со околните области. По големите патишта доаѓале материјалните и културните импулси од поразвиените средини, нови идеи, но и освојувачи со насилства и со нови населувања. Еден од најзначајните е патот север-југ што доаѓа од средно Подунавје, а водел на југ до Солун, поточно многу подалеку низ копнена Грција. Овој пат претставува една од главните артерии, врската меѓу Средна Европа и егејскиот свет. Пат по кој се одвивале главните етнички миграциони движења и воени походи и во двете насоки, како во праисторијата така и денес.[35] Друга значајна траса е таа што водела на исток-североисток преку денешните Куманово и Крива Паланка кон Ќустендил и Софија. Таму се поврзувала со големиот источен „војнички" пат за Цариград. Значен е и патот од Скопје на запад преку Полог и Шар Планина кој избивал на денешните Призрен и Скадар понатаму поврзувајќи се со јадранската магистрала. Друг пат водел по долината на Радика и Црни Дрим кон Охридскиот брег. Таму се поврзувал со патот Јадран-Солун, пат во римско време познат како Via Egnatia. Од внатрешните врски треба да се спомене патот од Скопје кон југ кој одел по текот на реката Треска кој стигнувал до денешен Македонски Брод каде што се делел во два правци: еден кој водел кон Прилеп и Битола, а другиот кон Кичево и Охрид. Друга внатрешна комуникација се одвивала на исток кон Овче Поле и басенот на Средна и Горна Брегалница и лакавичко-струмичкиот потег. Скопскиот регион живеел меѓу сите овие влијанија, освојувања, мигрирања и колонизирања, бележејќи една бурна историја и создавајќи една сложена физиономија.[36]

[35] Микулчиќ И., 1982, 13
[36] Ibid, 14

## 2. Историско – политички прилики на градот во текот на средниот век

Градот Скопје кој во почетокот на XI век како политичконо и како епископско седиште, имал значајно место во одбраната на Македонското Царство од зачестените византиски нападисе до пролетта 1018 година, кога дефинитивно била воспоставена византиската власт. Со потпаѓањето на Македонското Царство под византиска власт градот прераснал во византиски административен центар, седиште на темата „Бугарија“.[37]Географската положба со изборот на Скопје за седиште на новоформираната тема на Балканот била поволна бидејќи катепанот, а подоцна и дуксот, од оваа позиција можел да интервенира во секој дел од Балканот каде што биле загрозени позициите на Царството. Меѓудругото за тоа била заслужна и инзвонредната комуникациска поврзаност на Скопје во сите правци.Во текот на целиот XI век градот имал особено стратегиско значење во одбраната на византиските поседи на Балканскиот Полуостров од нападите кои доаѓале од север. Тогаш биле повторно обновени и зајакните бедемите на градот, со што Скопје доживеал вистински политички и културен подем. Тоа го потврдуваат и материјалните остатоци откриени при археолошките рекогносцирања, особено со археолошките ископувања. Високиот подем на градот Скопје во времето кога бил центар на тема значел и подем и на неколку Скопски населби, кои подоцна имале и градски карактер. Тоа се утврдувањата на населбата Водно кај локалитетот Марково Крувче – Маркови Кули и резиденцијалните градби на локалитетот Давина кај с. Чучер. На споменатите локалитети, покрај утврдувањата и монументалните градби се присутни керамика со висок квалитет како и други материјални наоди што го потврдуваат високиот подем на Скопје како седиште на тема што придонесува за подемот и на другите околни населби.[38]

Скопје и скопската област имале значајно место и во времето на востанијата на Петар Делјан и на Ѓорѓи Војтех, како центри од каде започнале или се засилиле

---

[37]БошкоскиМ.,2009,127, која ги опфаќала централните делови на поранешното Македонско Царство, делови од денешна Србија, Бугарија, јужно од планината Балкан, денешна Македонија со делови од денешна Грција. За катепан на “Бугарија” бил назначен патрицијот Давид Аријанит.

[38] Микулчиќ И., 1982, 127, 131-132,135

востаничките движења. И двете востанија покрај социјален и антифеудален имале и ослободителен карактер.

Во текот на летото 1040 година во пограничните области со Унгарското кралство, околу Белград и по долината на реката Морава, избувнало востание кое набрзо се проширило на југ кон Ниш и Скопје. Предводник на востанието бил Петар Делјан кој уште во почетокот на востанието во Белград бил прогласен за „цар на Бугарија", па така востаниците движејќи се кон Ниш и Скопје го славеле и го поздравувале како цар. Востаничката војска без никаков отпор пристигнала во Скопје каде била дочекана со големо воодушевување, а истовремено предизвикала и големо востаничко расположение во Македонија.[39] Петар Делјан од Скопје се упатил кон југ и ги освоил градовите Драч, Василида и Теба, населбите на темата Никопол со исклучок на Навпакт. Понатаму востаниците се упатиле кон Солун каде пред градот претрпуваат пораз и кон крајот на есента 1041 година Петар Делјан бил заробен, така што востанието претрпува неуспех.

Во 1072 година градот е центар на востанието на скопскиот првенец Ѓорѓи Војтех. Востаниците се побуниле и го напуштиле градот Скопје и се упатиле кон Призрен, од каде упатиле молба до Зетскиот крал Михаил да им помогне со нив да се здружи и да им го даде својот син да го прогласат за свој цар и така да се ослободат од власта на Ромеите. На Зетскиот крал му одговарал повикот на востаниците во неговите настојувања да ги прошири гарниците на својата држава. Па така веднаш се одзвал на повикот на востаниците и им го испратил принцот Бодин со 300 војници, кој востаниците со воодушевување го пречекале и веднаш го прогласиле за свој цар. По крвавата битка кај Призрен востаниците ја поразиле војската на Ромеите и без поголеми потешкотии успеале да го освојат и градот Скопје. Во Скопје било извршено свечено прогласување на Константин Бодин за цар и бил преименуван во Петар, најверојатно во чест на Петар Делјан. Во Скопје царот Бодин како водач на востаниците, својата војска ја разделил на два дела. Едната се упатила на север кон Ниш, а другата на југ кон Костур. Кон крајот на 1072 година пред Скопје стигнале нови византиски сили под команда на војсководецот Михаил Саронит. Бодин се упатил кон Ниш а управувањето на градот Скопје му го доверил на Ѓорѓи Војтех. Бидејќи немал доволно воени сили да и се спротивстави на византиската војска, Ѓорѓи Војтех

[39] Бошкоски М., 2009, 135

прифатил да се предаде и да им го отстапи градот на Византијците. По влегувањето во Скопје, Саронит се подготвувал да се пресмета со востаничката војска предводена од Бодин. Битката се случила кон крајот на есента или почетокот на зимата во месец декември 1072 година, во кој учествувал и Ѓорѓи Војтех. Востаниците биле поразени а Бодин и Војтех биле заробени и одведени во византиската престолнина. Од што може да се заклучи дека востанието набргу целосно било задушено.[40]

Кон крајот на истиот век, поточно во 1079 година, градот и областа краткотрајно биле нападнати од страна на Печенезите. Во почетокот на последната деценија на XI век за византиските поседи на Балканот, Македонија и за градот Скопје се појавила опасност од Норманите од Јужна Италија. На 18 декември 1081 година византиската војска предводена од царот Алексиј I Комнин пред Драч претрпела пораз, со што им било овозможено на Норманите до почетокот на 1083 година да ја освојат скоро цела Македонија, западно од реката Вардар. Така норманските одреди, под водство на Пунтесиј, го заземаат Скопје и под нивна власт е до 1084 година, кога тие ги напуштиле и другите македонски области западно од реката Вардар.[41]

Во 1097 година градот е освоен од херцегот Боемунд Торентски. Од изворите дознаваме дека нешто пред тоа, во 1093 година, додека рашкиот жупан Вукан ја пустошел околината на Скопје, царот Алексиј I Комнин (1081-1118)веројатно престојувал во Скопје од каде ја следел и борбата.[42]Речиси низ целиот XII век Скопје нема некое значајно место во византиските настани и градот живее еден мирен провинциски живот, кој ќе му овозможи стабилен економски и културен развој со што незаостанува зад другите византиски градови. Поранешната тема територијално се намалила, го изгубила своето првобитно име и од XII век прераснала во тема Скопје на чело со дукс, под чија надлежност покрај градот била и неговата поширока околина.Арапскиот патописец Идризи кој околу 1153 година ги посетил овие краишта, во своето дело „Географија", за градот Скопје и за неговата околина пишува: „Ускуфија е голем град со непрегледни пространства на обработени полиња, со изобиле на лозја и зрнести култури".[43] Скопје споменат е и во гармотата на византискиот цар Алексиј III Ангел (1195-1203) од 1198 година, каде малата тема

[40] Бошкоски М.,2009, 139-141
[41]Ibid, 135
[42]ОстрогорскиГ. 1992, 433, во три наврати 1091,1093,1094 год, царот Алексиј лично ги водел походите против немирните Срби

[43] Томоски Т., Скопје од XI до XIV век, 58

економски силна кон која припаѓал и Коритос (Корита) и била доделена на Венеција. Со трговските привилегии во Византиското ЦарствоВенецијанците имале право да тргуваат и во „Prouincia Scopie cum episcepsi Coriton“.[44] Нема сомнение дека Скопје веќе станало позначајно трговско средиште во внатрешноста на Среден Балкан.

Од политичките настани поврзани со Скопје, за одбележување е и нападот на великиот жупан Стефан Немања на Скопје и скопската област во 1189 година. Немања ја опустошил северна Македонија и Скопје и тие области ги приклучил кон својата држава, но не за долго. Штом византискиот цар Исак II Ангел (1185-1195) се ослободил од германските крстоносци, тој се упатил во поход против Бугарите и Србите. Во доцната есен 1190 или 1191 година пристигнува во Скопје, попатно пресметувајќи се и со Добромир Хрс кого го заробил. Но Скопје и понатаму останува во составот на српската држава на чело со наследникот на Немања неговиот син, великиот жупан Стефан Првовенчани (1196-1217). Се претпоставува дека овие области ги добил како мираз за женидбата на Стефан Немањиќ со Евдокија, ќерката на идниот византиски цар Алексиј III Ангел, околу 1196 година. Од 1201 до 1203 година, Византија, кратко време повторно ја воспоставила својата власт во Скопје и скопската област, како и другите делови на северна Македонија.

Во текот на XIII век Византиската Империја била ослабена, со што градот и областа во 1203 година потпаднале под бугарска доминација. Издигнувањето на Алексиј IV за византиски цар, му дало повод на бугарскиот цар Јован Калојан (1197-1207) да започне освојувачки поход на византиските територии на Балканот. Без никаков отпор ги освоил византиските поседи на запад од Софија се до Тесалија со градовите: Призрен, Скопје, Охрид и Бер. Скопје и околината останале во составот на Бугарското царство се до 1207 година. По смртта на царот Калојан, Стрез се отцепил од Бугарското Царство и со помош на српскиот велики жупанСтефан Немањиќ формирал независно господство со центар во Просек. Градот Скопје и неговата околина до 1214 година биле под власта на овој незавсен македонски господар. По убиството на Стрез во 1214 година градот краткотрајно потпаднал под српска власт. Меѓутоа со засилената доминација на Епирското Деспотство, а од 1225 година и Царство, градот Скопје од 1218 до 1230 година е под епирска власт на чело со Теодор I Ангел (1215-1224). Во 1230 година, по битката кај Клокотница, градот потпаѓа под

---

[44]Бошкоски М., 2009, 152

бугарска превласт и останале така се до 1246 година. По смртта на бугарскиот цар Иван Асен II (1218-1241)Скопје како и поголем дел од Македонија ја признавале власта на никејскиот цар Јован III Дука Ватац (1222-1254). Во 1258-1259 година краткотрајно била воспоставена бугарска и српска власт, а потоа повторно никејска власт. Со обновата на Византиската Империја во 1261 година во Скопје се зацврстила византиската власт, со што следувал мирен период од дваесетина години.

Во последните години од XIII век дошло до експанзија на Српското Кралство во северните области на Македонија. Во 1282 година Србите го освоиле Скопје, кој како град со силни византиски културно-цивилизациски традиции станал омилена престолнина и најзначаен политички центар на Српското Кралство на чело со Стефан Урош II Милутин (1282-1321). Српскиот крал Милутин во Скопје извршил значителни градежни активности меѓу кои од особено значење е градењето на кралскиот дворец, каде што Милутин и другите српски кралеви ги извршувале своите државнички должности.[45] Археолошките ископувања на Скопско Кале укажуваат на тоа дека Скопје во втората половина на XIII век, а особено во време на владеењето на кралот Милутин, прераснал во голем утврден град со аркропола и подградие. Тоа го потврдуваат како карктеристиките на утврдувањето, откриените црковни објекти така и материјалните остатоци. Теодор Метохит во дипломатскиот извештај за преговорите со Милутин во 1299 година за Скопје вели дека било градче „τό ἄστυ“ кое имало градски началник и управник на областа, притоа споменува раскошен дворец на српскиот крал каде што ја примал византиската делегација како и простории за престој на странски делегации.[46]

Во третата деценија од XIV век Скопје, во времето на граѓанската војна, станал место каде што се засолнил деспотот на Солун Јован Палеолог со сопругата, чија ќерка била жена српскиот крал Стефан III Дечански(1321-1331). По неговата смрт во ноември 1331 година на чело на српскиот престол застанал младиот и амбициозен Стефан Урош IV Душан (1331-1355). Улогата на Скопје како српска престолнина во времето на Душан се зголемува постепено. Оттука започнувале најголемиот број воени походи против Византија, а тука се одвивале најважните политички и црковни настани за Српското Кралство. Кон крајот на 1333 година во Скопје пристигнал византискиот велик дукс Сиргијан и со негова подршка во 1334 година кралот Душан презел поход

---

[45]Бошкоски М.,2009,202-203.
[46]Споменици на Македонија I,261-267.

против Византија. Без поголеми тешкотии брзо ги освоил византиските градови во Македонија, што му овозможило да размислува и за напад на Солун. На 26 август 1334 година бил склучен мир меѓу српскиот крал Стефан Душан и византискиот цар Андроник III Палеолог(1328-1341). Овој мировен договор овозможил балгопријатни услови за мирно живеење а влијаел и врз зајакнувањето на угледот на Српското Кралство и кралската престолнина. Од овие причини во 1339 година градот Скопје како српска престолнина за прв пат е претставен на картата на Анжелико Дулцерт. На неговата поморска карта, со црвени букви на латиница било испишано името на Скопје (Scopi). Над натписот била претставена тврдината на градот со четири кули, а на врвот на една од кулите се издигнувало копје со знаме, на чија златножолта подлога бил претставен двоглав орел со раширени крилја. На врвот на копјето имало круг во кој се наоѓал крст, а над знамето стоел натпис Seruia.[47]

Скопје и областа во времето на кралот Душан го задржале водечкото место во Кралството и во негово време добиле имоти неколкумина дојдени феудалци меѓу кои и Волкашин, кој ги добил областите северозападно од Скопје, а подоцна се проширил кон Велес и Прилеп. Во четириесетите години на XIV век во Скопје престојувал и великиот доместик Јован Кантакузин, кој барал помош од српскиот крал Стефан Душан за освојување на Византиската круна. На 16 април 1346 гонина на Велигден во црквата Света Богородица Троеручица, српскиот крал Стефан Душан со благослов од новиот српски патријарх Јоаникиј во присуство на охридскиот архиепископ Никола и трновскиот патријарх Симеон, бил крунисан за Српски цар. Скопје станало и царска престолнина, додека Скопската епископија била прогласена за митрополија и првопрестолна Архиепископија. По прогласувањето на Душан за цар, Србија за царство, српскиот цар според византискиот обичај својот син Урош го избрал за наследник и совладетел, доделувајќи му ја кралската титула. Целата држава ја поделил на два дела, кралство и царство. Кралството ги опфаќало српските земји северно од Скопје, додека областите јужно од Скопје со престолнината влегувале во надлежност на царството, односно на царот.Неколку години по крунисувањето Стефан Душан формирал државна комисија која започнала да работи на подготвување на законодавен акт со кој се регулирале односите на новоосвоените византиски територии. Па така на 21 мај Спасовден 1349 година во Скопје бил одржан Државен собор на кој покрај

[47] Бошкоски М., 2009, 213

српскиот цар Душан, присуствувале и српскиот патријарх и охридскиот архиепископ, бил донесен Законикот на Стефан Душан.

Во 1355 година по смртта на царот Душан, на престолот седнува неговиот наследник Стефан Урош V (1355-1371). Слабата централна власт, за време на неговото владеење, се одликувала со голема самостојност на српската аристократија. Волкашин ја искористил оваа ситуација и во 1365 година со согласност на Стефан Урош и со согласност на неговата мајка царицата Елена, Волкашин бил крунисан и прогласен за крал, со што станал негов совладател. Во многу наврати го нарушувал совладетелскиот однос. Успевајќи доволно да ја зајкне својата моќ и да ги прошири своите територии во 1369 година кралот Волкашин истапува како независен владетел кој кон крајот на истата година го прогласува својот најстар син Марко за престолонаследник и го крунисува како млад крал и формално и правно. Покрај постојаната српска династија, Волкашин ја прогласил новата и независна владетелска династија во Македонија со престолнина во Прилеп.[48]И понатаму продолжил да истапува самостојно и да се пресметува со своите противници со што ја зајкнувал моќта на независната династија. Така во летото 1371 година од Призрен пристигнал во Скадар со намера да го нападне жупанот на Хум. Но до напад не дошло поради повикот на Јован Углеша за одбрана на Серската област од престојниот напад на Турците. Волкашин со поголем дел од војската, оттаму преку Скопје се упатил на помош на својот брат Углеша. На 26 септември 1371 година, во битката на реката Марица кај Черномен, војската на кралот Волкашин и деспотот Углеша била поразена, со што и двајвата браќа загинале.

По смртта на кралот Волкашин, на престолот на династијата Волкашин, седнал кралот Марко(1371-1395), кој за време на владеењето на наговиот татко, како совладетел, ја иамал титулата млад крал. Тој најнапред бил прогласен а потоа и свечено рунисан за крал. Градот Скопје и скопската област во септември1371 година влегле целосно во независната држава на кралот Марко, но постепено некои делови на областа и градот паднале под власта на други господари. Така од 1377 година Скопје и дел од северозападниот дел од областа паднале под власта на Вук Бранковиќ. Со преостанатиот дел од скопската област, на запад по долината на реката Треска, управувал Андријаш братот на Марко, а областите југозападно од Скопје, десно од реката Вардар и долината на Маркова Река и натаму останале под директна управа на

[48] Бошкоски М., 2009, 251

кралот Марко. Кралот Марко мирот со Турците го одржувал со постојано давање подароци, додека со своите соседи го одржувал со вешти дипломатски потези. Меѓутоа распаѓањето на неговата држава продолжила и понатаму и околу 1385 година државата на Марко била сведена на релативно мала област која се простирала во Пелагониската Рамнина со престолнина во Прилеп. Во 1386/87 година кралот Марко станува турски вазал и на 17 мај 1395 година загинува во крвавата битка на Ровине, каде се борел на страната на Турците против војската на влашкиот војвода Мирче и унгарскиот крал Сигизмунд (1387-1437).

За потпаѓањето на Скопје и скопската област под османлиска власт не е прецизно потврдено. Од изворите нема податоци како бил освоен градот, ниту се споменуваат борби при освојувањето на Скопје, што се претпоставува дека градот бил завземен без организиран отпор. Со археолошките ископувања се потврди дека дел од градот и градските бедеми биле разрушени и по тие настани Скопско Кале добива нов карактер и служи како воена касарна. По Косовската битка во 1398 година се појавила опасност за Скопје од Османлиите, така што веќе во следната година скопската област била изложена на пустошења и грабежи од страна на османлиските коњички одреди – акинции.[49] Според османлиските хроники, во 1390 или 1391 година, градот Скопје бил завземен од Османлиите на чело со пашата Јигит-беј и веднаш била воспоставена османлиската власт. Границите на Османлиската империја набргу се поместила далеку на север и Скопската тврдина го губи военото и стратешко значење. Први турски владетели биле Бајазит I(1389-1402) и Мехмед II (1444-1481) потврдено со нумизматичкиот материјал. Истиот тој материјал, потврдува дека следните векови од турската доминација Скопската тврдина немала некое поизразено економско, трговско и комерцијално значење.

[49] Бошкоски М., 2009, 282

## 3. Историјат на археолошките ископувања на локалитетот Скопско Кале

После бурните периоди на среновековниот период, како што видовме во повеќе наврати, животот на Скопко Кале не престанува тука. По освојувањето на Скопје од страна на Турците, Калето ја губи својата претходна воено-политичка моќ, добива нов карактер и служи како воена касарна. И по освојувањето на градот од страна на австријската војска, под водство на Пиколомини, тврдината ја задржува истата функција. На крајот од I Светска војна на Калето бил сместен штабот на австријската војска а за време на Југославија, во периодот од 1921-30 година, биле изградени десетина масивни воени објекти, генералштаб, касарни, магацини и др. Во 1951 година, во период од еден месец биле извдени првите археолошки ископувања на Скопската тврдина под раководство на д-р М.Грбиќ. Со овие ископувања се констатирани праисториските слоеви на Кале, но за жал небиле достапни за посета поради присуството на војската на тој простор. Војската ја напушта тврдината истата година, па така дел од објектите се срушени а во двата најголеми се сместиле Археолошкиот и Историскиот музеј.

Во месец март 1953 година биле изведени археолошки истражувања со кои се продолжило со истражување на праисториските слоеви на Кале. Археолошките истражувања биле реализирани со заедничка соработка Археолошкиот музеј и Народниот музеј на град Скопје. Раководител на проектот бил Димче Коцо.[50]

Со земјотресот во 1963 година разурнати се поголем дел од градбите на Кале и дел од обѕидието. Па така во1967 година под раководство на Бошко Бабиќ, биле извршени обемни археолошки истражувања. Главната цел била да се истражи обѕдието со неговите бројни фази, како и градбите од внатрешната страна на обѕидието.[51]Во оваа истражувачка кампања истражена е и кружната североисточна кула бр.5. Нејзината внатрешност била исполнета со насип од земја и шут.Со ископувањата

[50]Гоцкова П., Скопје 1955, Скопска тврдина Кале, 3, ископувањата ги вршеле Борка Јосифовска, кустос на класичниот оддел и Блага Алексова, кустос на средновековниот оддел во Археолошкиот музеј и П.Гоцкова-Славска, кустос во Народниот музеј на град Скопје

[51]Микулчиќ И.,1996, 298

утврдено е дека целината на кулата се состоела од внатрешен простор поделен на подрум, спрат и преддворје и дека е подигната врз остатоци од постара кула. На ѕидовите на нејзината внатрешност откиени се фреско декорации со сцени од Свети Воини, со што се претпоставува дека е подигната во XI век. Врз фреските со грчко византиски натписи биле врежани старословенски имиња, веројатно во XIII век.Овие факти го навеле на мислање Б.Бабиќ дека североисточната кула претставува службен стан на заповедникот на градот. Во насипот на визбата во внатрешноста на кулата откриени се триесетина луксузни глазирани садови датирани од крајот на XII век, кои најверојатно биле оштетени во некоја катастрофа на преминот од XII во XIII век.

Во 2007 година во реализација на Музејот на Град Скопје во соработка со Филозофскиот факултет Скопје,опочна голем проект за истражување, конзервација и ревитализација на Скопската Тврдина под раководство на проф. д-р Драги Митревски. Големата истражувачка кампања продолжи и во наредниот период. Во 2009 и 2010 година истражувањата продолжија со тој интензитет, додека 2011 и 2012 година се одвиваа во помали размери. Истражен е речиси целиот простор во внатрешниот дел од тврдината. Според добиените резултати може да се каже дека се работи за многу комплексен археолошки локалитет со сложена стратиграфија главно од населбински карактер. Севкупно гледано според архитектонските белези и културните манифестации на Скопско Кале се издвојуваат 3 населби од праисториското живеење (енеолитска, бронзенодобска и железнодобска) и низ средновековието и османлискиот период 3 последователни населби, првата од X – XIII/XIV век, втората XIV – XVII век и третата од XVIII – XIX век.[52]

[52] Митревски Д.,2015, 23-24

# III. Технологија на изработка на глазираната керамика

Керамичката продукција на средновековната керамика, а особено глазираната керамика подразбира технолошки процес кој што е поделен во четири етапи: добивање на суровина, оформување, обработка на површината и печење. Добивањето на суровина и оформувањето се вообичаени процеси за целокупното керамичко производство, додека последните две етапи се оние кои ги одредуваат спецификите на одреден вид на керамика, во случајов глазираната керамика.

## 1. Обработка на површината

Процесот на обработка на површината започнува со нанесувањето на ангобата врз претходно оформен сад, кој веднаш по сушењето или се премачкува или се потопува во ангобата. *Ангобата* претставува течна смеса од многу прочистена глина разредена со вода и како тенка скрама се нанесува врз површината на садоти притоа служи како подлога при процесот на глазирање, а во одредени случаи се користи и како боја за неглазираните садови.[53] Бојата на ангобата е последица на минеролошкиот состав на глината и може да биде бела, розеникава или со жолтеникава нијанса што е резултат на железните оксиди. Функцијата на ангобата е неколкукратна, пред се технолошка. Во процесот на печење глината испушта течност и со тоа се предизвикува собирање на садот. Сличен процес се случува и со глазурата меѓутоа со различен коефициент на собирање што предизвикува деформаци во печењето. За да се постигне компакност на садот мора да се нанесе ангобата. При нанесувањето потребно е да се одреди моментот кога треба да се пристапи кон ангобирање, поточно ангобата секогаш се нанесува на полусуви садови за да се избегне деформацијата.[54]

[53]Libser I. i Vilert F.,1989, 142.
[54]Ibidem.

Ангобата освен во технолошкиот процес, има особено битна улога и во декоративниот процес на садот. Претставува неопходна подлога врз која се нанесува декорацијата, која во зависност од техниката може да врежува или да се користи како подлога за сликање. Потоа се нанесува глазурата и садот повторно се пече. Често се случува ангобата да ја прими бојата на глазурата, а тоа е индикатор за воспоставувањето на контрола во постепеното загревање и одржување на константно висока температура при процесот на печење.[55]Постојат примероци на садови кои се прелиени само со ангоба без дополнително глазирање што најверојатно претставуваат полуфинален производ кој не стигнал до последната фаза.[56]

Ангобата најчесто се нанесува врз внатрешните ѕидови и некаде до средина или поцелата површина на надворешните ѕидови на садот. Нивото до кое што е нанесена врз надворешните ѕидови може да биде хронолошки индикатор или да упатува на точно територијално потекло на садот. Според Морган кога ангобата не ја преминува средината од надворешните ѕидови на садот се работи за медитеран декоративна техника која се датира во средината на XII век.[57]Како хронолошка детерминанта се зема во предвид и дебелината на слојот на нанесената ангоба, поточно тоа зависи од техниката со која ќе биде изведена декорацијата. Начинот на кој се изведува медитеран зграфито техниката, укажува на потребата од подебело нанесен слој на ангоба, бидејќи начинот на изведба е со отстранување на пошироки и подлабоки линии.[58]

Веќе споменав дека ангобата претставуава подлога за изведување на декоратините техники, тие можат да се поделат во неколку групи,техники на гребење: зграфито и шамплеве, сликањето како посебна техника, мраморирање, печатење и декорирање со нанесување на пластични апликации. Откако саканиот мотив ќе биде изведен во некоја од овие декоративни техники, следен чекор е глазирањето. Глазирањето само по себе може да биде издвоено како декоративна техника, со два начини на изведување монохромно и полихромно. Во зависност од тоа која техника на декорирање во комбинација со техника на глазура е искористена, може да помогне во потесна класификација на садот во одреден временски период.

---

[55]Morgan Ch.,1942, 21-22
[56]Papanikola-Bakirdzi D.,1987,202
[57]Morgan Ch.,1942,6
[58]Ibidem

*Глазурата* претставува тенка стаклеста превлака на керамичките производи и притоа има фунционален и декоративен карактер.Се глазираат оние садови кои служат за чување на течности или течна храна. Улогата на глазурата е повеќе кратна; да ги направи садовите непорозни и водоотпорни, да ја истакне глаткоста на ѕидовите и нанесениот орнамент и притоа претставува како заштита на подглазурните бои и декорацијата.[59]Глазурите се правени од стакло, а се разликуваат од стаклените производи по тоа што секогаш бараат подлога од глина.[60]

Нанесувањето на глазурната смеса може да се изведе на два начини, додека таа е жешка или откако ќе се олади. Ладното глазирање е начин кога глазурата се нанесува со четка, а топлото глазирање кога садот се полева со глазурна смеса, поради што овој тип на керамика го добил називот „поливани садови“.[61]Глазурната смеса се нанесува кога садовите се веќе ангобирани и суви, порозни и „жедни за вода“.[62]Според надворешниот изглед глазурите се делат на безбојни и полихромни. Боените глазури може да се проѕирни глазури во боја што содржат само боени оксиди, непроѕирни бели т.н. заматени и непроѕирни глазури во боја што содржат боени оксиди и заматување.[63] Бојата на глазурата го дефинира процентот во кој е застапен одреден метален оксид или соединение на метал. На создавањето на бојата влијание имаат и составот на глазурата и висината на тепературата на печење. Кога се употребува соединение на железо се добиваат нијанси од светло жолта до темно црвена и црвена при оксидационен оган, додека со редукционото печење се добиваат светло зелени и сиви тонови до црни. Со соединението на манган се постигнувале мрки тонови до виолетови, а со хромот зелени тонови. Со употребата на бакар се добиваат од зелени, плави, тиркизно плави и црвени тонови. Кобалтот се користел за добиање на сини тонови и бела непорозна глеѓ, а со употребата на злато се постигнувале ефекти на златен пупур и боја на сјајано злато.[64]Најрани податоци за целокупниот процес на добивањето на глазурите во боја ги споменува монахот Теофил во неговиот текст „Земјени садови глеѓосувани во разни бои“ од XII век.[65]Не смее да се изостави и употребата на оловната глеѓ. Употребата на оловна несјајна и непроѕирна глазура е

[59] Михајлоска П., 2000, 10.
[60]Bajalović Hadži-Pešić M.,1982, 98.
[61]Libser I. i Vilert F.,1989,118.
[62] Михајлоска П.,2000, 10.
[63]Libser I. i Vilert F.,1989, 142-146.
[64]Bajalović Hadži-Pešić M.,1982, 99.
[65]Bajalović Hadži-Pešić M.,1982, 98-99; Михајлоска П.,2000, 9, Оригинален наслов на делото е „DE VASISFICTILIBVS DIVERSO COLORE VITRI PICTIS“.

забележан кај Римјаните, од каде континуитетот на употреба на овој технолошки процес се провлекува и низ средниот век. Најрани податливи материјали се откриени на територијата на Русија кон крајот на IX век, што понатаму продолжува да се користи и во византиското керамичко производство, но со приметни разлики. Римската оловна глазура ја нема византиската транспарентност и високиот сјај.[66] Технолошкиот напредок во византиската керамичка продукција е постигнат во промената на интервалот на печење. Дванаесеттиот век е период на високо сјајните и транспарентни глазури. Глазурното печење треба да трае подолго, температурната амплитуда да нема остри осцилации поточно температурата треба да биде постојана, но не многу висока.[67]Кај одредени луксузни садови забележана е и употребата на листерски глазури. Се добиваат на температура од 800 ЁС на слаб редукционен оган, при што на површината на садот се создава многу тенка метална превлака која има метален сјај и делимично се прелива во сите други бои. Листерските глазури може да бидат добиени и со употреба на племенити метали како сребро и злато – сребрен и златен листер.[68]Кога садот има поминато низ целот овој процес на обработка на површината подготвен е за повторно печење.

## 2. Техники на декорирање

Декоративните техники кај глазираната керамика освен што претставуваат еден клучен белег за нејзино препознавање, битни се и за хронолошка детерминанта за попрецизно датирање врз која се потпреле повеќе истражувачи на оваа проблематика. Ако низ призмата на декоративните техники хронолошки се проследи нивната појава и распон на користење, може да се добие една општа слика за економскиот и политичкиот живот во Византиската империја и притоа да се проследи појавата на локалното производство. Исто така и при обаработката на материјалот од Скопската

---

[66]Morgan Ch., 1942, 22; Wisseman S.,1992, 66-69
[67] Михајлоска П., 2000, 10
[68]Libser I. i Vilert F.,1989, 155

тврдина, техниките на декорирање ќе бидат една од суштинските компоненти за поделбата на каталошки обработените садови.

Во декоративниот процес кај глазираната керамика застапени се неколку декоративни техники. Како најрано застапена е техникта на глазирање, кај која е направена поделба на мохромно и полихромно глазирање. Следна техника е мраморирање, која се употребувала за да се постигле ефект врз садот како да е изработен од мермер или стакло. Техниката на печатење со поделба на две групи: изведба со печат или со шаблон. Техниките на гребење, во кои спаѓаат зграфито и шамлеве, се техники кои по механички пат се отстранува дел од ангобата. Ако се работи за изгребана или врежана линија тогаш тоа е изведба на зграфито, додека ако се отсратнувани поголеми површини од ангобата за да се постигне ефект на плиток релјеф тогаш е употребена шамплеве техниката. Сликањето како дел од декоративните техники се изведувало со ангоба или се употребувале и метални оксиди. Најчесто таа техника се користи при комбинирање со другите техники. Декорирање на садовите со нанесување на пластични апикации е техника што подразбира нанесување на т.н. брадавици.

*а. Глазирање*

*Глазирањето* е најрана техника на декорирање која својот полн сјај во Византиската керамичка уметност го достигнува во XIII век. Садовите се глазирале со цел да се постигне метален сјај и да се нагласи површината на садот. Се смета како римско наследство, но овој пат се работи за глазура со висок сјај со цел да се засити естетскиот впечаток. Монохромните глазирани садови застапени се и на територијата на Муслиманскиот Исток, каде се датираат во временски период од X до XII век.[69]Најраните садови се глазирале со кремово жолта или бледо резеда боја, а садовите наоѓани во Македонија најчесто се бледо зелени или жолтеникаво смеѓи.[70]Глазурната боја хронолошки може да се следи, па така XII век е периодот на употреба на жолтеникави нијанси, XIII и XIV век се употребувале од жолто до окер кафени, за да XV век биде препознатлив по зеленкастите и темно зелените монохромни садови со едноставна профилација. Особено квалитетни примероци на монохромно

[69]Rice D.T., 1965, 196
[70] Михајлоска П., 2000, 11

глазирани садови се откриени и на Скопско Кале со ископувањата во 1967 година. Се работи за сет од три садови: плитка чинија, длабока чинија и помала длабока чинија од типот чаши без дршка. Сите се со иста профилација, компактно испечена глина, транспарентна и високо сјајна глазура.[71]

*б. Мраморирање*

*Мраморирање*е техника која била често применувана во римскиот период кога марамориранитe садови се правеле со цел да се заменат мермерните и стаклените садови. Техниката се изведува така што површината од садот се слика со две или повеќе бои кои се нанесуваат со четка или со туфовање - римска техника за која се употребувал сунгер.[72] Декорацијата се состоела од поретки или погусти флеки неправилно групирани по целата внатрешна површина а некогаш и по надворешните ѕидови на садот. Нијансите варирале од сиви тонови, до кафени и виолетово пупурни. Овој начин на украсување Морган, во неговата студија за Коринт, го датира во периодот на XII век.[73]Вакви примероци на садови се откриени и на Скопската тврдина. Бабиќ ги класифицира како посебна група која ја сочинуваат една целосно сочувана чинија (кат.бр.40)и неколку фрагменти од кои само два се опфатени во овој труд (кат.бр. 41,42). Кај овие примероци декорацијата е изведена во светло кафени, кафени, темно кафени и виолетови тонови прекриени со безбојна или жолтеникава глазура.[74] Со поновите истражувања на Скопско Кале евидентирани се уште два фрагменти од чинии на кои, на бела ангоба се нанесени флеки во кафени и виолетови тонови и двата глазирани (кат.бр.43,44).

[71] Цртежот е преземен од магистерската работа на Михајлоска П., 2000, 56; садовите се депонирани во ИСК Прилеп
[72] Михајлоска П., 2000, 29
[73]Morgan Ch., 1942, 82
[74]Babić B.,2008, 919

### *в. Печатење*

*Печатењето*како декоративна техника уште се нарекува и релјефна, поради начинот на нејзината изведба. Саканата орнаментика се изведувала под монохромна глазура со помош на печати (калапи) или со глинени печати врз внатрешноста на садот, додека глината е сеуште мека и непечена. Со втиснувањето на печатите на влажната глина се постигнувал ефектот на саканата релјефност, па овие садови уште се нарекуваат и релјефни садови.Бидејќи печатите се употребувале по повеќе пати овој вид на декоративна техника масовно е застапен по целата територија на Византиското царство. Евидентирани се наоди во Коринт, на Атинската агора и распространети по цела територија на Грција, во Херсон на Крим, во Месембрија во Бугарија, во Смедерево во Србија и секако најмасовно регистрирани во Константинопол.[75] Тематскиот распон на мотивите варирал од вегетабилни до анимални и крстовидни претстави, распоредени слободно во просторот или врежани во медалјони. Се датираат во периодот од IX до доцен XI век. Оваа декоративна техника не е археолошки регистрирана на Скопско Кале а ни на денешната територија на Р. Македонија. Кај нас застапено и почесто е работењето според шаблон, потврдено со еден примерок од Маркови Кули – Прилеп. Се работи за чинија на која што целосната изведба на композицијата е според шаблон и според мотивот и типолошките особености датирана е во XIV век.[76]

[75]Papanikola-BakirtziD., Mavrikioy F.N., Bakirtzis Ch., 1999, 37
[76] Михајлоска П., 2000, 30, Т - IV

*г.Техники на гребење*

*Техниките на гребење*, како што веќе напоменав во погоре наведениот текст, генерално се поделени во две групи: *зграфито и шамплеве*. Како техники, особено зграфитото, претставувале продолжение на изведабата на металните садови во техника на торевтика, но овој пат пренесени на керамиката. Нејзината прва реализација забележана е кон крајот на IX век на територија на Русија во XI век на просторот на Персија и Задкафказие опфајќајќи ги во наредните векови Блискиот Исток и Византија преку Млет стигнуваат во Средоземјето и стануваат широко распространети и популарни на целата оваа територија во периодот од XII до XV век.[77]

Техниката на зграфито претрпела повеќе трансформации, но вистинската зграфито техника се јавува во две технички и стилски различни варијанти како: *ран*или *тенок зграфито* и *доцен* или *медитеран зграфито*. Името доаѓа од Италијанскиот глагол *sgraffiare,*што значи гребе.[78]Техничката постапка при изведабата на зграфитото била следна: преку ангобирана површина на садот со помош на остра алатка се врежувал цртежот кој после печењето добивал потемна боја од останатата површина.

Тенкиот зграфито се препознава по тенката сигурна линија, ослободена од прекумерни детали.[79] Ваквиот начин на изведба бара тенко нанесен слој од фина ангоба врз која ќе биде врежан дискретниот цртеж во линеарен стил. Карактеристични мотиви на тенкиот зграфито се кругови, преплети и спирали, цик – цак мотиви, палмети, куфски букви, стилизирани птици, зајаци, риби, митски суштества и поретко човечки претстави. Овие мотиви присутни се и на садовите од цариградските работилници, меѓу кои се вбројуваат и „Zeuxippus“ садовите потоа на примероците од Спарта, Солун и Кавказ.[80] Прецизно изведениот цртеж се фиксирал со монохромна глазура која подоцна била заменета со полихромна. Идејата за комбинацијата на тенкиот зграфито со полихромната глазура води потекло од Блискиот Исток преку импортираните Танг садови од Кина. Кинеските примероци стигнувале во северните делови на Персија преку Азија па по морски пат се транспортирани до Месопотамија и Египет. Од Месопотамија оваа техника стигнува и на Кавказ каде забележани се

[77]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 113.
[78]Papanikola-BakirtziD., Mavrikioy F.N., Bakirtzis Ch., 1999, 58.
[79] Михајлоска П., 2000, 30.
[80]Ibidem.

примероци на лакалитетот Оран Кала.[81] Иако персиските примероци се појавуваат во XII век, овој вид на садови на просторот на Медитеранот широко се распространети дури во доцниот XIII век. Тенкиот зграфито како употребувана техника живее многу долго. Својот врв на популарноста го доживува околу 1250 година. Во Цариград не се забележани пред 1050 година, што се зема како почетна граница на хронолошкиот распон на раните зграфито садови.[82] Садови од овој тип се застапени и на Скопско Кале и тоа во неколку примероци. Една целосно сочувана чинија со претстава на орел (кат.бр.109), еден фрагмент каде е сочувана само дел од телото на птицата (кат.бр.110) и фрагмент на кој има претстава на риба (кат.бр.149). Застапени се и претстави со флорален мотив (кат.бр.0636а) и стилизирани спирали(кат.бр.1,3,4,9). Сите наведени примероци се Византиски импорти.Употребата на оваа техника се намалува кон крајот на XII век, од кога влегува во употреба доцниот зграфито.

Карактеристично за *доцниот зграфито* е тоа што цртежот се изработува со подебела линија, подлабоко врежана врз подебел слој на ангоба и се нагласува со полихромна глазура. На почетокот се користени слични мотиви како во раната фаза, но цртежот ја губи муниционзноста и станува поекспресивен.[83]Композициите се изведувале послободно со поголема доза на индивидуалност и концепциски посмело. Претставите биле изведувани во реалистичен стил и со поголема полихромност што оддавале свежина на композицијата. Од средината на XIII век, цртежот се потенцира со кафени и зелени сенки што ја следат врежаната линија.[84] Ова е периодот кога го достигнува својот зенит и е широко распространета по цел Медитеран, од хиподромот во Цариград, во црквите Св. Ѓорѓи и Св. Димитрија во Солун, Атина, Мистра, Спарта, Анадолија, Ефес и Јужна Русија.[85] Како декоративна техника е најбројна и најзастапена од сите видови ва византиска керамика, а позната е уште и под името *медитеран зграфито*.[86]Најголем дел од откриените садови обработени и во овој магистерски труд се датирани во периодот помеѓу XIII и XIV век, а тоа е периодот на почетоците на изработка на локално ниво. Најбројни се садовите декорирани во техника на медитеран зграфито во комбинација со сликање (кат.бр.30,31,33,39).

---

[81]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 113.
[82]Rice D.T., 1930, 33; Megaw A., 1968, pl. 14, 18 19
[83] Михајлоска П., 2000, 31.
[84]Morgan Ch., 1942, 159.
[85]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 114.
[86]Rice D.T., 1966, 209.

Техниката *шамплеве (champlevè)*според начинот на изведба бил многу сличен со техниката на медитеран зграфито, со таа разлика што при изведбата кај шамплеве техниката се отстранува поголем слој од ангобата со помош на поширока алатка налик на длето. Со тоа композицијата станува релјефна, а позадината опкружена со темни пространства.[87] Мотивот може да биде релјефен или вдлабнат а техниката се применувала во исто време со византиската скулптура.[88]За оваа техника користени се мотиви на низи од кругови кои неправилно се сечат, дебели брановидни линии, стилизирани гранки и ластари, крстови, розети, преплети, петокраки ѕвезди.[89]Освен геометриски, се јавуваат и зооморфни а поретко антропоморфни претстави. Користена е во комбинација со зграфито и како таква широко е распространета. Освен во Цариград, застапена е и во јужна Русија, на Крим, на Кафказ,долж по брегот на Црно Море, во Бугарија, Анадолија, Ефес, Грција, во Србија и Македонија. На Скопско Кале е забележана појавата на оваа техника и тоа со репрезентативните примероци на садови чија внатрешност е испонета со композиции во кои доминира претставата на диви животни, лав и лавица претставени во моментот кога напаѓаат други животни, со високо издигнати глави во профил, нагласени очи, широко отворени усти и нагласени непропорционални гриви (кат.бр.133-143,144-146). Останатиот простор од садовите исполнет со композиции од разгранети бршленови ластари, полупалмети и палмети. Слична по начинот на изработка е уште една чинија, меѓутоа претставено е некој вид на говедо или волк (кат.бр.143). Застапени се претставите на птици (кат.бр.113-116,119,120,132), во поголем број флорални, а особено е користен мотивот „роза на ветрот"(кат.бр.52-56), геометриски мотиви (кат.бр.15,37,58,63), преплети(кат.бр.38). Овие садови се датирани од крајот на XII век до крајот на XIV век, поточно од династијата Ангели до династијата Палеолози. Во Цариград била употребувана од 1237 до приближно 1400 година.[90]

[87]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 99.
[88]Papanikola-Bakirtzi D., Maguire E.D., Maguire H., 1992, 11.
[89] Михајлоска П., 2000, 32.
[90]Morgan Ch., 1942, 147.

*д. Сликање*

*Сликањето* како декоративна техникасе изведувала со помош на пердув од гуска вовлечен во воловски рог или сликање со четка.[91]Сликањето се изведувало со минеролошки бои со поприлично ограничен колорит кој се движи од зелена, кафена до жолтеникаво окераста боја. Како дел од оваа декоративна техника е и сликањето со бела ангоба. Се користи за декорирање на надворешните ѕидови на садот и најчесто изведбата варира од низа од кругови до преплетени кругови. Ваквиот начин на декорирање се јавува во почетокот на XIII век[92], а застапен е и на неколку садови од скопската колекција (кат.бр.45,155). Сликањето со четка е поретко застапена техника во однос на другите. Примената на оваа декоративна техника е застапена на еден сад од Скопско Кале. Се работи за длабока паница на која на дното со зелена боја е насликан ѕвездест орнамент и кратки неправилни змиулести потези, што почнуваат од работ на внатрешната страна по ѕидовите.(кат.бр.18) Вака груба изработка на мотивот се среќава и на егејската керамика на почетокот на XIII век.[93]

Кон крајот на XII и почетокот на XIII век, во Цариградските работилници, техниката на сликање започнува да се комбинира со техниката на медитеран зграфито.[94]Овој начин на декорирање многубројно застапен е и на наша територија. Напоредно со комбинираната употеба на декоративните техники, вегува во употреба и декорирањето т.н. *сликање со петна*. Петната претставуваат неправилни флеки дифузно расфрлани по внатрешната површина на садот. Се добиваат со протресување на четката или со нанесување на сосема мали пигменти од метални оксиди. Најчесто се изведуваат во кафени и зелени тонови. Нивната појава не се датира пред XIII век.[95] Скопската колекција поседува бројни примероци декорирани со оваа техника, дел импортирани дел локално произведени.

---

[91] Михајлоска П., 2000, 7.
[92]Morgan Ch., 1942, 7.
[93]Megaw A., 1975, 38.
[94]Morgan Ch., 1942, 157.
[95]Ibid, 1942, 66.

*ѓ. Декорирање со пластични апликации*

*Декорирањето со пластични апликации,* подразбира нанесување на точки т.н. брадавици, преземена од технологијата на изработка на стаклените садови.[96]Испакнатите брадавици се јавуваат во мотивот на концентрични кругови, но и како декоративен елемент на дршките и ѕидовите на бокалите, стомните и пехарите. Вака декорирани садови се откриени на локалитети во соседна Србија (Ново брдо, Смедерево), на бројни локалитети во соседна Бугарија, датирани во текот наXIVи во првата половина на XV век. Од втората половина на XV век, овие брадавичести апликации се заменети со крупни сликани точки.[97]

## 3. Печење ( печки и триподи)

Последната фаза од керамичкото производство при обработката на садовите е печењето. Тоа е последна и најодговорна фаза која бара искуство и посебно познавање на хемискиот процес и регулација на температурата. Во средновековното грнчарство процесот на печење се изведува во три видови на печки со нивните варијации.

Првиот тип на печка е *хоризонтална еднокатна печка* со огниште и комора за печење на исто ниво. Двата деласе разделени со вертикална преграда низ која продирале посебен вид на цилиндрични канали, наречени „praefurium". Нивната функција е да го спроведат топлиот воздух од огништето до комората каде се печат садовите.[98] Ваквите печки биле во употреба во античкиот и средновековниот период до XII век и се користеле за печење на кујнска неглазирана керамика. Ваков тип на печка е откриена на локалитетот Гомолава во Србија која исто така била наменета за печење на кујнска неглазирана керамика.[99]

[96]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 90.
[97]Ibidem.
[98] Михајлоска П., 2000, 11.
[99]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 101.

Вториот тип на печка е *двокатна печка* со простор за печење над огништето. Комората за печење била одвоена со посебна преграда од долниот дел каде што било сместено огништето. Садовите се ределе на решетка потпрена врз вертикален столб со кружен или овален пресек. Овој тип на печки се користени во Морошин и Крушевац во XVI век.[100]

Третиот тип на печка е кружна еднокатна печка на која огништето и било сместено на влезот од каде што разгорениот оган се туркал према средишниот дел.[101]

Со досегашните археолошки ископувања македонските средновековни локалитети се со поприлично сиромашна понуда на откриени печки. Не целосно грчарска печка е откриена на локалитетот Св.Атанас – Варош (Прилеп) на просторот на некогашното „Панаѓириште", дваесетина метри југозападно од црквата Св.Атанас.[102] Објект со мали димензии и правоаголна основа со целосно сочувана ширина која изнесувала 1,12 м, додека во должина каде што бил просторот на ложиштето целосно е уништен. Ѕидовите на бочните страни обликувале полуоблест свод, а во подот биле вкопани две надолжни огништа во облик на канал кои се протегале по целата должина на печката. Целосна реконструкција на печката е направена според аналогии на слично откриена печка во Варна[103], а точната датација утврдена е според откриената бакарна монета од XIII век што се поклопува со периодот кога околниот пазар бил во полна функција. На просторот околу печката откриени се парчиња од кварцни карпи, чија што прашина се додавала на смесата од која се прави глазурниот слој.[104] Во внатрешноста се регистрирани фрагменти од кујнски керамички садови и триподи, според што Бабиќ констатирал дека печката е наменета и за глазурно печење.

Придружен наод и неизоставен дел на грнчарските печки наменети за глазурно печење се *триподите*. Тоа се керамички потпори кои служат за одвојување насадовите при процесот на печење. Се изработувале рачно од груба глина и имале повеќекратна употреба. Во зависност од форамата на садовите, триподите се изработувале во две форми. Во форма на триношци (триподи) наменети за одвојување на плитките садови и

---

[100]Ibidem.
[101] Михајлоска П., 2000, 11; Акрабова-Жандова И., 1959, 230.
[102] Бабиќ Б., 1986, 257.
[103] Димитров Д., 1960, 111-119.
[104] Бабиќ Б., 1986, 257.

како издолжени паралопипеди со извлечени агли и профилирани краеви[105] наменети за одвојување на подлабоки садови, што Морган ги опишува како глинени цилиндри – калеми, со точкасти завршетоци зарамнети во центарот.[106]Триподите водат потекло од Далечниот Исток, од Кина, каде што нивната употреба е регистрирана уште во првите векови од новата ера.[107] Во IX век триподите почнуваат да се користат и на Блискиот Исток. Трагите од триподите видливи се и на Египетската и Персиската керамика во XI век.[108] Византија ја прифатила оваа новина од Далечниот Исток, со посредство на исламот, веројатно кон крајот на XII или почетокот на XIIIвек. Тогаш е забележана првата појава на нивното користење на „Zeuxipus"садовите од Цариград и на монохромната керамика.[109] Во керамичките печки на Самарканд, триподите се датирани во X и XI век и во периодот од XII до XIV век.[110] Како дополнение на употребата на триподите во повеќе работилници говорат наодите од повеќе локалитети: Хоџа Мешад – Сајад на југот од Таџикистан, кај Хисар до Шумен, во Коринт, Варна, Прилеп, Скопје. Наодите од Букурешт и Сучава во Романија се датираат во XV век.[111]

Печките и триподите се материјална потврда за одвивање на процесот на печење, што е последната и најодговорна фаза во керамичкото производство. На температура од 500 - 600С Ёод глината се одделува хемиски сврзаната вода, со што таа преминува во каменовидна маса која повеќе не е подложна на дејството на водата. Во керамичките печки се постигнува температура повисока од 800С Ё Висината на температурата ја одредува бојата на садот, што зависи од начинот на печење и составот на глината. Откако глазираните садови ќе бидат потсушени на сончева светлина, се пристапува кон брзо внесување во печката за да нема губиток на постигнатата температура. Редењето на садовите во печката е олеснето со употребата на триподите, со помош на кои се овозможувало вертикално редење и максимално користење на ограничениот простор.[112] За да се избегне што помалку меѓусебно допирање на садовитедополнително се поставувале граничници и тацни за да се оневозможи истекување на глазурата врз подолниот сад. Понекогаш пренатрупаноста како и

[105]Ibid, 1986, 261.
[106]Morgan Ch., 1942, 22.
[107]Ibidem.
[108]Ibid, 1942, 169.
[109]Megaw A., 1968, 87.
[110] Михајлоска П., 2000, 13.
[111] Бабиќ Б., 1986, 261.
[112]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 102.

неконтролираното нагло зголемување на температурата предизвикувале оштетувања на готовите производи. Со нагло зголемената температура се предизвикува топење на глазурата, која при контакт со друг сад во процесот на ладење доаѓа до амалгамирање.[113] Притоа наглото загревање предизикувало пукање на глеѓта, кое се нарекува кракелирање или деформирање на глазираните садови.[114]За разлика од монохромните глеѓосани садови на кои им е доволно само едно печење, техниките на сликање, зграфито и шамплеве, барале двојно печење. Во Коринт овој тренд на печење е внесен во употреба во периодот на доцниот XI ираниот XII век. Пред печењето, врз нанесениот слој од ангоба се изведува цртежот во некоја декоративните техники се нанесува глазурата и садот се подложува на глазурно печење. Овој процес се одвивал на пониска температура за да се овозможи фиксирање на глеѓта. Со последното печење добиениот финален производ е спремен за употреба. На почетокот тоа се луксузните примероци со цариградско потекло, но подоцна овој тренд на двојно печење ќе стане чест наод со локални одлики.

Со археолошките истражувања на Скопско Кале откриени се значителен број на фрагментирани садови, чии карактеристики не наведуваат и говорат за постоењето на работилница со локални манири. Меѓутоа во процесот на истражување, во кој е опфатен просторот во внатрешноста на бедемите, не е евидентирана печка за печење на овој тип на керамика. Слична ситуација на терен е забележана и во Ниш, во Ново Брдо и Белград, каде откриениот археолошки материјал речито говори за локална продукција на керамика.[115] Одговорот може да се бара во еден од најстарите сочувани статути на италијанскиот град Савона од 1404 година, во кој се наведува дека е забрането да се прават керамички печки во склоп на населбата, дозволено е да бидат на периферија, поради опасноста од пожар.[116]Во документи од Чешките грнчари од XVI век, исто така се споменува забраната за правење печки во самата населба доколку имаат оџаци.[117]Во прилог на ова тврдење е и откриената печка во Прилеп која е позиционирана надвор од бедемите на градот, поточно на просторот на локалниот пазар. Според ова керамичката печка на Скопско Кале треба да се бара надвор од утврдениот простор. За да може целосно да се одговори на ова прашање, потребна е и

[113] Михајлоска П., 2000, 13.
[114]Morgan Ch., 1942, 22.
[115]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 100.
[116]Ibid, 1981, 100, сп. Barile C., Antiche ceramiche liguri, Savona, MCMLXXV, Documento I A.
[117]Ibid, 1981, 100, сп. Nekuda V., Reichertová K., Strédoveka keramika v Čechach a na Morave, Brno, 1968, 39.

минеролошко – оптичка и хемиска анализа на откриените парчиња керамика, која во случајов на овој материјал не е направена. Делот за просторот и изгледот на грнчарската печка од Скопско Кале ќе остане неодговорен.

# IV. Типологија и калсификација на глазираната керамика

## 1. Типолошка анализа

Глазираната керамика се вбројува во редот на трпезната керамика бидејќи се користи за изнесување на храна и за чување на течности на трпезата. Покрај функционалноста, кај овој вид на керамика е истакната и декоративноста, која се третирала и како украс на трпезата. За таа цел садовите биле изработувани со убави форми, често пати орнаментирани со разни техники, така што поединечни садови претставуваат убави примероци на тогашната применета уметност.

Бројноста на овие наоди овозможува поставување на калсификација и типолошка обработка на материјалот. Најбројно застапени се отворените садови, но скопската колекција располага и со бројни фрагменти. Целиот овој материјал глобално е поделен на две групи: **цели садови** и **фрагменти**.

Во оваа група на **цели садови**, освен чиниите содржани се и други форми на трпезни садови, па затоа е направена уште една поделба, издвоена е подгрупа:

- **Отворении**
- **Затворени садови**

Одредувањето на видовите кај отворените садови е направено врз основа на апсолутните размери, односно се земаат во предвид дијаметерот на отворот на садот и дијаметарот на дното на садот. Се додека овие пропорции го задоволуваат односот 1: 3 отворениот сад припаѓа на видот чинии. Отворените садови поради различните облици на телото се поделени на: **плитки чинии** и **длабоки паници**.

Плитките чинии според формата на телото поделени се во две групи: плитки чинии со **полусферично** тело и плитки чинии со **конично** тело. Плитките чинии со полусферично тело се изработуваат во поголеми димензии со варијабилност на изведбата на горниот дел – устинката и изведбата на ногата. Се јавуваат во неколку варијанти,се изработуваат во поголеми димензии, со разлика во висина од 3,5см до

6см. Прва варијанта на плитка чинија со полусферично тело е чинија со рамно дно, со благо сферично тело речиси рамно и ниско вертикално извлечена устинка. Друга варијанта е полусферично тело на малку подигнта нога и вертикално извлеченаустинка. Плитка чинија со полусферично тело на ниска нога и вовлечена устинка према внатре. Плитка чинија со полусферично тело, ниска нога и устинка према надвор. Плитка чинија со полусферично тело, ниска прстенеста нога и хоризонтално извлечена устинка.

Плитките чиниии со конично тело, исто се изработуваат со поголеми димензии, во висина од 4см до 7,5см. Варијабилноста е во изведбата на горниот дел – устинка, додоека поретко во изведбата на ногата. Се јавувааат во две варијанти: плитка чинија со конично тело, ниска прстенеста нога и рамно изведена устинка и плитка чинија со конично тело, ниско прстенесто дно и хоризонтално извлечена устинка.

**Длабоките паници** според обликот на телото се поделени на: длабоки паници со **конично** и **полусферично** тело. Изработувани се во помали димензии во споредба со плитките чинии, а варијабилноста е во однос на изведбата на горниот дел – устинката и изведбата на долниот дел од садот, кој може да биде на прстенеста нога или конусна благо закосена нанадвор.

Длабоките паници со конично тело се јавуваат во неколку варијанти. Прва варијанта е длабока паница со конично тело, ниска прстенеста нога и вовлечена устинка према внатре (кат.бр.53). Другата варијанта е длабока паница со конично тело, ниска конична нога и конкавно изведена устинка (кат.бр.50).

Длабоките паници со полусферично тело се јавуваат во неколку варијанти. Длабока паница со полусферично тело, ниска престенеста нога и рамно изведена устинка (кат.бр12.). Друга варијанта полусферичното тело поставено на блага конична нога и вертикално задебелена устинка (кат.бр.54). Длабока паница на ниска прстенеста нога и косо извлечена устинка нанадвор (кат.бр.65). Длабока паница на ниско прстенесто дно и хоризонтално извлечена устинка (кат.бр.18).

Од затворените садови се поретки во однос на отворените. Од овој вид на садови со кои располага скопската колекција застапени се: **стомни**, **бокали** и **чаши**.

Меѓу стомните најчести се оние со тесен вертикално извиен врат. На овој тип на стомна припаѓа и таа открена на Скопско Кале, но е со скалесто профилиран врат од

надворешната страна. Средината на вратот е поврзана со топчест стомак со една цилиндрична дршка.Овие садови се изработувани со мали димензии, а од овој тип на стомни откриени се и во Рас, Манастир и Градац во соседна Србија.[118]

Бокалите, како дел од затворените садови, изобилуваат со типови. Бројни се варијациите на горните делови со тролисен отвор како античкото оинохое или со конично проширен отвор. Кај некои типови се јавува косо поставено дуле. Бокалот од скопската колекција е со топчесто тело поставено на конична декорирана нога и издолжен врат. Средината на вратот е поврзана со телото со две дршки. Декориран во техника на зграфито во комбинација со сликање со кафена и зелена боја и сјајна глазура нанесена нешто подолу од стомакот (кат.бр.154). Бокали со две дршки откриени се во Ново Брдо и Романиија, во периодот на XIV век.[119]

Последен вид од затворените садови се садовите во функција на чаша. Чашите со една дршка се интересна новина меѓу византиските форми на трпезната керамика од крајот на XII век.[120]Чашата од скопската колекција е со топчесто тело, ниска прстенеста нога, со конкавно изведена и задебеленаустинка, од која излегува лентеста дршка со правоаголен прасек до средината на стомакот (кат.бр.156). Ваков тип на чаши се дел од коринтската колекција[121], а застапеноста на овој облик е потврдена и во наодите од Херсон.[122]

Скопската колеција поседува поголема група на фаргменти од садови, кои според својата разноликост, поделени се во две групи:

- Фрагменти кои што може да се одредат на кој дел од садот припаѓаат (делови од горниот и делови од долниот дел на садот) и

- Фрагменти кои што не може да се одредат на кој дел на садот припаѓаат, но се интересни заради декорацијата

[118]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 60.
[119]Ibid, 1981, 63.
[120]Babić B., 1971, 50.
[121]Morgan Ch., 1942, 65.
[122] Макарова Т.И., 1967, пл. 15/5.

Деловите од горните делови на садот, според начинот на изведбата се појавуваат во сите варијанти како кај горните делови од отворените садови. Издвоени се во неколку варијанти:

- хоризонтално извлечена устинка (кат.бр.);
- конкавно решена устинка (кат.бр.19);
- вертикално рамна устинка (кат.бр.49);
- закосена нанадвор или навнатре (кат.бр.37).

Кај деловите од долните делови на садот, најбројни се дната со нога или без нога. Изведбата на ногата е шуплива, додека висината и дијаметарот варираат во зависност од тоа на каков сад припаѓаат. Изведбата е подеднакво застапена како кај долните делови од отворените садови, па според тоа издвоени се две варијанти:

- прстенеста нога (кат.бр.57) и
- конична, благо закосена нанадвор (кат.бр.63).

Ваквиот начин на типолошка класификација на садовите е само мало надополнување на материјалот од областа на глазираната керамика, што ќе биде во полза на целокуната обработка на наодите од Скопско Кале.

## 2. Декоративни мотиви

Декоративните мотиви претставуваат уште еден дел од применетата Византиска уметност на кои креацијата и слободната волја на творецот доаѓа до израз. Од денешен аспект на гледање, декоративните мотиви се доживуваат како уметничко дело, на почетокот изработувано според барањата на високите кругови на општеството, за подоцна да станат достапни и за секојдневна употреба на обичниот граѓанин. За разлика од кујнската керамика чии облици и орнаментика живеат долго и во неизменет облик, глазираната керамика доживува полн развој и ликовно обликување. Употребата на новите мотиви на трпезните и култните садови претставувале комбинација на креативност и имагинација преточени во една оригинална целина, чиј краен резултат бил создавање на специфичен приозвод. Иако производите се слични едни на други, секоја област си носи засебни специфики според кои може да се следи хронлошкиот развој на секој мотив. Често пати тие се појдовна точка за калсификација и база за поставување на аналогии со други локалитети.[123]

Изборот на мотивите во византиската керамичка уметност во поголема или помала мера се темелат врз основа на персисиките примероци, но не треба да се изостави и влијанието на античките мотиви. Нивните варијации и стилизираните претстави на одредени композиции ќе станат обележје на одредени временски периоди. Византиската креативност во голема мера произлегува од мистичното и инспиративното, како и од љубовта кон природата.[124]Дека биле љубители на природата може да се согледа и од еден цитат од поемата на Јован Геометарот, во која опишува една градина во близина на Константинопол. Текстот во слободен превод би гласел вака:„*...земјата беше накитена како невеста...доаѓајќи јасно украсена со секое растение со ловорки, со млади пупки, грмушки, винови лози, ластари и бршлени, плодоносни дрвја...со сите цветови и убавини, секој детал и секоја целина, со пупки од роза, кринови, мирисни темјанушки, хризантеми, слатки нарциси и шафрани...сè што радува, восхитува со сè што пее и орасположува...*"[125]Едноставните елементи во најраните примероци се употребувале како доминантен декоративен елемент, централно поставен во медаљон. Кај подоцнежните примероци овие елементи се

---

[123]Rice D.T., 1930, 82; Morgan Ch., 1942, 169.
[124] Михајлоска П., 2000, 34.
[125]Зареска П., 2006, 330, (слободен превод) сп. Papanikola-Bakirtzi D., Maguire E.D., Maguire H., Ceramic art from byzantine Serres, Urbana and Chicago, 1992, 11.

мултиплицираат и оформуваат бордура во внатрешниот дел под устинката на садот, или пак се употребуваат како секундарен елемент во композицијата.

Скопската колекција на садови изобилува со разновидност на декоративните мотиви. Дел од нив се директни импорти од Цариградските работилници, а дел се локално произведени работени по примерот на првите. Локално изработените креации многу сликовито ја претставуваат еволуцијата, што започнува со усвојување на туѓиот елемент во периодот на XIII век, која се трансформира во сопствена креација и видување во периодот на полниот XIV век, за да во последните децении на XIV век и низ турското средновековие доживее целосна деформација.

Декоративните мотиви подетално ќе бидат разгледани и анализирани во понатамошниот дел од текстот, каде со нивните стилизации генерално се поделени во неколку групи: *геометриски, вегетабилни, зооморфни и антропоморфни мотиви*.

### а. Геометриски мотиви

Кога се зборува за декорирањето на глазираната керамика, геометриските мотиви претставуваат едни од најзастапените, со континуирано широк дијапазон на употреба. Нивната употреба како засебен декоративен елемент е поретка, додека комбинирани со други мотиви се почесто застапени. Вообичаено се пратечки делови на композиции со флорални и вегетабилни мотиви, а најчеста е нивната употреба за пополнување на појасите поставени под венецот на садовите. Нивната варијабилност е застапена од прави, коси и прекршени линии до триаголни и четвртасти полиња, кругови со нивната мултипликација до спирали, брановидни линии со крајна стилизација на преплети. Во овој труд поделно ќе бидат истакнати мотивите на ***триаголник, круг и спирала***.

***Триаголникот***како декоративен мотив, најрано е забележан на руската глазирана керамика, датиран од крајот на IX век. Неговата употреба се смета како

поедноставна употреба на цветен букет. Неговото место варира од центарот на дното на садот како висечки траголник слободно поставен или контрапостиран во медаљон до просторот под венецот на садот како епизоден елемент или неговата употреба е секундарна, за исполнување на меѓупросторот на розетите. На садовите од Скопско Кале застапен е во сите веќе споменати варијанти. Како висечки триаголнници ги има на една длабока чинија, декорирана во хоризонтален принцип во три зони. Висечките триаголници се наизменично поставени со копјести ливчиња околу централниот медајлон, изведени во зграфито техника на бела ангоба (кат.бр.22). Се работи за импортиран сад, датиран на крајот од XII и почетокот на XIII век.[126]Како дел од централниот мотив го има на фрагментирано дно од длабока чинија со висока конична нога. Врз тролисен флорален мотив, изработен во шамлеве техника, поставени се три подебели траки во форма на триаголник (кат.бр.63). Според изведбата на мотивот и употребата на шамплеве техниката, садот не би можел да биде датиран порано од XIII век.[127]Како дел од централниот мотив го има уште на еден сад, на кој е сочувано само дното на висока конична нога. Триаголниците се поставени зракасто околу четириаголник поделен на четири и истите декорирани со ситни убоди (кат.бр.105). Според начинот на невештата изведба и длабоките врежувања, се работи за локално произведен сад, датиран во XIV век.На просторот под венецот на садот, триаголниците се застапени кај садовите (кат.бр.30,31,126). Сите три садови се плитки чинии, а мотивот на триаголник е изведен со двојни линии дополнително декориран со жолта боја. Истите се импорти и според стилските особености на композициските изведби се датирани XII- XIII век. Секунарно употребен на просторот меѓу розетите,мотивот е застапен на садови со хронолошки распон од средината на XII век до XIV век (кат.бр.60,61,87,93,127). Неговата изведба на пораните садови е стилизирана, за да во подоцнежните векови во целост се шематизира.

***Кругот*** е архаичен и широко распространет мотив, кој во средниот век доживува ренесанса.[128]На нашата територија застапени се примероци работени по примерот на царигардските работилници во XII век. На пораните садови овој мотив ја краси внатрешноста, почнувајќи од дното до устинката.Круговите, особено концентрично поставените, претставувале еден специфичен мотив на т.н. „Zeuxippus“

---

[126] Бабиќ овие садови ги датира според откриен бакарен скифат на Алексиј III; Babić B., 2008, 918

[127] Употребата на шамплеве техниката е до XIII век, додоека во подоцнежните периоди нејзината употреба е многу ретка или воопшто ја нема.

[128] Михајлоска П., 2000, 39.

садови произведени во цариградските работилници, на просторот на Хоподромот, во текот на XII и во првите децении на XIII век. Произведената керамика во овој стил била извезувана на територијата на јужна Русија, на Црноморското крајбрежје, во Бугарија и Грција.[129] Употребата на кругот варира од самостојно поставен и изработен во двојна техника, зграфито и сликање, до распореден во низа или преплетен и концентричен, издвојувајќи се како посебен мотив кој го краси дното на садовите или може да биде употребен како оквир во кој се поставувани розети или други вегетабилни мотиви. Како централно поставен на дното на садовите, застапен е кај два репрезентативни примероци (кат.бр.20,21), кои според стилските особености се датирани во периодот на XII – XIII век. Од средината на XIII век, овој мотив добива фунција на гранична рамка околу медаљонот. Се јавува во повеќе варијанти и позициониран е во различни делови на садот, како централен мотив или како дел од одредена композиција. Како круг декориран со шрафура од коси или прави линии (кат.бр.53,62,66,67,68), круг кој претставува рамка околу стилизиран флорален елемент (кат.бр.73,77,96), а застапен и во врамување на мотивите со изведба на птици (кат.бр.122). Една варијација на овој мотив е и ***двојната кружница***, што ја обрабува широката бордура. Како најзастапен е кружниот појас што ги краси деловите под устинката и најчесто е декориран со мрежеста шрафура. Како мала деформација на мотивот – круг се јавува елипсата. ***Елипсовидните мотиви***се јавуваат кон крајот на XII или почетокот на XIII век и нивната употреба како дел од композицијата не престанува и во XIV век. Како низа од елипси обрамени со стилизирани вегатабилни мотиви, се јавуваат на еден фрагмент датиран XIII-XIVвек (кат.бр.74), додека во низа наизменично поставени со бршленови листови и палмети, се датирани нешто порано XII- XIII век, како дел од два репрезентативни импортирани сада (кат.бр.19,20).Од првите децении на XIII век, кругот се користи и за декорирање на надворешните ѕидови на садот. Декорацијата претставува сликање со бела ангоба, а изведбата варира од низа од цели кругови до преплетени кругови. На садовите од Скопската колекција, сликањето на надворешноста на садот е застапено на неколку примероци (кат.бр.30,31,62,64,96,122,126), во зависност од формата на садот, декорацијата се изведува или во горните делови под работ на устинката или по средишните делови на садот.

[129]Megaw A., 1968, pl.16, d/16, c/13, f/18, 14; 21.

Со мултиплицираната изведба на кругот, се изродува мотивот на ***спирала***. Спиралата е античко наследство и како таква, доминирала во византиското керамичко производство во периодот наXI и XII век.[130]Се толкува и како одраз на медитеранската љубов кон движењето.[131]Квантитетот на садови декорирани со мотивот на спирала при ископувањата од Коринт, Морган го издвојува како песебен декоративен стил.[132]Спиралата како декоративен мотив на Скопско Кале, се јавува во средината на XII век и може да се забележи и на примероци кои датираат од XIV век.Еден од најраните примероци е нецелосно сочувана чинија, на којакако централно поставен мотив е спиралата но и како составен дел на бордура на горните партии (кат.бр.5). Сочувани се и неколку фрагменти со спирална бордура, но комбинирани со сликање со зелена боја (кат.бр.6,7). Аналогиите за овие садови може да се бараат според откриените садови на Коринт, кои се датирани во средината или во втората половина на XII век. Постои и една група од фрагменти до целосно реконструирани садови, изработени во т.н. стил спирали. Во внатрешноста на садовите композицијата се одвива во појаси околу централниот медалјон. Кај едниот примерок, кој е целосно сочуван, централниот медалјон е исполнет со спирали (кат.бр.1) изработен во зграфито техника, околу кој напоредно оди појас со крупни спирали наизменично сликани со зелена и кафена боја. Околу нив се провлекува тенка бордура на изведени спирали во зграфито техника (кат.бр.2,3,4,8).Кај оваа група на садови се јавува уште една варијанта при изведбата на централниот мотив, спиралите се заменети со претстави на птици. Концепциски композицијата на садот се одива исто, два пара спирали изведни со наизменично сликање со зелени и кафени тонови, додека средниот појас на спирали е изведен во техника на тенок зграфито. Во централниот дел поставена е птица, покрај неа од двете страни оди по едно стилизирано гроздолико стебленце. Според стилската изведба на композицијата, садот се совпаѓа со стилот на изработка на „Zeuxippus" работилниците во Цариград.[133]Често пати спиралата се комбинира со други геометриски мотиви: триаголници (кат.бр.17), ромбоиди (кат.бр.108), кругови или се сместува во метопска низа меѓу две прави линии (кат.бр.70), во комбинација со полупалмети на брановидни линии (кат.бр.84) или како спирални завршетоци на стилизираните ластари (кат.бр.73). Интересна појава со мотивот на спирала е забележана кај два целосно сочувани длабоки паници. Кај едниот сад, (кат.бр.12) седум

---

[130] Михајлоска П., 2000, 41.
[131] Papanikola-Bakirtzi D., 1992, fig.17.
[132] Morgan Ch., 1942, 120.
[133] Megaw A., 1968, 67-88.

поголеми спирали изведени во техника на зграфито, излегуваат од централниот мотив и го исполнуваат просторот во средишниот дел на садот. Датацијата е направена според аналогии на изведби на централниот мотив, кои Хаџи-Пешиќ според откриени садови на Српска територија ги сместува во XIII и XIV век.[134] Кајдругиот сад композицијата е хоризонтално поставена во две зони. Спиралите го исполнуваат појасот од втората зона, претставени со наизнемичен почеток од горниот и долниот раб на појасот, изведени во зграфито техника со двојни линии и дополнително декорирани со хоризонтални линии (кат.бр.33). Временската рамка е XIV век, а голема е веројатноста садот да е плод на локалната продукција.

Друг геометриски мотив, што византиските декоратери го стилизирале до крајна мера се ***преплетите.***Овој мотив води потекло од античкиот период, а како централен мотив свои аналогии најдува и во Средоземјето, Блискиот Исток и Западна Европа.[135] Морган за овој мотив, го употребува терминот „guilloche". Погоден е за изведбата на бордурата или како централен мотив. На садовите од Скопско Кале застапен е во три примероци. Во првиот случај се работи за плитка чинија со полусферично тело, декорирана во хоризонтален принцип во четири зони. Централен флорален мотив во медаљон и уште еден тенок појас ослободен од декорација, околу кои кружно се протегаат преплетени двојни појаси налик на синџир, низ секој отвор се провлекува стилизиран флорален елемент.Последаната зона исполнета со прекршени линии кои оформуваат триаголници. Целата композиција дополнета со сликање со жолта и зелена боја, која ја прави композицијата разиграна и жива(кат.бр.30). Се работи за цариградски импорт, датиран во првата половина наXIII век. Вториот примерок(кат.бр.64) претставува фрагмент на кој е сочуван делот со преплетот, изведен во згрфаито техника, дополнително обоен со жолта боја. Сместен во временската рамка на истиот век. Во третиот случај се работи за длабока паница, декоративно изведена во хоризонтален принцип во три зони. Централно поставена четири лисна розета, околу која, во втората зона е изведен мотивот на преплет, но во овој случај поинаку изработен. Врежани две напоредни низи со полукругови, во секој дополнително поставен по уште еден во шамлеве техника, со кои се добива ефект на плетенка. По површината на садот суптилно нанесени дамки во зелена и кафена

[134]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1982, 84.
[135]Morgan Ch., 1942, 160.

боја(кат.бр.38). Садот е датиранво XIV век и се припишува на локалното керамичко производство.

***Розетите*** претставуваат еден од најубавите кружни мотиви, кои вообичаено ги красат централните делови на садовите. Розетите се архаичен мотив, особено омилен кај Византијците кој повеќе страно го употребувале, освен на керамиката, се користел и како украс на ракописите и во архитектурата.[136]Розетата како мотив, во скопската колекција е застапен во неколку варијанти. Најбројно застапени примероци од овој мотив се розетите со кружни завршетоци или популарно наречен „роза на ветер“. Кај сите примероци, розетата го краси дното на садовите и сите се изведени во техника на шамплеве дополнително декорирани со зграфито и сликање со зелени петна (кат.бр.52-56). Овој омилен византиски мотив доминира со изработката во Палеологовскиот период.[137] Друга варијанта на овој мотив е изведба на розетата со помош на спирали. Радијално поставени спирали се протегаат од центарот према ѕидовите на садот како краци од октопод.[138] Бројот на спиралите варира од четири до седум, а може да биде поставен во мадаљон или слободно во просторот. Во нашиот случај се работи за слободна поставена седум крака розета изведена во зграфито техника (кат.бр.12). Освен во зграфито техника, овој мотив се декорирал со сликање.Варијацијата на розетата може да се проследи кај уште два примероци (кат.бр.15,16). И во двата случаи изведени шест краци, групирани по два со завршетоци во спротивен правец, со што се добива крстолика форма. Изработени се во техника на шамплеве во комбинација со зграфито и сликање со зелени петна, датирани во XIII век. Варијанта на розетата е пратставата на листеста розета во вид на цвет со четири или повеќе листови, поставени во еден или повеќе концентрични кругови. На садот со кат.бр. 38, изведена е четирилисна розета, изведена во декорација на зграфито а листовите дополнително декорирани со уште по еден мал лист во шамплеве техника.

Во оваа група ќе биде разгледан уште еден, многу редок мотив, со необична комбинација од прави и коси линии, протолкувана како ***куфски букви***. Овој мотив потекнува од муслиманската уметност во периодот на доцниот XI век и свој одраз нашол и во византиската уметност.[139]Изведбата на овој мотив е преку бројни вариетети, за да на крајот се стилизира до тој степен да се изведува со двојни линии.

---

[136]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 83.
[137]Papanikola-Bakirtzi D., 1987, 193-204.
[138]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 84.
[139]Morgan Ch., 1942, 27.

Вакви примерици на садови откриени се во Константинопол, Коринт, Атина, Солун,Теба, и сите се датирани во периодот на XII век.[140] Еден мал фрагмент припаѓа на скопската колекција, со стилизирана претстава на мотивот врежан врз бледа монохромна подлога (кат.бр.11).

## б. Вегетабилни мотиви

Изборот на ***вегетабилните мотиви*** во керамичкото византиско приозводство се темели на нивната љубов и восхит кон природата. Претставите на садовите изобилуваат со разнолики листови, цветови, винови лози, ластари, бршлени и плодоносни дрвја изведени во духот на креативните мајстори декоратери. Вегетабилните мотиви ги красат внатрешните и надворешните ѕидови на садот како самостоен елемент или како дел од некое композициско решение. Како најзастапени се претставите на листот, кој може да биде бршленов, лозов, дабов и т.н.

***Бршленовиот лист*** како орнамент, се следи од време на Антиката па преку ранохристијанскиот период до времето на доцновизантиската уметност.[141] Неговата појава се симболизира со трајноста и вечниот живот. Како мотив, особено е популарен во време на Комнините. Скопската колекција поседува неколку репрезентативни импортирани примероци. Се работи за три чинии, сите декорирани во хоризонтален принцип чиј носечки елемент е бршленовиот лист, кај сите претставен во различна варијанта. Кај првоит сад со кат.бр. 20 бршленовиот лист е дел од бордурата во зоната под устинката, каде листовите се наизменично поставени со елипси, на шрафирана позадина. Во вториот случај (кат.бр.21) бршленовите листови се радијално поставени во последната зона, изведени во срцевидна форма, на позадина исполнета со коси линии. Третиот сад (кат.бр.22) листовите се копјесто изведени, радијало распоредени околу централниот медалјон и после секој втор лист следува висечки триаголник.

[140]Papanikola-Bakirtzi D., 1999, 44-47.
[141] Зареска П., 2006, 322.

Последната зона на садот исполнета е со половинки од листови. Кај сите три садови декорацијата е изведна на светло зеленкаста основа во техника на зграфито. Според едноставноста на орнаменталниот стил и монохромната глазура, врз основа на аналогии со слични садови од цариградските работилници, датирани се во втората половина на XII век.[142] Претставите на копјесто изведени листови застапени се и на уште два фаргментарно сочувани садови (кат.бр.65,89), радијално поставени околу централниот мотив. Во едниот случајизведбата е со тројно поставени еден во друг листови(кат.бр.65), додека во другиот случај по должина на листот декорирани се со неправилни прекршени линии (кат.бр.89). Срцевидната форма се јавува и кај една плитка чинија, наизменично поставени стилизирани листови со медаљони со птици, изведени во зграфито техника и дополнително обоени со зелена боја (кат.бр.122).Употребата на листовите како придружен дел од композициите продолжува да се негува и во Палеологовскиот период, кога како дополнителен декоративен елемент влегува полихромното глазирање со кафено-жолтеникави и зелени тонови.[143] Од овој вид на садови заспатен е и во скопската колекција со еден примерок. Мал фрагмент од кој е сочуван делот со радијално распоредени листови, изведени во шамплеве техника, со жолтеникава глазура (кат.бр.100)

Следен особено застапен декоративен мотив се ***ластаровите гранки,*** кои со различните стилските изведби можат да бидат лозови ластари или бршленови ластари. Најчесто се употребуваат за исполнување на празниот простор во задницата на композицијата. Овој манир е познат како „страв од празен простор“- „horror vacui“.[144] Мотивот се користи и за декорирање на надворешната страна на садовите, каде по ѕидот дијаметрално се претега низа од лозови ластари.[145]Гранче со лозови ластари се претставува покрај птиците во медаљон.[146] Во поединни случаи кога издатоците се смалуваат кон врвот, мотивот се нарекува „дрво на животот“.[147]Овој орнамент своите почетоци ги има кај месопотамиските цивилизации, но најголема популарност доживува во антиката и во средниот век.[148]Овој мотив е композициски дел од една длабока паница(кат.бр.114) која ја поседува скопската колекција. Централно поставена птица со несразмерни пропорции, со глава спротивно од правецот на телото, наклонета

[142]Babić B., 2008, 918.
[143]Papanikola-Bakirtzi D., Mavrikioy F.N., Bakirtzis Ch., 1999, 149.
[144] ТатиЋ-Ђурић М., 1960/61, 30.
[145] Зареска П., 2006, 326.
[146] Застапени во грузиската керамика.
[147]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 78.
[148] Георгиева С., 1974, 173.

према т.н. „дрво на животот“, а на спротивната страна просторот пополент со лозови ластари. Според стилските особености овој сад е датиран во XIII век. Стилизираните ластари го исполнуваат просторот на една група репрезентативни садови со анимални претстави чии завршетоци варираат од бршленови и лозови листови до стилизирани палмети, изведени во шамплеве доплонето со зелени петна (кат.бр.133-166) Како група на садови се рапрезенти на периодот од крајот на XII допочеток на XIII век.

Стилизацијата на лозовите ластари оди до таа мера што понекогаш се препознава како нов флорален орнамент, во литературата познат како ***„rinceau“***.[149] Овој стилизиран цвет може да се јави како мултиплициран елемент во композицијата или во низа во бордура, која пак може да се протега на горните делови на садот околу централната композиција. Како мултиплициран елемент во композицијата овој мотив е изведен на една длабока паница со локално призводство, композициски изведена во хоризонтален принцип, каде во зоната под устинката распореден е во четири мадалјони, додека во средната зона изведен е во низа (кат.бр.59).Друг репрезентативен примерок, но за жал сочуван само фрагмент, со мотив во низа како бордура ги краси внатрешните и надворешните ѕидовии на садот (кат.бр.86). Изведен на бела ангоба дополнет со сликање, овој сад е импорт, датиран во XIII век.Овој мотив често е претставуван во триаголно поле, кое ги краси горните делови на садот (кат.бр.75,83,87). Неговата употреба е забележана и како орнамент кој го испонува централно поставениот медалјон (кат.бр.62,97). Очигледна е разликата меѓу пораните и подоцнежните претстави на „rinceau“орнаментот. Најраните претстави на овој орнамент потсетуваат на тролисна детелина, јасно дефиниран, застапен е на една плитка чинија од Скопско Кале. Изведен на бала ангоба во зграфито техника во комбинација со сликање со зелена и жолта боја.Според слично откриен сад од локалитетот Чрнче на Водно и според аналогија од Цариградските примероци, садот може да се датира кон крајот на XII и почетокот на XIII век.Уште на еден примерок, кој може да се датира во периодот на XIII век, овој мотив ја исполнува зоната околу централниот мотив, изведен во шамплеве техника додатно декориран со сликање (кат.бр.95). Во подоцнежниот период, XIII – XIV век, следат стилизации, како кај садовите со кат. бр.73,93, за да на преминот од XIV во XVвек, овој мотив толку се стилизира и деформира, што е тешко препознатлив.

---

[149] Овој термин го користи Морган и во целокупната литература се користи како таков, непреведен; Morgan Ch., 1942, 33-34, fig.22; инаку во слободен превод би значел лиснат или флорален орнамент.

Како дел од вегетабилните мотиви претставуваат и ***палметите***. Се јавуваат во различни концепциски решенија, како централен орнамент на композицијата(кат.бр.77,95), како завршетоци на опашките на зооморфните фигури(кат.бр.138,142) или како гранични линии меѓу мотивите. Скопската колекција поседува три садови кај кои палметите се изведени во медалјони оформени од стилизирани ластари. Првиот примерок (кат.бр.19) е длабока паница декорирана во хорзонтален принцип во три зони, каде централниот медалјон е со палмета изведена во шамплеве тахника, додека зоната под устинката на садот претставува бордура од симплифицирани наизменично поставени елипси и палмети поставени на шрафирана позадина. Во вториот примерок(кат.бр.24), фрагмент од дно од чинија, палметите на шрафирана позадина се протегаат околу централниот медалјон, изведени во зграфито техника со правилно распоредени зелени петна. Кај третиот примерок(кат.бр.27) од кој е сочуван само мал дел од дно на сад, се забележуваат наизменично поставени палмети со медалјони, околу централниот мотив. Сите три садови се импотрирани и според аналогии со цариградските примероци, датирани кон крајот на XII и средината на XIII век.

в. Зооморфни мотиви

Византиската керамика изобилува со репрезентативните примероци на садови чија внатрешност е испонета со композиции во кои доминираат претставите на зооморфните мотиви, кои се производ на византиската имагинација и мистиката.[150] Претставувани се диви животни, птици, зајаци, сите со забележано отсусутво на реална претстава, понекогаш пренагласена стилизација и често со хибридна интерпретација.Од редот на дивите ѕверови најзастапени се претставите на ***лавови***, со нивните варијации. Кога се зборува за византиската керамика откриена на територија на Мекадонија, синоним за лавови е Скопско Кале. Фондот со претстави на овој мотив епоприлично богат, откриени се шест целосно сочувани чинии и поголем број на фрагменти на кои може да се препознае истиот мотив (кат.бр.133-166). Животните се

[150] Михајлоска П., 2000, 42.

претставени неподвижни, во подготовка на скок или претставен е моментот кога дивото животни го напаѓа својот плен. Високо издигната глава поставена во профил, со отворени челусти и нагласени очи, сите со стилизирана изведба на гривите и непропорционална изведба на телото. Несразмерноста во изведбата го принудила сликарот шепите да ги прикаже во маргиналниот простор на работ на садот, надвор од оквирот на целата композиција, што остава впечаток дека животното се оттурнува од ѕидовите на работ. Централно поставени, на позадина изведена во шамплеве техника, додека фигурата на животното изведена во зграфито техника. Преостанатиот слободен простор од композицијата исполнет е со разиграни палмети и ластари со бршленови лисја, на моменти и опашките на лавовите со стилизирана изведба во вид на ластар или полупалмета. Во горните делови на садовите, кружи бордура исполнета со мрежест орнамент. Преку целата внатрешна површина нафрлени се зелени траки кои му даваат живост на сцените. Сите садови од оваа група, веројатно се плод на иста работилница и ист манир на работа. Единствено се издвојува садот, во чија анимална претстава се препознава некој вид на говедо или волк, чија позадина е исполнета со многу стилизирани палмети (кат.бр.143). Очигледно оваа чинија е изработувана од поневешта рака. Фигурите на лавови биле омилен мотив во западната уметност во периодот на доцната романика и раната готика.[151] Особено популарен, овој мотив бил и на истокот, во персиската уметност, во периодот на XI и XII век.[152] Со оглед на тоа што поседува карактеристики на едно од најмоќните суштества во животинското царство, лавот бил отсекогаш сметан за симболичка претстава на храброста, бестрашноста и моќта на високото кралско достоинство и раскошната убавина.[153] Лав во иста положба, со шепите потпрени на ободот на садот, е претставен на една чинија од Варна,[154] а со слична композиција, стил на работа и иста боја на глазура, се среќава на една фрагментирана чинија од Бенаки музејот.[155]Скопските примероци најблиски аналогии покажуваат со Цариградските примероци и примероците импортирани во Коринт, што се датирани во втората половина на XII век. Оваа група на садови е изолирана појава што не се репродуцира во подоцнежните периоди. Скопската колекција поседува уште две фаргментарно сочувани чинии со анимални претстави. Изведени во шамплеве техника, сочувани се само долните делови од телото и дел од бордурата исполнета со

[151]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981,
[152]Rice D.T., 1966, 39.
[153] Димитрова Е., 1995, 149.
[154] Археологически музей, Варна, бр.82.
[155]Papanikola-Bakirtzi D., Mavrikioy F.N., Bakirtzis Ch., 1999, 111, No.226.

мрежеста декорација во зграфито техника (кат.бр.147,148). Според анлогии од коринските примероци овие садови се датирани во првата половина на XIII век.[156]

Друг чест мотив застапен при декорацијата на садовите е ***мотивот на птица.*** Византските садови изобилуваат со разнолики претстави на птици: со долг врат (пајки и гуски), грабливи птици (орел или сокол), гулаби, пауни, фазани. Овој мотив е со широк дијапазон на употреба, што трае сé до крајот на XV век. Скопската колекција располага со околу дваесетина садови со претстава на овој мотив, што импортирани садови, што локално изработени по примерот на првите, датирани во временски распон од средината на XII до XIV век. Претставник на најраните садови со овој мотив е една целосно сочувана чинија, чиј мотив е изведен во слободен стил.[157] На бела подлога во техника на ран зграфито, со прецизно изведен цртеж, претставена е граблива птица, завртена на десно и покрај неа претставен со спирална изведба вегетабилен мотив. Венецот на чинијата хоризонтално решен и декориран со мултиплициран мотив на спирала (кат.бр.109). Во изведба на слободен стил, припаѓа уште еден фрагмент од чинија, на која е сочувано дел од телото на птица, на која според изведбата на канџите припаѓа на родот грабливи птици (кат.бр.110). Повторно изедбата е на бела ангоба со прецизно изведен цртеж во техника на зграфито. И двата сада, според аналогии со коринтските и цариградските примероци, се датирани околу средината на XII век. Изработени во стилот на цариградските претстави на птици, припаѓаат и садовите со кат. бр.130. Првиот пример е птица во медаљон од групата на садови со т.н. стил спирали, покрај која напоредно од двете страни се поставени стлизирани гранчиња. Вториот примерок е мал фаргмен, на кој сесочувани нозете од птицата. И давата сада се изработени на бела подлога во техника на зграфито во комбинација со сликање, датирани во втората половина на XII век.

Во сосема поинаква концепциска изведба, со непропорционална изведба на мотивот, припаѓаат една група наимпортирани длабокипаници работени во ист манир. На кремаста подлога изведена во шамплеве техника, претставени се птици кои наликуваат на фазан. Кај едниот сад птицата е претставена со глава спротивно од правецот на телото, покрај која од едната страна изведен е мотивот „дрво на животот“, а другата старана е исполнета со стилизирани ластари. Пределот на вратот декориран со низи од полукругови кои потсетуваат на рибини крлушки, а долж по рбетот на

[156]Morgan Ch., 1942, 163.
[157]Morgan Ch., 1942, 151.

птицата, во еден ред изведена декорација со пунктирање. По целата внатрешна површина на садот нанесени петна со темно зелена и кафена боја (кат.бр.114). И другата изведба на птица е во шамлеве техника, околу која кружат стилизирани спирални ластари. Птицата е претставена во профил, со непрапорционално тело обрабено со шрафура од збиени паралелни линии изведени во зграфито техника. По целата површина нанесени зелени и светло кафени петна (кат.бр.115). Во сличен манир е фаргментот со кат бр.132, на кој е сочувана само опашката од птицата декорирана со цик-цак линии или декорирана со брановидни линии (кат.бр.117). Овие садови според стилските особености се датирани во периодот на XIII век. По примерот на овие садови, е и фрагментот со кат.бр.116, кој според начинот на погрубо изведениот мотив, може да се калсифицира во локално произведените садови датирани во истата временска рамка.

Во периодот околу средината на XIII век, припаѓаат и два фрагменти од нецелосно сочувани садови, на кои се сочувани горните делови од птици. Едната изработена во манирот на зграфито во комбинација со сликање со зелена и жолта боја(кат.бр.126), а другата во шамплеве техника(кат.бр.119), кои според начинот на изведбата на клуновите и очите може да се припишат на садовите на цариградската работилница.[158]Друга интересно концепциски решена плитка чинија е со кат.бр.122, која околу централниот медаљон, наизменично се распоредени птици во медаљон и стилизирани срцевидни листови, изработени во зграфито техника и дополнително декорирани со зелена и кафена боја.

Во центарот на композицијата врежана е птица кој потсетува на гулаб, централно поставена во медаљон, позади неа контрапостиран триаголник исполнет со стилизиран вегетабилен мотив (кат.бр.127). На друго дно претсавена птица и од двете страни поставени триаголници исполнети со стилизирани вегетабилни мотиви (кат.бр.125). Вака концепциски решени садови, со претстави на долговрати птици, забележани се во прилепската работилница, работени по примерот на садовите од Мелник и Трново.[159]Но не треба да се изостави и влијанието на сересната работилница, која е специфична по начинот на претстава на очите, како заокружена точка и продолжеток „V“кон крајот на окото[160](кат.бр.118). Ваквата изведба на мотивот

[158]Morgan Ch., 1942, 118.
[159] Михајлоска П., 2000, 46.
[160]Papanikola-Bakirtzi D., 1992, pl.1.

дополнета со колоритност, не би можела да се датира пред XIII век, но може да се припише и на првата половина на XIV век.

Како приозвод на скопската работилница, можат да и се припишат уште два нецелосно сочувани чинии. Првата е далбока паница со конично поставени ѕидови и рамно решен венец, со централно обрабен простор со двојна кружница во кој е поставена птица со раширени крилја, со глава и нозе поставени на десно, што се добива впечаток дека птицата седи. Пердувите на телото изведени како рибини крлушки, во секоја поставена по една точка. Главата не е сочувана, па не може да се одреди на кој вид на птици припаѓа. Целата композиција придружена со зелена и кафена боја, што и дава живост и разиграност (кат.бр.123). Другиот примерок е фрагментирано дно од длабока паница, во кое на бела ангоба е изведен мотивот во слободен стил. Претставена е птица со глава на некое друго животно што наликува на волк или куче, поставена спротивно од правецот на телото. Пердувите се изведени со стилизирани спирали, а задниот дел налик на опашка со паралелни линии. Целиот мотив е изработен во зграфито техника (кат.бр.112). Според стилските особености, двата сада се датирани од крајот на XIII век до средината на XIV век.

Во редот на зооморфните мотиви се вбројува и претставата на ***риба***. Како ликовен симбол е познат од христијанската иконографија, но како декоративен мотив, застапен е и на глазираната византиска керамика. Претставата на риба е омилен декоративен мотивво периодот на турското средновековие. Разликата со византиските претстави е во употребата на различниот колорит, односно комбинацијата на тоновите, темно сина или темно зелена со бела сликарија врз бело глинени садови. Претставите на мотивот риба на византиските садови е изаведуван на бела ангоба во техника на зграфито, со безбојна, жолтеникава или зеленкаста глазура. Скопско Кале поседува еден фрагмент од плитка чинија, на која е сочувано само дел од телотот на рибата (кат.бр.149). Според аналогии на откриени садови во Цариград, Коринт, Теба, оваа импортирана чинија е датирана во средината на XII век[161]. Скопската колекција располга со уште едно сочувано дно од чинија, на кое околу централно поставен круг радијално се распоредени седум помали риби (кат.бр.150). Шематизирана изведба во техника на зграфито дополнета со сликање во кафена боја. Според начинот на изведбата и стилските особености, садот е плод на локалното производство во XIV век.

[161]Papanikola-Bakirtzi D., 1999, 28

г. Антропоморфни мотиви

Антропоморфните претстависе многу ретка појава во византиската керамика во однос на другите мотиви.Скопската колекција поседува неколку фрагменти, кои не дозволуваат да се направи реконструкција на садовите. Како најран, а воедно и импортиран примерок е фаргментот со кат.бр.152. Се работи за претстава на воин кој споредначинот на поставеноста на телото и декорацјата на облеката, се совпаѓа со откриените примероци на Коринт, датирани во втората половина на XII.[162]Вака декорирани садови, на подлога од бела ангоба во зграфито техника, понекогаш комбинирана со шамплеве, се во употреба до XIII век, кога антропоморфните мотиви ќе бидат целосно заменти со популарните анимални претстави. И кај другиот примерок е сочувано е само торзо, со богато декорирана облека (кат.бр.153). Изработен е во зграфито техника во комбинација со шамлеве и целата композција дополнета со сликање со жолта и зелена боја. Според стилските особености и аналогии со Цариградски и Коринтски примероци, овој сад е датиран во периодот на XIII век. Последниот фрагмент, носи претстава на светец, со ореол декориран со правилно распоредени ситни убоди и широки бадемасти очи. Покрај левото рамо изведба што потсетува на крило, според што може да се констатира дека се работи за архангел (кат.бр.151). Оваа практика да се употребуваат вакви мотиви за декорирање на керамички садови е забележана кај цариградските примероци, кои носат претстава на Св. Ѓорѓи и кај солунските садови, на кои е претставен патронот на градот Св. Димитрија.[163]Според употребата на шамплеве техниката и според аналогии со наведените примероци, садот е датиран кон крајот на XIII ипочетокот на XIV век, со можност да е плод на локалното производство.

[162]Morgan Ch., 1942, 421, Plate L,f, No.1542.
[163]Papanikola-Bakirtzi D., 1999, 91, No.104.

## 3. Декоративни системи

Декоративните мотиви на керамичките садови распоредувани се на повеќе начини и сите се во функција на композицијата. Композициската изведба на мотивите ја диктира пред се формата на садот, што понекогаш претставува ограничувачки фактор при уметничкото изразување на декоратерот, кој е принуден да ги прилагоди, стилизира и деформира мотивите. Кај пораните примероци на садови, композициските решенија се одликуваат со одмереност, едноставност и симетричност, додека кај подоцнежните примероци се јавува презаситеност на орнаментите, што доведува до губење на основниот концепт. Како најприменувани концепциски решенија се издвојуваат *хоризонталниот и вертикалниот принцип.*

*Хоризонталниот принцип* е концепт на декоративен сиситем кој ја почитува формата на садот и е карактеристичен за Византија. Орнаментите се поставени на тој начин што се распоредени во зони, околу дното, поточно околу центарот на садот. Вообичаено мотивот во медаљон го краси централниот дел на садот, околу која се распоредуваат зоните. Најчеста е поделбата во две или три зони, кои сите меѓусебно се одделени со единечни или повеќекратни кружници. На овој начин се постигнува силен контраст, со што се нагласува централниот мотив.

Хоризонталниот концепт на декорирање во зони или појаси се поврзува директно со концептот кај кинеските Танг садови.[164] Врз основа на распоредот на елементите се издвојуваат *радијален распоред* и *ритмичко повторување* на еден или повеќе орнаменти. Радијалниот распоред на елементите се користи на садовите од Муслиманскиот Исток. Овој принцип уште се поврзува и со металните садови, кои поради изведбата на декоративните техники се користел хоризонталниот распоред во зони. Централниот мотив се изведувал како круг или како розета и околу нив радијално распорени појаси од лозови гранки, шрафирани полиња, траки со паралелни линии, стилизирани листови и др. Понекогаш орнаментите течат во два реда. Во првиот ред радијално распоредени околу централниот мотив, а вториот ред по горната половина на ѕидовите на садот или по работ на устинката.

Ритмичкото повторување на орнаментите најчесто подразбира метопски распоред, карактеристичен за садовите од периодот кон крајот XII век во Коринт и

---

[164] Михајлоска П., 2000, 50.

Цариград, додека на наша територија до крајот на XIII век, од кога орнаментите се ослободуваат од концептуализмот и се претставуваат без некој посебен ред.

Вертикалниот концепт е карактеристичен за египетското стакло од X век. Претставите на зооморфни фигури претставени во вертикален принцип, водат потекло од Персија и Сирија.[165] Примената на овој распоред е поретка во однос на употребата на хоризонталниот распоред. Садовите декорирани во вертикален приинцип не се датирани пред средината на XIII век.

Според направената анализа на материјалот,каде мотивот е ослободен од концептуалниот распоред, може да се издвои уште една група на садови. Тоа е т.н. слободен стил.[166]

---

[165]Rice D.T., 1930, 82.
[166]Morgan Ch., 1942, 151.

# V. Карактеристики и стилски особености на Византиското и локалното производство

Пред да ги разгледаме разликите и стилските особености на Византиското и локалното производство, треба да го насочиме вниманието кон влијанијата под кои се развива византиската глазирана керамика. За да се добие целосна слика за приозводствениот процес на керамиката, треба да се разгледа нејзиното потекло во однос на надворешниот изглед, односно формите и во однос на внатрешниот изглед, односно декоративните решенија и концепциските изведби.

Глазирањето како технолошки процес, најпрвин е забележано во Бадариан културата во Горен Египет, кои се датирани 4000 г.п.н.е. Во Месопотамија овој технолошки процес е применуван при производството на ѕидните полочки, со кои биле обложувани влезните порти, а констатирана е и употребата на оловна глазура врз глинени предмети. Најраните примероци од садова керамика се најдени во Мала Азија во Тарсус од Iвек п.н.е. Во Италија се јавуваат во I век н.е., додека во Центарална и Источна Европа се јавуваат во II и III век. Од IV до VI век глеѓосаните садови се појавуваат по сите римски провинции, со воочливи разлики, од провинција до провинција, што се должи на локалното производство.Појавата на византиската керамика е забележана во периодот од VII до IX век, како директен наследник на римските бело глинени садови.[167]

Формите на византиската керамика, Морган ги посочува како транформација на римските форми, надополнета со добро познавање на кнеските Танг садови.[168]На Рим му ги припишува и црвената, добро преработена компактна глина и оловната глазура. Позната е доцно римската луксузна керамика што од надворешната страна се премачкувала со фирниз, како и римската глазирана керамика, понекогаш сликана или декорирана со барботин.Но употребата на глазура со висок сјај и транспарентност, како и декоративните мотиви, се суштинска визнатиска новина, која се издвојува од римското керамичко производство.

---

[167]Wallis H., 1907.
[168]Morgan Ch., 1942, 169.

Употребата на зграфитото како декоративна техника, заедно со монхромно глазираните садови, е забележана појава во царигардките работилници во периодот од VII до IX век. Спред Рајс, употребата на зграфитото и упоребата на полихромната глазура, се создадени под влијание на Сирија и Месопотамија.[169]Зграфитото како декоративна техника е во директна врска со декорирањето на металните садови. Сличноста е во изведбата на декоративната техника торевтика, со која се украсувале металните садови, само пренесена на керамичка подлога. Под влијание на византискиот плиток релјеф, ќе настане декоративната техника шамплеве, која се појавува кон крајот на XII и почетокот на XIII век. Вака декорираните садови произведени во царигардските работилници, ги краселе трпезите на високите кругови на општеството. По падот на Константинопол во 1204 година, сликата се видоизменува. Под влијание на новите економски услови во империјата, овој вид на керамика подеднакво е застапен и на царските и на селските трпези. Во прилог на тоа се и пишаните извори од Никифор Грегора, кој ја опишува осиромашената царска трпеза: *пред освојувањето на Цариград преовладувале метални садови, од племенити материјали, а по неговиот пад, доминираат глазираните керамички садови.*[170]

За изборот на мотивите кај глазираната керамика, Рајс смета дека се под силни влијанија од Палестина, Кипар, Јужна Русија, Кавказ и Романија, отфрлајќи ги египетските влијанија, тој верува дека Персија е виталниот извор на инспирација.[171] Персиското влијание го потврдува и Морган, кој при археолошките истражувања во Коринт открива персиски примероци на керамика од доцниотIX до XII век, што послужиле за пример во коринтското производство.[172] Од средината на XII век декоративните мотиви на садовите произведени во престолнината, ќе подлегнат на локалните влијанија, најпрвин во Цариград, а веќе од средината на XIII век и во работилниците во Грција и Бугарија.[173] Со појавата на локалното производство се губи потребата да се увезуваат садовите од друго место, тоа го наведува Морган како забелешка, дека дури ни Коринт не увезува ништо друго освен „прото мајолика“.[174]По примерот и под влијание на поголемите центри, ќе започне локалното производство на глазираната керамика и на Скопско Кале. Инспирацијата за изборот на

[169]Rice D.T., 1930, 82.
[170]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 112.
[171]Rice D.T., 1965, 194-236; 1966, 39, 209.
[172]Morgan Ch., 1942, 170.
[173] Михајлоска П., 2000, 72.
[174]Morgan Ch., 1942 , 170.

мотивитедекоратерите ја црпат, како што веќе напоменав, од поголемите производствени центри, но не треба да се изостават орнаментите на облеката, накитот и оружјето, а по однос на формите иод стаклените садови.[175]

Скопската колекција изобилува со ексклузивни византиски наоди кои по својата единственост не се сретнуваат на пошироките балканкси простори. Застапени се сите познати декоративни техники што се користени при изведбата на мотивите. Најбројно застапени се отворените садови, поделени на плитки чинии и длабоки паници, со вариетети при изведбата на горните делови. Во однос на изведбата на декоративните техники и употребата на декоративните мотиви, скопските садови генерално може да се поделат во неколку групи.

Прва репезентативна група, која претставува и синоним за Скопската тврдина, се садовите декорирани со зооморфни мотиви изработени во комбинација на шамплеве и медитеран зграфито. Доминираат претставите со монуманталнa фигура на лав, со варијанти во поставеноста на главата која го следи правецот на движење или е свртена наназад (кат.бр.133-166) За одбележување е исцената на борба меѓу лав и неговиот плен – дивокоза (кат.бр.138).Во оваа група отскокнува само еден сад, на кој е претставено животно кое според невештиот начин на изведбата , се толкува или како говедо или како волк, но бидејќи е изработено во иста временска рамка со дивите ѕверови, пологично би било претставата да биде волк (кат. бр.143). Побројно застапени се плитките чинии, а каракатеристично е тоа што белата ангоба и глазурата се нанесени комплетно и врз внатрешните и врз надворешните ѕидови на садовите.Скопските примероци најблиски аналогии покажуваат со Цариградските примероци и примероците импортирани во Коринт, што се датирани во втората половина на XII век или почетокот на XIII век. Оваа група на садови е изолирана појава што не се репродуцира во подоцнежните периоди.

Како подгрупа на зооморфните мотиви, може да се издвојат садовите кои носат декорација со мотивот на птица.Генерално може да се каже дека доминантни претстави на импортираните примероци се грабливите птици, орел и сокол. Јасната изведба на мотивот, пропратена со зграфито техника комбинирана со шамплеве, прекриени со безбојна глазура, се делата на цариградските мајстори кои твореле во XII и XIII век, во царската престолнина. Концепциските решенија може да се поделат на:мотиви

[175] Михајлоска П., 2000, 72.

поставени слободно во просторот (кат.бр.109,110,112), пропратени со по некоја стилизација на вегетабилен мотив и мотиви поставени во медаљон (кат.бр.111, 122), најчесто дополнително декорирани со уште некој од вегетабилните или геометриските мотиви во хоризонтално распореден зонски систем. Кон оваа група може да се додаде и изведбата на мотивот риба (кат.бр.149), која при начинот на изведбата на бела подлога во зграфито техника, ги носи спецификите на цариградската престолнина кон крајот на XII век. Локално произведените садови во кои е застапен мотивот на птица, според начинот на изведбата се со воочливи разлики. Освен грабливите, се среќаваат и други видови на птици: гулаби, фазани, долговрати птици, кои на моменти се тешко препознатливи на кој вид припаѓаат. Од формите поголема е застапеноста на длабоките паници, додека декоративните техники се целосно опфатени. Нанесената подлога е во кремасти нијанси во подебели слоеви, додека глазурата сјана, но често пати некомпактна и слабо сочувана. Претставите на долговрати птици се работени под влијание на садовите од Мелник и Трново. Но не треба да се изостави и влијанието на Сереската работилница, која е специфична по начинот на претстава на очите, како заокружена точка и продолжеток „V"кон крајот на окото (кат.бр.118). Ваквите изведби на мотивите дополнети со колоритност, не би можеле да се датираат пред XIII век, но може да се припишат и наXIV век.

Друга издвоена група на садови се оние кои се работени во техника на сликање. Оваа декоративна техника е застапена на длабока паница и еден трочлен сад стомна. Концептуално ослободени, со принцип на сликање со неправилни кратки змиулести потези, датирани во периодот кон крајот на XII и почетокот на XIII век, што можеби поради неатрактивноста при изведбата, не се појавуваат во подоцнежните периоди.Како подгрупа на сликањето, претставува техниката на мраморирање, евидентирана кај една помала група на садови. Нивна појавност е забележана и кај коринтските примероци во средината на XII век. Идејата за ваквиот начин на декорирање е да се долови ефектот на мермерна површина, чест бил случајот, да се декорираат и надворешните ѕидови на садот. Од расположливите примероци може да се каже дека ваквиот начин на изведба е застапен на плитки чинии, со широко разгранети ѕидови и прекриени со жолтеникава глазура. Ваквата појава на Скопската тврдина е забележана во XII век и како таква е изолирана појава, на која не се прави репродукција во подоцнежните периоди.

Уште една група која ги носи спецификите на цариградките „Zeuxippus“ садови, се садовите декорирани во т.н. стил спирали. Концептуалната изведба е решена во хоризонтален принцип во неколку зони, кај кои централното место е наменето за мотивот кој е поставен во кружен медаљон. Изборот на централниот мотив може да биде или во изведба на спирали или да се постави птица. Се користи комбинирана техника на декорирање со тенок линеарен зграфито и сликање во две бои, зелена и кафена. Според изборот на формите, застапени се и плитките чинии и длабоките паници. Ваквиот начин на декоративна изведба е датиран во почетокот на XIII век и е повторно изолирана појава без континуирана употреба. Спиралата со сите стилизации како декоративен мотив се употребува и во наредните векови, но во поинаква концепциска изведба и поставеност. Со користење на шамплеве техника, како производ на стилизираната изведба на спиралата, во скопската колекција, бројно застапен е мотивот „роза на ветрот“. Појавата е забележана и кај коринтските примероци кон крајот на XII и почетокот на XIII век, но не во толкав број како во нашиот пример. Употребата на овој мотив на Скопската тврдина е регистриран низ целиот XIII век, кога неговата употреба целосно згаснува.

Како посебна група на садови, може да се издвојат садовите што носат декорација со бршленови листови и палмети. Кај сите концептуалниот распоред е решен во хоризонтален прицип. Поставени на шрафирана позадина,стилизирани низи од ластари кои оформуваат мадаљони со завршетоци на бршленов лист или палмета. Мотив кој се појавува кон крајот на XII и почетокот на XIII век, кај импортираните садови, вешто продолжува да се копира во локалното производство во текот на XIII век. Се користи комбинирана техника на зграфито и шамплеве техника, со која најчесто се изведува централниот мотив, и по целата површина дифузно расфрлани зелени петна. Од формите преовладуваат длабоките паници, на чија внатрешност и на мал дел под венецот на надворешноста , нанесена сјајна глазура. После XIII век, вака декорирани садови не се сретнуваат. Континуинирана употреба е забележана на ластаровите гранки, кои завршуваат со стилизиран флорален елемент, мотивот „rinceau“. Освен на импортираните садови, овој мотив се употребува и кај локално произведените, со континуирана употреба од крајот на XII до XIV век. На почетокот со јасна изведба на флоралниот мотив, за да од втората половина на XIII и низ целиот XIV век неговата изведба оди во крајна стилизација. Се јавува како мултиплициран елемент

во композицијата или во изведба на низа во бордура, најчесто изработен во зграфито техника, дополнета со сликање.

Како последна, многу мала група што може да се издвои, се садовите, поточно фрагментите чија позадина ја красат антропоморфни мотиви. Сите се фрагменти што не може точно да се прецизира на кој дел на садот припаѓаат, но може да се издвојат како импорти од средината на XII век и локално изработени по примерот на солунските садови од крајот на XIII и од првата половина на XIV век.

Скопската работилница може да се пофали со добро познавање на грнчарскиот занает, што се препознава по квалитетната и добро прочистана глина, тенкиот слој од ангоба и компактност на глазурата со површината до степен на висока сјајност.Присутна е поделбата на трудот, што подразбира ангажман на грнчари, во чии раце е изведбата на формите и мајстори декоратери, задолжени за декоративниот дел и последното глазурно печење на садовите. Првите биле стационирани во или околу работилниците, додека вторите може да се каже дека патувале од центар до центар, понекогаш и во соседните држави.[176] Иако вешто ги копираат увезените примероци, како во однос на изведбата на мотивот, така и во употребата на декоративните техники, нивната вештина е потврдена со една необична појава на комплет садови, составени од плитка чинија, длабока паница и многу мала паница, сите со иста профилација, компактност на глината и монохромна, транспарентна и високо сјајна глазура.[177]

Врз основа на направената стилска анализа на глазираната керамика со византиско потекло,може прецизно да се одреди патот на увоз на овој вид на роба. Главен трговски пат бил т.н. „цариградски друм“, кој од престолнината одел најпрво во воден пат, преку Црно и Средоземно море, а потоа по копно, долж речните долини. Друг правец на увоз, бил по копнен пат, најверојатно преку бугарската територија.[178]Според застапеноста и сличноста на керамиката откриена во Коринт и Солун, може слободно да се каже дека, импортираните глазирани садови, се производ на цариградските работилници и преку главниот трговски пат, со неколку попатни станици, се дистрибуирани на Скопската тврдина.

---

[176] Михајлоска П., 2000, 53.
[177]Садовите се депонирани во ИСК Прилеп, во случајов достапни само со цртеж.
[178]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 120-121.

# VI. Византиската глазираната керамика во соседните земји

а. Грција

На територија на Грција византиската глазирана керамика бројно е застапена и тоа на повеќе локалитети: Солун, Коринт, Серес, Олинт, Халкидики,Спарта и др.Особено интерсни се наодите откриени во Коринт, Солун и Серес, бидејќи покажуваат сличности со наодите од Скопскта тврдина. Карактеристично за Коринт е тоа што откриените наоди во периодот на XI и XII век, покажуваат сличности со примерите од цариградските работилници. Застапени се садови, особено плитки чинии, декорирани на бела подлога во техника на тенок зграфито со мотивите на спирали, птици поставени во т.н. слободен стил, птици во медаљони, други анимални претстави, како и мотивот на куфски букви со нивните стилизации. Застапени се и садови со антропоморфни претстави, на кои сценски е изведуван епот за Акритас.[179]Декоративната техника шамплеве е подеднакво бројно застапена при изведбата на декоранивните мотиви кај овие садови, особено при изведбата на зооморфните мотиви.

Солунските садови се препознатливи по изработката од времето на Палеолозите.[180] Поделени се во три групи: паници сликани со ангоба од двете страни, садови со доминација на мотивот на спирала или крива линија и зграфито и монохромно глазираните садови. Во групата на зграфито декорираните садови најзастапени мотиви се концентрични кругови и птици, премачкани со жолто-портокалова глазура добиена од железни оксиди, која се одликува со висока сјајност и транспарентност карактеристична за времето на Палеолозите.[181] Во третата група домонираат вегетабилните мотиви и мотивот на птица.

Сереските садови се препознатливи по декорацијата изведувана во стил на медитеран зграфито, а доминантни мотиви се палмети, преплети, спирали, срцевидни листови и особено застапен е мотивот на птица. Шамплеве техниката ретко е

179 Notopoulos J.A., 1964, 108-133.
180 Papanikola-Bakirtzi D., 1987, 193.
181 Wisseman S., 1992, 66-68.

употребувана при изведбата на зооморфните мотиви, за разлика од коринтските садовикои располагаат со побројни примери изработени во оваа декоративна техника. Садовите се декорирани и од надворешната страна, со сликани кругови со бела ангоба, во низа или преплети. Доминираат полутопчети паници, поставени на едноставна прстенеста нога.[182]

б. Бугарија

Бугарската керамографија забележала значајни наоди на глазирана керамика, врз која е забележано византиското влијание.Центри во кои е откриена византиска глазирана керамика се: Софија, Ќустендил, Преслав, Цигена, Врац, Варна, Трново и др. Наодите откриени на овие локалитети овозможуваат преглед на трпезната керамика, користена како во престолнината и утврдените градови за време на Второто Бугарско царство, така и во селските населби во истиот период.[183]Во времето на Првото Бугарско царство, во престолнината Преслав се изработувала зграфито керамика, со високи уметнички вредности, наменета за задоволување на потребите на феудалците.[184] Второто Бугарско царство е време на развиен феудализам и процвет на занаетите, кој период изобилува со глазирана керамика. Оваа керамика претставувала значаен дел од урбаната бугарска култура, која претставувала директен одраз на материјалните можности и уметничкото израз на населението од овие средновековни градови.

Најбогати наоѓалишта на декорирана керамика, работена по примерот на византиската, се Царев град и Трново.[185]Оваа керамика содржи извесни специфичности со уникатни декоративни мотиви, изведувани во зграфито техника и се разликува од керамиката од другите поголеми центри на територија на Бугарија. Престолнината Трново, освен што била голем прозведувачки центар на керамика, исто така имала

[182]Papanikola-Bakirtzi D., Maguire E.D., Maguire H., 1992.
[183] Чангова Й., 1962.
[184] Станчева М., 1964, 51.
[185] Георгиева С., 1974, 1-186.

своја школа за керамичари – декоратери.[186]Специфичноста на овие производствени центри се монограмите на бугарските кралеви и патријарси, што во форма на печати, се втиснувале на дното и на ѕидовите на дел од садовите.[187]

Трновската зграфито керамика имала бројни заеднички елементи со керамиката од Цариград, благодарение на економските и културните врски помеѓу овие престолнини во текот на доцниот среден век. Крактеристиките на византиската керамика откриена на бугарска територија се: симетрични композиции во кои се користени мотивите на палмети, волути, розети, шрафирани полиња и тенденцијата за геометризација на растителните мотиви. Асортиманот на зооморфните мотиви се состои од избор на различни видови на птици, особено долговратите птици комбинирани со геометриски и растителни мотиви. Во изведбата на мотивите се користи полихромното зграфито, додека шамплеве техниката е занемарена или многу ретко употребувана. Од формите, најзастапени се длабоките паници.

в. Србија

На српската територија доминантно е византиското влијание, што било пресудно при создавањето на локалното производство. На северните граници, во Србија се чувствуваат и западните влијанија, што е резултат на патната мрежа која го поврзува Балканскиот Полуостров со Европа.[188]Најистражувани локалитети во Србија се: Ниш, Ново Брдо, Крушевац, Сталаќ, Белградската средновековна тврдина, средновековниот град Рас, како и манастирските комплекси Ѓурѓеви ступови, Манисија и Милешево.[189]Влијанијата под кои се создава локалната српска керамика, Хаџи Пешиќ смета дека се резултат на две струи: од едната страна Трново и Софија со

[186]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 122.
[187] Георгиева С., 1974, 154.
[188]Bajalović – Hadži-Pešić M., 1981, 122.
[189]Ljubinković R., 1963, 141; Ћоровић-Љубинковић М., 1962, 165-183; Ibid, 1969, 229; Jovanović V., 1971, 78; Јордановић Ч. и Јуришић А., 1970, 189-295; Минић Д., 1980, 43-47; Минић Д., Вукадин О., Ђорђевић С., 1975, 187-191; Ibid, 1979, 8-11; Бирташевић М., 1963, 83; Bajalović – Hadži-Pešić M., 1972, 142; Ibid, 1980, 37; Janković Đ., 1974, 89-112; Ibid, 1986, 21-33; Бошковић Ђ., Павловић С., Корачевић М., 1975, 141; Ibid, 1977, 106-107; Минић Д., 1969, 107-109; Pribaković D. i Popović M., 1973, 32; Barnea I., 1967, 229-276.

Месемвриско влијание и Крушевац, Сталаќ и Белград од друга страна со македонско влијание.[190]Меѓу наодите од Ниш доминираат мотивите со спирала, палмети централно поставени, како и медаљон со птица. Мотиви кои се поврзуваат со мотивите на коринтските примероци. Наодите од Крушевац и материјалот од Белградската тврдина, се поврзува со стилот со спирали централно поставени во медаљон.[191]Локално произведените садови за разлика од византиските примероци, композициски се презаситени со мотивот кој повеќе пати се повторува. По однос на формите полутопчестите паници се карактеристични за Ново Брдо, Нови Пазар, Белград, Крушевац и Раваница, додека коничните паници со нагласен реципиент за Милетинја и Белград.[192]По однос на мотивите, се чини дека тие продирале по патот што од Цариград водел преку Бугарија низ Македонија и стигнувале до Белград.[193]

На територијата по течението на Дунав, освен византиските влијанија во периодот на XI и XII век, забележано е и Романското влијание. Најблиски се аналогиите со локалитетот Гарван Диногециа, чии наоди во периодот на XI и XII век, покажуваат сличности со материјалот од Ниш, Скопје и Прилеп.[194] Еден од најважните локалитети во Романија е Pacuil-lui-Soare, локалитет кој го расветлува периодот на продирање на византиските влијанија на територија на подунавјето, како и утврдување на развојниот континуитет на глазираната керамика од XIII и XIV век. Најчести мотиви се брановидни линии, гранче, спирала, триаголници во низа, розети на дното, мотиви што се вообичаени за керамиката кај сите Балкански земји во периодот на XIII и XIV век.

[190]Bajalović – Hadž-Pešić M., 1981, 120; Бикић В., 1994, 53-57, 69-70, 80-86.
[191]Ibid, 1981, 120-121.
[192]Tomić G., 1977, 429.
[193] Јиричек К., 1959, 121.
[194]Nicolescu C., 1959, 77-102.

# VII. Заклучок

Во оваа студија каталошки се обработени 156 садови, меѓу кои побројни се фаргментираните во однос на целите садови. Целокупниот материјал е калсифициран според формално типолошки метод. Генералната поделба започнува со издвојување на две групи: цели садови и фрагментирана керамика.

Во групата на цели садови се вбројуваат садови од отворен и затворен тип, кои интерно се организирани по типови. Одредувањето на видовите кај отворените садови е направено врз основа на апсолутните размери, односно се земаат во предвид дијаметерот на отворот на садот и дијаметарот на дното на садот. Се додека овие пропорции го задоволуваат односот 1: 3, садот припаѓа на видот чинии. Отворените садови поради различните облици на телото се поделени на: плитки чинии и длабоки паници. Од затворените садови, кои се поретки во однос на отворените, може да се издвојат: стомни, бокали и чаши.

Групата на фрагментите ги содржи подгрупите: фрагменти кои што може да се одредат на кој дел од садот припаѓаат (делови од горниот и делови од долниот дел на садот) и фрагменти кои што не може да се одредат на кој дел на садот припаѓаат, но се интересни заради декорацијата.

Со вака направената калсификација, може да се каже дека големите полусферични чинии со едвај нагласена нога и длабоките големи паници на шуплива конусна нога која е проширена на дното, се специфични за пораните периоди, поточно крајот на XII и некаде до средината на XIII век, додека втората половина на XIII и низ целиот XIV век, застапени се длабоките паници, со помали димензии во однос на првите.

Употребата на декоративните техники и декоративните мотиви на керамиката од Скопско Кале, дозволува хронолошка поделба во два периоди. Првиот го опфаќа времето од XII до средината XIII век, кога керамиката изобилува со кавалитет, во однос на квантитет, што се должи на луксузниот карактер на импортираните производи. Главна одлика на овие садови е компактна глина, тенко нанесен слој на

ангоба, цртеж прецизно изведен и сјајна високо транспарентна глазура на кои декоративните мотиви имаат јасно нагласен концепт, без непотребно детализирање.

Според разноликоста на мотивите поделени се во неколку групи. Првата репезентативна група, која претставува синоним за Скопската тврдина, се садовите декорирани со зооморфни мотиви изработени во комбинација на шамплеве и медитеран зграфито. Доминираат претставите со монументална фигура на лав, со варијации во поставеноста на главата која го следи правецот на движење или е свртена наназад.За одбележување е и сцената на борба меѓу лав и неговиот плен. Во оваа група се издвојува и еден сад, на кој е претставено животно, кое според невештиот начин на изведба се толкува како говедо или како волк, но бидејќи е изработено во ист временски период со дивите ѕверови, пологично би било претставата да биде волк (или премногу наивна ликовна изведба на лав). Овие претстави се јавуваат на плитките чинии и на длабоките паници од овој период. Секако треба да се нагласи дека побројно се застапениплитките чинии. Каракатеристично за оваа група на садови е тоа што белата ангоба и глазурата се нанесени комплетно врз внатрешните и врз надворешните ѕидови. Оваа група на садови е изолирана појава што не се репродуцира во подоцнежните периоди.

Како подгрупа на зооморфните мотиви, може да се издвојат садовите кои носат декорација со мотивот на птица. Генерално, може да се каже дека доминантни претстави на импортираните примероци се грабливите птици со јасна изведба на мотивотизведен во зграфито техника комбинирана со шамплеве. Концепциските решенија може да се поделат на: мотиви поставени слободно во просторот пропратени со по некоја стилзација на вегетабилен мотив и мотиви поставени во медаљон најчесто дополнително декорирани со уште некој од вегетабилните или геометриските елементи распоредени во хоризонтален зонски систем. Кон оваа група може да се додаде и изведбата на мотивот риба, кој според начинот на изведбата на бела подлога во заграфито техника ги носи спецификите на цариградските работилници кон крајот на XII век.

Втора издвоена група на садови се оние кои се работени во техника на сликање. Оваа декоративна техника е застапена на една длабока паница и еден затворен сад односно стомна. Мотивите се концептуално ослободени, насликани со неправилни кратки змиулести потези. Истите, можеби поради нивната неатрактивност,

не се појавуваат во подоцнежните периоди. Како подгрупа на сликањето е техниката на мраморирање, евидентирана кај една помала група на садови. Нивна појава е забележана и кај коринтските примероци во средината на XII век. Идејата за ваквиот начин на декорирање има цел да емитира ефект на мермерна површина. Често овие садови имаатдекорирација и надворешните ѕидови на садот. Од обработените примероци може да се каже дека ваквиот начин на изведба е застапен на плитки чинии со широко разгранети ѕидови прекриени со жолтеникава глазура.Ваквиот начин на декорација е изолирана појава, на која не се прави репродукција во подоцнежните периоди.

Трета група која ги носи спецификите на цариградските „Zeuxippus" садови, се садовите декорирани во т.н. стил спирали. Концептуалната изведба е решена со хоризонтален принцип во неколку зони, кај кои централното место е наменето за мотивот кој е поставен во кружен медаљон. Изборот на централниот мотив може да биде или во изведба на спирали или да се постави птица. Се користи комбинирана техника на декорирање со тенок линеарен зграфито и сликање во две бои, зелена и кафена. Според формите, застапени се и плитките чинии и длабоките паници. Ваквиот начин на декоративна изведба е датиран во почетокот на XIII век и е повторно изолирана појава без континуирана употреба. Спиралата со сите стилизации како декоративен мотив се употребува и во наредните векови, но во поинаква концепциска изведба и поставеност.

Четврта, како посебна група на садови, се садовите што носат декорација со бршленови лисја и палмети. Кај сите концептуалниот распоред е решен во хоризонтален приципп. Мотивите се стилизирани низи од ластари кои оформуваат мадаљони со завршетоци на бршленов лист или палмета,поставени на шрафирана позадина. За нивна изработкасе користи комбинирана техника на зграфито и шамплеве техника, со која најчесто се изведува централниот мотив, а по целата површина дифузно се расфрлани зелени петна. Од формите преовладуваат далбоките паници на чија внатрешност и на мал дел под венецот на надворешноста е нанесена сјајна глазура. Мотивот се појавува кон крајот на XII и почетокот на XIII век.

Како последна многу мала група што може да се издвои, се фрагментите чија позадина ја красат антропоморфни мотиви. Сите се фрагменти што не може точно да

се прецизира на кој дел на садот припаѓаат, но може да се издвојат како импорти од средината на XII век.

Оваа колекција со ексклузивни византиски наоди, кои по својата едниственост не се сретнуваат на поширокитe балканкси простори, говори за значајноста на Скопје како византиски административен центар со поволна географската положбаи инзвонредната комуникациска поврзаност во сите правци. Комуникацијата со другите поголеми центри на Балканот, како и сличноста во однос на глазираната керамика, го одредуваат патот на увоз на овие садови. Произведувани во цариградските работилници, преку Црно и Средоземно море транспортирани до Коринт и Солун, од каде биле дистрибуирани до Скопската тврдина.

Вториот хронолошки период го опфаќа времето од средината на XIII до последните децении на XIV век. Период кога се јавува промена во однос на изборот на декоративните техники и мотиви. Најупотребувана техника е медитеран зграфито во комбинација со сликање, додека шамплеве техниката е користена најдоцна до почетокот на XIV век, кога нејзината употреба и целосно згаснува. Мотивите се изведуваат на подебело нанесен слој од ангоба и многу сјајна глазура со потемни тонови на жолто- кафенкаста или зелена нијанса понекомпактно нанесена во однос на пораните примероци.

Средината на XIII век носи промени и во општествено политичкиот живот во Византиското царство, а тие промени се забележани и на Скопско Кале. Со падот на Канстантинопол во 1204 година, на територијата на Балканскиот Полуостров по зачестените борби за превласт, се формираат повеќе царства. Во последните години од XIII век дошло до експанзија на Српското Кралство во северните области на Македонија. Во 1282 година Србите го освоиле градот Скопје, кој како град со силни византиски културно-цивилизациски традиции, станал омилена престолнина и најзначаен политички центар на Српското Кралство на чело со Стефан Урош II Милутин (1282-1321). Српскиот крал Милутин во Скопје извршил значителни градежни активности меѓу кои и од особено значење е градењето на кралскиот дворец, каде што Милутин и другите српски кралеви ги извршувале своите државнички должности.[195] Археолошките ископувања на Скопско Кале укажуваат на тоа дека градот Скопје во втората половина на XIII век, а особено во време на владеењето на

---

[195]*М.Бошкоски*,2009,202-203

кралот Милутин, прераснал во голем утврден град со аркропола и подградие. Меѓутоа, престанокот на византиската политичка превласт на Балканот не значел и крај на културните византиски влијанија. Напротив, тие влијанија биле се појаки, особено во првата пловина на XIV век, кога царот Душан освојува поголем дел од византиската територија проширувајќи се на југ.

Во овие ново настанати услови, следува децентрализација и во полето на уметноста и во полето на занаетите. Почнуваат да се создаваат локални работилници за производство на глазирана керамика. Тој тренд на локално производство е констатиран и на Скопско Кале. Глазираната керамика добива на квантитет, но полека го губи карактерот на луксузен производ, кој се почесто е наменет за поширока потрошувачка.

Скопската работилница може да се пофали со добро познавање на грнчарскиот занает, што се препознава по квалитетната и добро прочистена глина, тенкиот слој од ангоба и компактност на глазурата со површината до степен на висока сјајност. Присутна е поделбата на трудот, што подразбира ангажман на грнчари во чии раце е изведбата на формите и мајстори декоратери задолжени за декоративниот дел и последното глазурно печење на садовите. Се смета дека мајсторите грнчари биле локално стационирани  околу работилниците, додека мајсторите декоратерипатувале од работилница до работилница, понекогаш дури и во соседните држави налик на познатите фреско сликарски тајфи од византискиот период.

При изборот на мотивите, застапени се поголем дел од мотивите користени во цариградските работилници во пораните периоди, но се забележуваат и влиајнијата на другите поголеми центри од втората половина на XIII век.

Локално произведените садови во кои е застапен мотивот на птица, според начинот на изведбата се со воочливи разлики. Освен грабливите, се среќаваат и други видови на птици: гулаби, фазани, долговрати птици, кои на моменти се тешко препознатливи на кој вид припаѓаат. Од формите поголема е застапеноста на длабоките паници, додека декоративните техники се целосно опфатени. Нанесената подлога е во кремасти нијанси во подебели слоеви, додека глазурата иако сјајна честопати некомпактна и слабо сочувана.Претставите на долговрати птици се работени под влијание на садовите од Мелник и Трново. Но не треба да се изостави и влијанието на Сереската работилница, која е специфична по начинот на претстава на очите како заокружена точка и продолжеток „V“кон крајот на окото. Ваквите изведби на мотивите

дополнети со колоритност, не би можеле да се датира пред XIII век, но може да се припишат и на XIV век.

Во изведба на шамплеве техника, како производ на стилизираната изведба на спиралата, во скопската колекција, бројно застапен е мотивот „роза на ветрот". Појавата е забележана и кај коринтските примероци кон крајот на XII и почетокот на XIII век, но не во толкав број како во нашиот пример. Употребата на овој мотив на Скопската тврдина е регистриран низ целиот XIII век кога неговата употреба целосно згаснува.

Континуирана употреба е забележана на ластаровите гранки, кои завршуваат со стилизиран флорален елемент-мотивот „rinceau". Освен на импортираните садови, овој мотив се употребува и кај локално произведените, со континуирана употреба до XIV век. На почетокот со јасна изведба на флоралниот мотив, за да од втората половина на XIII и низ целиот XIV век неговата изведба оди во крајна стилизација. Се јавува, како мултиплициран елемент во композицијата или во изведба на низа во бордура, најчесто изработен во зграфито техника дополнета со сликање.

Застапени се и садови кои се декорирани со антропоморфни мотиви, локално изработени по примерот на солунските садови од крајот на XIII и од првата половина на XIV век.

Во втората половина на XIV век се забележува неинвентивноста на мајсторите декоратери во однос на изборот на мотивите. Преовладуваат геометриските мотиви со значителни стилизации, изработени во доцен зграфито пропратен со сликање.

Керамичкиот опус од Скопската тврдина што потекнува од периодот од XII до XIV век претставува карактеристична целина која според своите стилско-ликовни карактеристики е специфична одлика за овие простори во тие временски рамки и може да се вброи во редот на поголемите керамички центри на Балканот и пошироко. Ова уште еднаш ја потврдува важната улога на Скопската тврдина во средиот век и го бележи Скопје како јасна точка во средновековната керамичка продукција.

# VIII. Каталог

1





*Инв.Бр.* - **1608**

*Дијам. на устинка* -

*Дијам. на дно* -

*Висина* -

*Датација* - доцен XII век

Длабока паница со полусферично тело, на ниска конична нога, со неизразито оформена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба изведена е декорацијата во хоризонтален принцип во три зони. Централниот мотив во техника на ран зграфито се претставени четири поголеми спирали и четири помали спирали. Во истата техника е изработена и третата зона, на која се претставени низа од спирали. Во втората зона во комбинација од зелена и кафена боја (бакар и магнезиум оксид) се насликани наизменично поставени спирали. Околу целата устинка на садот со четка се извлекувани збиени паралелни линии со зелена и кафена боја. Глеѓта е врз внатрешните и заедно со белата ангоба се нанесени и на горниот дел од устинката од надворешните ѕидови на садот.

*Необјавен.*

2



*Инв.Бр.* – **5-0336**

*Должина* – 5 / 4см

*Ширина* – 4 / 3,5см

*Датација* - доцен XII век

Два фрагменти од чинија со полусферично тело со благо извлечена устинка према надвор. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони е изведен мотивот во техника на зграфито во комбинација со сликање. Сочувана е само дел од зоната во која се насликани наизменично поставени спирали во зелена и кафена боја. Внатрешните ѕидови на садот се прекриени со безбојна глеѓ.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* - **167**

*Дијам. на устинка* – 22,7 см

*Дијам. на дно* – 9 см

*Висина* – 7,6 см

*Датација* - доцен XII век

Длабока паница со полусферично тело на ниска прстенеста нога. Добро порчистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во четири зони. Во централно поставен кружен медалјон, врежан е стилизиран флорален мотив, делумно сочуван. Втората зона е исполнета со насликани спирали со зелена и кафена боја, наизменично поставени. Следно поставен е тенок појас исполнет со низа од стилизирани спирали во зграфито техника. Под работ на устинката насликани со зелена и кафена боја низа од стилизиран геометриски мотив. Безбојна глеѓ е нанесена врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*Објавено*: Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.V/1, Inv.No. 167.

4



*Инв.Бр.* – **178**

*Долэкина* – 8,5 см

*Ширина* – 10 см

*Датација*– втора пол. на XII век

Фрагмент од длабока паница на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Централно поставен кружен медаљон декориран со линеарни врежувања. Втората зона е исполнета со крупни насликани спирали во темно кафена боја. Позадината исполнета со насликани неправилни потези во зелена боја. Третата зона претставува тенок појас исполнет со низа од спирали во зграфито техника. Внатрешноста на садот прекриена со жолтеникава глеѓ.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VI/6 VII/1, Inv.No. 178.



*Инв.Бр.* – **0636а**

*Дијам. на дно* – 7,5см

*Висина* – 8,5см

*Датација* – втора пол. на XII век

Фрагмент од чинија на ниска шуплива нога и полусферично тело. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип изведена е декорацијата во техника на ран зграфито. Централниот мотив е раздвоен со двојна кружница, но не е сочуван. Втората зона е ослободена од декорација. Третата зона е исполнета со низа од врежани спирали. Безбојна глеѓ е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



Инв.Бр. – **0279**

Должина – 6,5 / 4,5см

Ширина – 7,7 / 8,5см

Датација– доцен XII век

Фрагмент од устинка и фрагмент од стомак од чинија со полусферично тело. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип е изведена декорацијата во техника на ран зграфито во комбинација со сликање. На двата фрагменти се сочувани зони исполнети со низа од врежани спирали. Околу устинката на садот со четка се извлечени збиени паралени линии со зелена и кафена боја. Глеѓта е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

Необјавено.

7



*Инв.Бр.* – **01229**

*Должина* – 4,7см

*Ширина* – 5,5см

*Датација* – средина на XII век

Фрагмент стомак од чинија со добро прочистена глина и црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип изведена е декорацијата во техника на ран зграфито во комбинација со сликање. Сочуван е дел од врежани спирали во низа и мал дел од сликањето со зелена боја. Врз садот е нанесена безбојна глеѓ.

*Необјавено.*

8



*Инв.Бр.* – **3-0117**

*Должина* – 5,5см

*Ширина* – 6см

*Датација*– доцен XII век

Фрагмент стомак од чинија со добро прочистена глина и црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален пицип е изведена декорацијата во техника на ран зграфито во комбинација со сликање. Сочуван е само делот од низата со врежани спирали и сликање со зелена и кафена боја. Врз садот е нанесена безбојна глеѓ.

*Необјавено.*

9





*<u>Инв.Бр.</u>* – **01697**

*<u>Должина</u>* – 9 / 10 / 4см

*<u>Ширина</u>* – 6 / 5 / 5 см

*Датација* – XII - XIII век

Фрагменти од длабока паница со полусферично тело на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата во хоризонтален принцип. Централниот мотив во кружен медалјон обрабен со тенок појас од низа стилизирани спирали. Уште два појаси со ист мотив распоредени, едниот околу средишниот дел, а другиот под устинката на садот. Сјајна жолтеникава глеѓ нанесена врз внатрешноста на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*<u>Инв.Бр.</u>* – **178**

*<u>Должина</u>* – 8,5см

*<u>Ширина</u>* – 10см

*Датација* – XII - XIII век

Длабока паница на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Централно поставен кружен медалјон исполнет со стилизирани спирали во техника на тенок зграфито. Во втората зона насликани спирали со зелена и кафена боја. Последната зона исполнета со низа од стилзирани спирали. Безбојна глеѓ е нанесена врз внатрешноста на садот.

*<u>Објавено:</u>* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VII/1, Inv.No. 178.



<u>*Инв.Бр.*</u> – **186**

<u>*Должина*</u> – 9 см

<u>*Ширина*</u> – 3 см

*Датација* – XII век

Фрагмент од плитка чинија со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Сочувана бордура исполнета со мотивот на куфски букви, стилизирани до таа мера што личат на низа од вертикално поставени линии. Садот по целата внатрешна и надворешна површина прекриен е со бела ангоба и безбојна глеѓ.

<u>*Објавено:*</u> Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VI/4, Inv.No. 186.





*Инв.Бр.* - **01240**

*Дијам. на устинка* - 18,5см

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* - 8,7см

*Датација* – доцен XIII - ран XIV век

Длабока чинија со полусферично тело, рамна устинка и ниска конусна нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведен цртежот во техника на зграфито. Во централниот дел од садот е претставена розета која се нарекува „роза на ветрот", од која продолжуваат спирали и го прекриваат поголемиот дел од садот. Два пара на двојни кружници, едните го зокружуваат централниот мотив другите се врежани веднаш под устинката на садот. Можно е садот да е уништен при процесот на последното глазурно печење.

*Необјавено.*

13



*Инв.Бр.* - **01516**

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* - 4см

*Датација* – XIV век

Фрагментирано дно од длабока паница со полусферично тело и ниска прстенеста нога. Не добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на подебел слој од бела ангоба. Централно поставена елипсовидна спирала и околу неа напоредно распоредени кружни спирали и вертикално издолжени спирали, изведени во доцен зграфито. Некомпактна глеѓ нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*



*<u>Инв.Бр</u>*.- **0637**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 9см

*<u>Висина</u>* – 6см

*Датација* – XIVвек

Фрагмент дно од отворен сад со ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во зграфито техника во комбинација со сликање со зелена боја. Во централен кружен медалјон изведени кружни спирали со разлилан големина. Глеѓта е врз внатрешноста на садот.

*<u>Необјавено.</u>*





Инв. Бр. - **2-0036**

Дијам. на устинка – 19,5см

Дијам. на дно – 8см

Висина – 8см

Датација –XIII век

Длабока чинија со конично тело, со конична шуплива нога и рамна устинка благо вовлечена према внатре. На рамото на садот веднаш под устинката изведена е декорација со убоди. Компактна глина добро прочистена, црвено печење. Декорацијата е изведена радијално во три зони. Централниот мотив е розета во вид на крст, втората зона поделена на четири дела со вертикални ленти декорирени со коси врежувања, а помеѓу нив четири квадратни полиња поделени на четири дела во форма на “X” со врежување изведени двојни кругови. Во третата зона во тенок појас изведена декорација со коси врежани линии и подебели прекршени линии. На бела ангоба цртежот е изведен во техника на зграфито и шамплеве и со зелена боја нанесени се петна по целта површина. Глеѓта е врз внатрешната страна и заедно со белата ангоба се нанесени и на горниот дел од устинката од надворешната страна.

Необјавено.



*Инв.Бр.* - **01228**

*Должина* – 13 см

*Ширина* – 8 см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од горен дел од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Едната зона е исполнета со мрежеста бордура во техника на зграфито. Во другата зона во техника на шамплеве е претставена розета во вид на крст. По целата површина на садот расфрлани се зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

17





*Инв.Бр.* - **2-0062**

*Дијам. на устинка* – 19см

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 9,5см

*Датација* – доцен XIV век

Длабока паница со конично тело, на ниска конична нога и благо извлечена устинка кон надвор со неправилно кружна форма. Црвено печење, добро прочистена глина. Во централниот дел изведена е само една спирала, а во втората зона листови во форма на триаголници и спирали наизменично поставени. Декорацијата е изведена на бела ангоба во техника на зграфито во комбинација со сликање со жолта и зелена боја. Садот е глазиран целосно од внатре и скоро до половина од надвор.

*Необјавено.*

18





*Инв.Бр.* – **2-0075**

*Дијам. на устинка* - 29см

*Дијам. на дно* - 10см

*Висина* – 9,5см

*Датација* –XII –XIII век

Длабока паница со полусферично тело, хоризонтално извлечена устинка и ниско прстенесто дно. Декорацијата е изведена на бела ангоба во техника на сликање. Стилизирани гранчиња со спирални задебелени завршетоци во форма на крст, дополнсти со дабови ливчиња со зеленкаста боја. Целиот мотив е ограничен со двојни кругови, поставени под устинката на садот. Работ на устинката декориран со задебелени коси линии. Надворешните ѕидови на садот декорирани со низа од наизменично поставени спирали и прави вертикални линии. Безбојна глеѓ нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*

19





*Инв.Бр.* - **2A-0084**

*Дијам. на устинка* - 17,5см

*Дијам. на дно* -7,5см

*Висина* - 8см

*Датација* –XII-XIIIвек

Длабока чинија со конична форма на ниска нога и благо вовлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста основа. Внатрешноста е декорирана во хоризонтален принцип во три зони. Под устинката поставени се во широка бордура наизменични симлифицирани стилизирани палмети и елипси. Во централниот медаљон претставена е палмета, додека втората зона е ослободена од декорација. Целиот мотив е изведен во зграфито, а централниот мотив е изработен во шамплеве. Ангобата и глазурата се нанесени врз внатрешните и на мал дел под устинката на надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

20



*Инв.Бр.* - **164**

*Дијам. на обод* – 23,5 см

*Дијам. на дно* – 10 см

*Висина* – 6,5-7 см

*Датација* – крај на XII – поч. на XIII век

Длабока чинија на ниска нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони е декорацијата во техника на зграфито. Централниот мотив претставува двојна кружница изведена во шамплеве техника, додека втората зона е ослободена од декорација. Последната зона декорирана со наизменична низа од симплифицирани бршленови лисја и двојни неправилни кругови врз шрафирана позадина со коси линии. По целата внатрешна површина расфрлани зелени петна. Глеѓта и ангобата се нанесени врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*Објавено*: Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *ArchaeologiaIugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.IV/1, Inv.No. 164.



*Инв.Бр*. - **165**

*Дијам. на обод* – 21,5см

*Дијам. на дно* – 6,4см

*Висина* – 5,4см

*Датација* – крај на XII – поч. на XIII век

Плитка чинија со косо извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Внатрешноста на садот декорирана во техника на зграфито во хоризонтален принцип во две зони. Во првата зона копјести ливчиња радијално распоредени околу дното. Во втората зона на шрафирана површина претставени висечки двојни полукругови секој преклопен со бршленови лисја. Белата ангоба и глеѓта се нанесени врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *ArchaeologiaIugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.IV/2, Inv.No. 165.



*Инв.Бр.* - **166**

*Дијам. на обод* – 21см

*Дијам. на дно* – 8,5см

*Висина* – 10см

*Датација* – крај на XII – поч. на XIII век

Длабока чинија со конично тело и ниска шуплива нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Внатрешноста декорирана на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони, меѓусебно одвоени со двојни кругови. Централниот мотив е изведен само со двојни кругови, ослободен од декорација. Во втората зона околу кругот наизменична низа од копјести ливчиња и висечки триаголници. Под устинката широка бордура од половинки на бршленови лисја. Целата композиција е изведена во зграфито техника. Белата ангоба и глеѓта се нанесени врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*Објавено*: Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *ArchaeologiaIugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.IV/3, Inv.No. 166.



*Инв.Бр.* - **179**

*Должина* – 8,5см

*Ширина* – 11,5см

*Датација* – крај на XII – поч. на XIII век

Фрагмент од длабока паница на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочуван е само мал дел од стилизирани ластари кои завршуваат со бршленов лист во форма на кружни медалјони. Позадината декорирана со шрафура од коси линии. По целата површина расфрлани зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешноста на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII*, Beograd 1971,Pl.VI/3 VII/3, Inv.No. 179.



_Инв.Бр._ - **01185**

_Дијам. на дно_ – 8см

_Висина_ – 3см

_Датација_ – XII - XIII век

Дно од длабока чинија на ниска конусна нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба во хоризонтален принцип изведена е декорацијата во зграфито техника. Централниот мотив е двојна кружница декорирана со коси линии. Остатокот од декорацијата се стилизирани ластари кои оформуваат медаљони кои завршуваат со палмети. Последната зона не е сочувана. По целата површина се расфрлани зелени петна. Глеѓта е нанесена само врз внатрешната страна на садот.

_Необјавено._

25




*<u>Инв.Бр.</u>* – **3-0112**

*<u>Должина</u>* – 8см

*<u>Ширина</u>* – 3см

*<u>Датација</u>* – XII - XIII век

Фрагменти од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во техника на зграфито и шамплеве. Последната зона декорирана со наизменична низа од симплифицирани бршленови лисја и двојни неправилни кругови врз шрафирана позадина со коси линии. По целата внатрешна површина расфрлани зелени петна. Глеѓта и ангобата се нанесени врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено</u>*.

26



*Инв.Бр*. – **2А-0137**

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 6,5см

*Датација* – XIII - XIV век

Длабока чинија со полусферично тело и вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба во хоризонтален принцип е изведена декорацијата во зграфито техника. Централниот мотив не е сочуван. Остатоток од декорацијата се стилизирани ластари кои оформуваат медаљони кои завршуваат со копјести листови, а позадината е исполнета со збиени коси линии. Листовите се обоени со зелена боја, а има остатоци и од жолта боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

27



*__Инв.Бр.__* – **0523**

*__Дијам. на дно__* – 6см

*__Висина__* – 3см

*__Датација__* – XIII - XIV век

Фрагмент дно од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведена декорацијата во техника на зграфито во комбинација со сликање. Се работи за мотив изв ден во медаљони оформени со двојни кружници наизменично поставени со стилизирани ластари кои имаат завршетоци во форма на палмети, чија позадина е исполнета со врежани збиени линии. Централниот мотив е стилизирана палмета, поставен во двојна помала и поголема кружница. Целиот мотив е пропратен со сликање во кафена боја, а палметите со зелена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*__Необјавено.__*



*Инв.Бр.* – **2б-0084а**

*Дијам. на дно* – 6,5см

*Висина* – 3,5см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведен мотивот во техника на зграфито во комбинација со сликање. Се работи за мотив изведен во наизменично распоредени мадаљони и стилизирани ластари со завршетоци во форма на лист чија позадина е исполнета со врежани збиени линии. Мотивот е пропратен со сликање во кафена боја, а завршетоците во форма листови со зелена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

29





*Инб.Бр.-* **2-0116**

*Дијам.на устинка* – 22см

*Дијам.на дно* – 7см

*Висина* – 6см

*Датација* - XIII - XIV век

Плитка чинија со полусферично тело на ниска прстенеста нога и рамно решена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во зграфито техника комбинирана со сликање со зелени и жолто - кафеавкасти тонови. Централно поставена ситна спирала, околу која се распоредени четири стилизирани полупалмети и уште толку по работ на медаљонот изведен со двојни кругови. Уште еден концентричен круг ја прати линијата под работ на устинката. Зеленкаста сјајна глеѓ нанесена врз внатрешноста и до половина на надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*





<u>*Инб.Бр.*</u> - **3-0158**

<u>*Дијам.на устинка*</u> – 22,5см

<u>*Дијам.на дно*</u> – 9см

<u>*Висина*</u> – 6,5см

<u>*Датација*</u> - крај на XII почеток на XIII век

Плитка чинија на ниска нога со рамна устинка. Добро прочистена глина црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во четири зони. Првата зона е исполета со триголници изведени со двојни линии. Во втората зона бордура од преплетени двојни линии кои оформуваат медаљони и во секој стилизиран флорален мотив. Третата зона е ослободена од орнамети, за во последната зона е претставен форален елемент - цвет. Цртежот е изведен во зграфито во комбинација со сликање во две бои, зелена и жолта. Глеѓта и агобата се нанесени врз внатрешната страна и на дел од надворешната под устинката на садот. Надворешните ѕидови од садот се декорирани со кругови насликани со бела ангоба.

<u>*Необјавено.*</u>





*Инв.бр.* - **9-0172**

*Дијам.на устинка* – 22,5см

*Дијам на дно* – 9см

*Висина* – 6,5см

*Датација* – крај на XII почеток на XIII век

Плитка чинија на ниска нига со благо извлечена устинка. Добро прочистена глина црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Последната зона е исполнета со триаголници со двојни линии. Во втората зона кружи појас од флорален мотив во низа ”rinceau”. Централниот мотив најверојатно е некој флорален мотив, не е сочуван. Декорацијата е изведена во комбинирана техника на медитеран зграфито и сликање со зелена и жолта боја. Глазурата е нанесена врз внатрешноста и мал дел од надворешната страна под устинката. Садот е декориран и од надворешната страна со низа од кругови од бела ангоба.

*Необјавено.*



*Инв.бр.* - **189**

*Должина* – 10,5 см

*Ширина* – 5,8 см

*Датација* – крај на XII почеток на XIII век

Фрагмент од плитка чинија со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, во техника на шамплеве и зграфито. Сочуван е само мал дел од мотивот на преплет, низ кој наизменично просторите меѓу плетенката се декорирани со мрежест орнамент и стилизирани вегетабилни мотиви. Под работ на устинката тенок појас декориран со мрежест мотив. Глеѓта е нанесена врз внатрешноста на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VII/7,8,9 et 10, Inv.No. 189.



*Инв.бр.* - **5-0358**

*Дијам.на устинка* – 20см

*Дијам.на дно* – 11см

*Висина* – 11см

*Датација* – XIV век

Длабока паница со полутопчесто тело, на ниска конусна нога и вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во хоризонтален принцип во две зони е изведена декорацијата. Со двојна кружница издвоен е централниот мотив кој претставува стилизиран цвет со двојни линии кои се декорирани со коси врежани линии. На четирите страни околу кругот двојни неправилни полукругови шрафирани со коси линии. Во втората зона со двојни линии изведени се спирали кои наизменично почнуваат од горната и од долната страна. По работ и по целата површина расфрлани се зелени петна. Глеѓта и ангобата се нанесени врз внатрешните и горниот дел од устинката од надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*<u>Инв.бр.</u>* - **5-0355**

*<u>Дијам.на устинка</u>* – 23см

*<u>Дијам.на дно</u>* – 10,2

*<u>Висина</u>* – 10см

*<u>Датација</u>* – XIV век

Длабока чинија со полусферично тело благо вовлечена устинка према внатре и ниско прстенесто дно. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Со двојна кружница издвоен е централниот мотив кој претставува стилизиран цвет со двојни линии декорирани со коси врежани линии. Околу кругот распоредени пет неправилни двојни полукругови шрафирани со коси линии. Втората зона е ослободена од декорација. Третата зона е исполнета со мрежеста бордура. По работ и целата површина расфрлани се зелени петна. Ангобата и глеѓта се нанесени врз внатрешните и на горниот дел од устинката на надворешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.бр.* - **01589**

*Должина* – 8см

*Ширина* – 10см

*Датација* – крај на XIII поч. на XIV век

Фрагмент од отворен сад со добро прочистена глина, цревено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата во хоризонтален принцип во три зони. Централниот мотив не е целосно сочуван. Претставени се двојни полукругови шрафирани со коси линии во техника на зграфито. Од втората зона сочуван е само мал дел од мотив на прекршени линии изведени во техника на шамплеве. По целата површина на садот расфрлани зелени петна. Глеѓта и ангобата се поприлично оштетени.

*Необјавено.*





*Инв.бр.* - **180**

*Должина* – 16,5 см

*Ширина* – 8 см

*Датација* –XII – XIII век

Фрагмент од плитка чинија со хоризонтално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, околу централниот мотив радијално наизменично поставени рамнокраки триаголници и листови, со двојни линии и дополнително шрафирани со коси линии. Во горните делови, меѓу нив неправилни полукругови, со двојни линии и тие декорирани со шрафура од прави линии. Целиот мотив е во техника на зграфито и шамплеве, прекриен со маслинасто зелена глеѓ.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VI/5, VII/5, Inv.No. 180.

37



*Инв.бр.* - **01587**

*Висина* – 8см

*Ширина* – 14см

*Датација* – XIII - XIVвек

Фрагмент од отворен сад со косо извлечена устинка према надвор, со добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата во хоризонтален принцип од кој се сочувани само две зони. Во едната зона во техника на шамплеве е изведен мотив на прекршени линии. Другата зона претставува мрежеста бордура изведена во зграфито техника. По целата површина расфрлани се зелени петна. Глеѓта и ангобата се поприлично оштетени.

*Необјавено.*

38





*Инв.бр.* - **ЗВ-0001**

*Дијам. на устинка* – 17см

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 7,5см

*Датација* – прва пол. на XIV век

Длабока паница со полусферично тело на ниска прстенеста нога со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена, глина црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони и секоја зона обрабена со двојни кружници. Четирилисна розета централно поставена и на сите четири страни на краевите поставени полукругови. Во втората зона два реда од полукругови кои личат на плетенка. Третата зона ослободена од декорација. Целиот мотив е изведен во зграфито и шамплеве. По целата внатрешна површина расфрлани зелени и кафени петна. Сјајна жолтеникава глазура нанесена врз внатрешната и на дел по устинката на надворешната страна.

*Необјавено.*





*Инв.бр.* - **ЗА-0053**

*Дијам. на устинка* – 23см

*Дијам. на дно* – 10,5см

*Висина* – 4,5см

*Датација* –XII- XIII век

Плитка чинија на ниска нога со благо закосени ѕидови према надвор и рамна устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведен цртежот во техника на зграфито. Слободно поставен во просторот е малтешки крст, чија внатрешност е декорирана со коси линии и на секоја од четирите страни по едно копје. Зеленкаста глеѓ е нанесена врз вантрешната и на делот под устинката од надворешната страна.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **163**

*Дијам. на устинка* – 23,5см

*Дијам. на дно* – 10,5см

*Висина* – 5,5см

*Датација* – XII век

Плитка чинија со косо извлечена устинка на ниска нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Бела ангоба е нанесена врз внатрешните и преминува на надворешните сидови на садот. Декорацијата се состои од покрупни и поситни нанесени флеки во една боја само врз внатрешноста. Глеѓта е само врз внатрешноста на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971, Pl.III/4, Inv.No. 163.



*Инв.Бр.* – **191**

*Должина* – 8,5см

*Ширина* – 16см

*Датација* – XII век

Плитка чинија со вертикална устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба која преминува од внатрешната кон надворешната страна. По целата внатрешна површина садот е испрскан со покрупни и поситни флеки со пурпурна боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VI/1, Inv.No. 191.



*Инв.Бр.* – **176**

*Должина* – 3см

*Ширина* – 8см

*Датација* – XII век

Фрагмент од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Бела ангоба е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот. Декорацијата се состои од покрупни и поситни распрскани флеки во една боја. Жолтеникава глеѓ е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.VI/2, Inv.No. 176.



*Инв.Бр.* – **0559**

*Должина* – 5,2см

*Ширина* – 7см

*Датација* – XII век

Фрагмент од отворен сад, со косо извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Бела ангоба е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот. Декорацијата се состои од покрупни и поситни нанесени флеки со виолетова боја. Сјајна глеѓ е нанесена врз вантрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0556**

*Должина* – 6см

*Ширина* – 5см

*Датација* – XII век

Фрагмент од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. Бела ангоба е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот. Декорацијата се состои од покрупни и поситни нанесени флеки со кафена боја. Глеѓта е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

45



<u>*Инв.Бр.*</u> - **161**

<u>*Дијам. на устинка*</u> – 19,5-20,5 см

<u>*Дијам. на дно*</u> – 8,7 см

<u>*Висина*</u> – 10,5 см

<u>*Датација*</u> – поч. на XIII век

Длабока паница со конично тело и ниска шуплива нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Премаз од бела ангоба која незначително поминува преку устинката на отворот на надворешната страна. Декорацијата на дното на садот ја сочинуваат четири слободни потези со зелена боја, радијално поставени. Од устинката на садот косо према долу симетрично рспоредени шест пошироки кривулести потези исто со зелена боја. Глеѓта е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

<u>*Објавено:*</u> Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII*, Beograd 1971, Pl.III/3, Inv.No. 161.



*Инв. Бр.* - **0616**

*Должина* – 5,5 / 5 / 4см

*Ширина* – 5 / 4,5 / 3,5см

*Датација* – XIIвек

Фрагменти од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, од која е сочуван само мал дел. Во техника на зграфито претставен е издолжен лист заедно со дршката. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **01180**

*Должина* – 6,5см

*Ширина* – 11см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со полусферично тело и вертикално извлечена устинка. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Во една зона е изведен најверојатно флорален мотив во техника на шамплеве и зграфито. Зоната под устинката е исполнета со мрежеста бордура во техника на зграфито. По работ на устинката правилно распоредени зелени петна. Глеѓта е врз вантрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* – **01694**

*Должина* – 8см

*Ширина* – 8,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со брановидно изведен раб на устинката. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочувана е само дел од зоната која е исполнета со мрежеста бордура во техника на зграфито. Остатокот од мотивот е изведен во техника на шамплеве, но не е сочуван. По работ на устинката правилно распоредени зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **2370**

*Должина* – 5,5см

*Ширина* – 8,5см

*Датација* – XIV век

Фрагмент од отворен сад со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочувана е зоната која е исполнета со мрежеста бордура оградена со двојна кружница изведена во техника на зграфито. По работ на устинката изведена е неправилна линија со зелена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

50



*Инв.Бр.* – **5-0338**

*Должина* – 6,5см

*Ширина* – 7см

*Датација* – XIII – XIV век

Фрагмент од длабока панца со конкавно извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочуван е дел стилизиран вегетабилан мотив изработен во шамплеве техника и мрежеста бордура во зграфито техника. Темна глеѓ е нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*

51



*<u>Инв.Бр.</u>* – **5-0352**

*<u>Должина</u>* – 7см

*<u>Ширина</u>* – 15см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од сад со полусферично тело и хоризонтално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Сочувана е само декорацијата под устинката каде во тенок појас во техника на зграфито и шамплеве изведени се коси и прекршени линии. Се забележуваат остатоци од зелени петна. Глеѓта и белата ангоба се поприлично оштетени.

*<u>Необјавено.</u>*

52





*Инв.Бр.* – **5-0349**

*Дијам. на устинка* – 23,7см

*Дијам. на дно* – 9,7см

*Висина* – 6,5см

*Датација* – XIII век

Плитка чинија со конично тело, на ниска нога и со хоризонтално извлечен раб на устинката. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремасто – кафена ангоба е изведена декорацијата во хоризонталенприцип од три зони. Во средишниот дел со двојна кружница е одделен цантралниот мотив, каде во техника на „champleve“ е претставен мотивот „роза на ветрот“. Во втората зона има шест мрежесто шрафирани кругови во зграфито техника. Третата зона наизменично се повторуваат делови со коси и прекршени линии. Преку целата површина на садот има остатоци од зелени петна. Глеѓта и ангобата се нанесени само врз внатрешниот дел од садот.

*Необјавено.*

53



*Инв.Бр.* - **0613**

*Дијам. на устинка* – 15см

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 8см

*Датација* – XIII век

Длабока чинија на ниска нога, со конично тело и благо вовлечена устинка према внатре. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба изведена е декорацијата во хоризонтален принцип во техника на зграфито и шамплеве. Централниот мотив е „роза на ветрот" изведен во шамплеве техника и заокружен со двојна кружница. Следната зона во зграфито изведени се мрежесто шрафирани кругови кои се разделени со правилно распоредени петна со зелена боја. Над нив врежана е мрежеста бордура, а над неа на работ од устинката повторно правилно распоредени зелени петна. Глеѓта и ангобата се нанесени врз внатрешната и мал дел од по работ на устинката од надворешната страна.

*Необјавено.*

54



*Инв.Бр.* - **1515**

*Должина* – 10см

*Ширина* – 12см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од длабока чинија со конично тело, вертикално извлечена устинка, недостасува дното. На кремаста ангоба во хоризонтален принцип во три зони е изведена декорацијата во техника на зграфито и шамплеве. Во централниот мотив во техника на шамплеве е пратставена „роза на ветрот“. Втората зона во техника на зграфито распоредени се двојни концентрични кругови. Третата зона претставува мрежеста бордура. Сите три зони меѓусебно се разделени со двојни кружници. Во втората зона и под венецот на садот правилно распоредени зелени петна. Ангобата и глазурата се нанесени врз внатрешните и на мал дел под устинката на надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

55



*Инв.Бр.* - **01186**

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 3,5см

*Датација* – XIII век

Дно од длабока чинија на ниска шуплива нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во технија на шамплеве и зграфито. Сочуван е само дел од централниот мотив на кој е претставена стилизирана розета т.н. „роза на ветрот“. По целата површна се расфрлани зелени петна. Глазурата е сјајна и е нанесена врз внатрешната страна од садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* - **0541**

*Дијам. на дно* – 6,5см

*Висина* – 3см

*Датација* – XIII век

Дно од длабока чинија на ниска нога. Добро прочистена глиана, црвено печење. Цртежот е изведен на кремаста основа во техника на зграфито и шамплеве. Сочуван е само централниот дел од мотивот на кој е претставена стилизирана розета т.н. „роза на ветрот“. По целата површина расфрлани темно зелени петна. Кафеавкаста и сјајна глазура е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

57



*<u>Инв.Бр</u>.* – **1а-0088**

*<u>Дијам.на дно</u>* - 8см

*<u>Висина</u>* – 3,5см

*<u>Датација</u>* – XIII век

Фрагмент дно од отворен сад, на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба изведена е декорацијата во хоризонтален принцип. Околу цетнтралниот медалјон исполнет со спирала во зграфито техника, распоредени и завртени една према друга спирали кои оформуваат срца, во техника на шамплеве. Целиот мотив наликува на розета. По целата површина на садот расфрлани се зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*<u>Инв.Бр</u>.* – **1а-0089**

*<u>Должина</u>* – 7,5см

*<u>Ширина</u>* – 19см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од горен дел од отворен сад, со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба изведена е декорацијата во хоризонтален принцип. Околу централниот дел распоредени се спирали, завртени една према друга, дополнително декорирано со шрафура од прави линии во зграфито техника. Тенок појас под устинката комбинирано исполнета со шарфура од коси линии во зграфито техника и прекршени линии во шамплеве техника. По целата површина расфрлани се зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено</u>.*

59





*Инв.Бр.* - **01418**

*Дијам. на устинка* – 15,5см

*Дијам.на дно* - 6,5см

*Висина* – 8см

*Датација* – XIII век

Длабока чинија на ниска конусна нога, со полусферично тело и благо закосена устинка према надвор. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба изведена е декорацијата во техника на зграфито и сликање во две бои зелена и жолто океpаста во хоризонтален принцип во четири зони. Првите две зони се ослободени од декорација, заокружени се само со двојни кружници и обоени со зелена боја. Третата зона во техника на зграфито изведени се стилизирани ластари во низа кои оформуваат медалјони каде во секој од нив има стилизиран цвет. Во четвртата зона распоредени се четири медалјони исполнети со коси врежувања и во средината повторно стилизиран цвет. Помеѓу нив наизменично се распоредени полумесечини. Ангобата и глазурата се нанесени само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

60





*<u>Инв.Бр.-</u>* **01425**

*<u>Дијам. на устинка</u>* – 22см

*<u>Дијам. на дно</u>* – 9см

*<u>Висина</u>* – 8,5см

*Датација* – XIVвек

Длабока паница со конично тело, рамна заоблена устинка и ниско прстенесто дно. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, која е нанесена врз внатрешноста од садот и преминува врз надворешните ѕидови нешто под устинката. Во централниот дел двоен круг околу кој се распоредени четири листовидни полиња, во секое вметнат по еден стилизиран лист. Во горните делови помеѓу секое поле претставен стилизиран вегетабилен мотив. Под работ на устинката во тенок појас низа од испрекинати брановидни линии. Целата композиција е изведена во зграфито техника попратена со сликање со зелена и жолтеникаво кафена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните и на мал дел од надврешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр.-* **0507**

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* – 5,5см

*Датација* – XIV век

Фрагмент од длабока чинија со ниско прстенесто дно. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. Во централниот дел поставен двоен круг оклу кој се распоредени стилизирани листови, поставени во листовидни полиња. Помеѓу секое изведен стилизиран вегетабилен мотив. Целата композиција е изработена во зграфито техника дополнета со сликање со зелена и кафена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* - **3-0188**

*Дијам. на устинка* – 20см

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* – 8см

*Датација* – XIII век

Длабока паница на ниска конусна нога, со полусферично тело и благо закосена устинка према надвор, декорирано со три врежани канелури. На бела ангоба е изведена декорацијата во хоризонтален принцип. Централно изведен тролисен флорален мотив поставен во двоен круг. Следната зона ослободена од декорација. Во третата зона симетрично распоредени четири кругови, во секој вметнат помал круг. Надворешните ѕиови на садот декорирани со низа од кругови со бела ангоба. Можно е садот да е уништен во процесот на глазурното печење или е опожарен.

*Необјавено.*

63







*Инв.Бр.* - **01700**

*Дијам. на дно* – 8,3см

*Висина* – 4,5см

*Датација* –XIII век

Фрагмент од отворен сад со висока конична нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба, од кој е сочуван само централниот мотив. Претставен е тролисен флорален елемент изведен во зграфито и шамлеве техника, врз кој поминуваат три подебели траки оформувајќи триаголник. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* – **9-0223 А**

*Должина* – 7,3см

*Ширина* – 13,5см

*Датација* – прва половина на XIII век

Фрагмент од полусферична чинија со вертикално извлечена устинка. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип од три зони. Сочувана е декорацијата во втората зона, во која е преставен мотивот на преплет во зграфито техника обоен со жолта боја. Од централниот мотив сочувана е само двојната кружница изведена во зграфито во комбинација со сликање со зелена боја. Третата зона е исполнета со распоредени дамки со жолта и зелена боја. Внатрешните ѕидови на садот се прекриени со сјајна безбојна глеѓ, а надворешните ѕидови се декорирани со низа од кругови насликани со бела ангоба.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **9-0223 Б**

*Должина* – 8см

*Ширина* – 16,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од полусферична чинија со косо извлечена устинка. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Централниот мотив е изведен во техника на шамплеве, но не е сочуван. Во втората зона радијално распоредени околу централниот мотив се претставени три слојни копјести листови во зграфито техника. Последната зона исполнета е со мрежеста бордура во зграфито техника. По целата површина расфрлани се зелени петна. Безбојаната глазура е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0628**

*Дијам. на дно* - 8см

*Висина* – 6см

*Датација* – XIII – XIV век

Фрагмент од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип, од кој се сочувани три зони. Централниот мотив е ограничен со двојна кружница, во која е претставен круг со мрежеста декорација изведена во шамлеве техника. Околу централниот мотив во втората зона, зракасто повлечени потези со зелена боја. Од третата зона сочуван е само мал дел кој е исполнет со коси линии во зграфито техника. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **01181**

*Должина* - 9см

*Ширина* – 7,5см

*Датација* – XIII – XIV век

Фрагмент од отворен сад со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата, од која е сочуван само еден круг исполнет со мрежести врежувања, дополнително декориран со сликање во зелена боја. Под устинката правилно распоредени зелени петна. Глеѓта е врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0538**

*Должина* – 6,5см

*Ширина* – 4см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата во техника на зграфито, од која е сочуван само еден круг исполнет со мрежест орнамент поставен во појас ограничен со двојни кругови. Има остатоци и од зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **01182**

*Должина* – 6см

*Ширина* – 8,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со устинка благо вовлечена према внатре. Добро прочистена глина, црвено печење. Сочуван е само дел од мотивот, најверојатно вегетабилен, изведен во техника на зграфито. Над него оди тенок појас ограничен со двојна кружница. По устинката нанесени зелени петна. Глеѓта е врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

70



*<u>Инв.Бр.</u>* – **01590**

*<u>Должина</u>* – 9см

*<u>Ширина</u>* – 6см

*<u>Датација</u>* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со косо извлечена устинка према надвор. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба изведена е декорацијата во техника на зграфито и шамплеве. Сочуван е мал дел на кој е претставен стилизран вегетабилен мотив во техника на шамплеве. Околу него во тенок појас во техника на зграфито изведена мрежеста бордура и стлизирани спирали. По работ на устинката правилно нанесени зелени петна. Сјајна глазура е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр.* – **01583**

*Должина* – 9 см

*Ширина* – 7,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со хоризонтално извлечена устинка према надвор. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип. Сочуван е мал дел од едната зона во која во техника на шамплеве се изведени ластари со завршетоци на стилизиран лист. Зоната над е ограничена со двојни кружници и е ослободена од декорација. По работ на устинката се протега линија насликана со зелена боја. Сјајна глеѓ е нанесена на двете страни од фрагментот.

*Необјавено.*



<u>*Инв.Бр.*</u> – **187**

<u>*Должина*</u> – 3,5см

<u>*Ширина*</u> – 5,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент дно од плитка чинија, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, во зграфито техника централно поставен медаљон ограничен со двојни концентрични кругови. Внатрешноста декорирана со мрежест мотив. Околу мадаљонот радијално поставени прави линии. По целата површина расфрлани зелени петна. Безбојна глеѓ е нанесена врз внатрешноста на садот.

<u>*Објавено:*</u> Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971, Pl.VI/9, VII/6, Inv.No. 187.





<u>*Инв.Бр.*</u> – **01698**

<u>*Дијам. на дно*</u> – 8см

<u>*Висина*</u> – 6см

<u>*Датација*</u> – XIII век

Фрагмент од отворен сад со полусферично тело на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип со сочувани три зони, меѓусебно огарничени со двојни кружници. Централниот мотив е медаљон со стилизиран флорален елемент. Втората зона е ослободена од декорација. Третата зона е исполнета со стилизирани ластари со двојни линии со спирални завршетоци. Целата композиција е изведена во зграфито техника во комбинација со сликање во две бои зелена и светло кафена. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

<u>*Необјавено.*</u>

74



*Инв.Бр.* – **01607**

*Должина* – 7,5 / 5,5 / 6,5см

*Ширина* – 4,5 / 8 / 4см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагменти од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хорзонтален принцип со сочувани две зони, меѓусебно ограничени со двојни кружници. Едната зона е тенок појас ослободен од декорација. Во другата зона на шрафирана позадина е изведена низа од стилизирани ластари кои оформуваат кружни медалјони. Целиот мотив е изведен во зграфито техника во комбинација со сликање во зелена и светло кафена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **01605**

*Дијам. на дно* – 6см

*Висина* – 5см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент од длабока чинија на ниска нога со полусферично тело. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип во три зони, меѓусебно ограничени со двојни кружници. Центарлниот мотив е изведен во кружен медалјон, но не е сочуван. Втората зона е ослободена од декорација. Третата зона е исполнета со стилизирани ластари кои оформуваат кружни медалјони, меѓусебно разделени со триаголни полиња декорирани со вегетабилни мотиви со завршетоци со стилизирани листови. Секој медалјон декориран со стилизиран лист. Целата декорација е изведена во зграфито техника во комбинација со сликање со зелена и темно жолта боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови од садот.

*Необјавено.*

76



*<u>Инв.Бр.</u>* – **01606**

*<u>Должина</u>* – 5см

*<u>Ширина</u>* – 5,5см

*<u>Датација</u>* – доцен XIII век

Фрагмент од горен дел од отворен сад. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во зграфито техника во комбинација со сликање со жолта и зелена боја. Сочуван е само мал дел од стилизиран флорален мотив поставен во триаголно поле. Сјајна жолтеникава глеѓ е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



_Инв.Бр._ – **01608**

_Дијам. на дно_ – 6см

_Висина_ – 3см

_Датација_ – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент дно од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба. Сочуван е само централниот дел од композицијата во која е претставен стилизиран флорален мотив во медалјон. Целиот мотив е изведен во техника на зграфито во комбинација со сликање со светло кафена и зелена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

_Необјавено._

78




*Инв.Бр.* – **5-0297**

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* – 4,5см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, сочуван е само централниот мотив. Во двојно поставен кружен медалјон изведен во шамплеве техника, поставен е стилизиран флорален мотив изработен во зграфито техника. Остатоци од жолтеникава и зелена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0622**

*Дијам. на дно* – 6,5см

*Висина* – 3,5см

*Датација* – XIII – XIV век

Фрагмент дно од отворен сад со ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведена декорацијата во техника на зграфито во комбинација со сликање со жоло-окерста боја. Сочуван е само централниот дел, во кружен медалјон изведен е стилизиран флорален мотив. Глеѓта е нанесена врз вантрешноста, додека надворешните ѕидови на садот прекриени со бела ангоба.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0526**

*Дијам. на дно* – 6см

*Висина* – 3см

*Датација* – XIII – XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро порчистена глина, црвено печење. На кремаста ангоба е изведена декорацијата во техника на зграфито во комбинација со зелена боја. Централно поставен медалјон со двојни кругови, во кој е изведена полупалмета. Сјајна кафенкаста глеѓ нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*



*<u>Инв.Бр.</u>* – **0516**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 6,5см

*<u>Висина</u>* – 3см

*<u>Датација</u>* – XIII – XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба. Централно поставен кружен медалјон во кој во шамплеве техника е изведен стилизиран флорален мотив. Врз внатрешноста на садот нанесена сјајна темно кафена глеѓ.

*<u>Необјавено.</u>*



*<u>Инв.Бр.</u>* – **0508**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 5,5см

*<u>Висина</u>* – 3см

*<u>Датација</u>* – XIII – XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во техника на доцен зграфито. Централно поставен двоен круг декориран со коси линии и во средишниот дел уште еден помал круг. Кафена глеѓ е нанесена врз внатрешноста на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр.* – **01579**

*Должина* – 10,5см

*Ширина* – 5см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент устинка од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. Сочуван е само дел од зоната која е исполнета со стилизирани ластари кои оформуваат медаљони, декорирани со флорални мотиви. Позадината е исполнета со шрафура од прави линии. Мотивот е изведен во зграфито техника придружена со сликање. Глеѓта и ангобата се лошо сочувани.

*Необјавено.*



*Инв.Бр*. – **01178**

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 5см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент дно од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, од која е сочуван само мал дел. Стилизиран флорален мотив кој е поставен во двоен медалјон со неправилна форма. Околу него распоредени стилизирази спирали. Целиот мотив е изведен во зграфито техника во комбинација со сликање со зелена и жолта боја. Сјајна компактна глеѓ е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр*. – **0490**

*Дијам. на дно* – 7,5см

*Висина* – 5см

*Датација* – доцен XIII – ран XIV век

Фрагмент дно од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип. Во централниот дел претставен е флорален мотив, налик на цвет, изработен во техника на шамплеве. Од втората зона одделен е со двојна кружница. Околу него поставени копјести форми во вид на стилизирани листови, дополнително декорирани со коси линии во зграфито техника. Кафена некомпактна глеѓ нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **0640**

*Должина* – 10 / 6,5см

*Ширина* – 12 / 9см

*Датација* – XIII век

Фрагменти од отворен сад со полусферично тело. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. На едниот фрагмент сочувана е само делот на кој се претставени ластари со тролсни завршетоци или „rinceau“мотив. Најверојатно се декорирани и надворешните ѕидови на садот. Целиот мотив е изработен во зграфито техника во комбинација со сликање со зелена, жолта и кафена боја. Глеѓта е нанесена врз внатрешните и надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

87



*Инв.Бр.* – **01603**

*Должина* – 3,5см

*Ширина* – 7,3см

*Датација* – доцен XIII

Фрагмент од отворен сад со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба. Сочувани се само стилизирани ластари, поставени во триаголни полиња. Целиот мотив е изведен во техника на зграфито во комбинација со сликање со зелена и жолта боја. Сјајна глеѓ е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* – **01609**

*Должина* – 3 / 2,5см

*Ширина* – 3,5 / 3см

*Датација* – доцен XIII – XIV век

Фрагменти од горен дел од отворен сад, со добро порчистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремасто - жолтеникава ангоба. Сочуван е само дел од декорацијата, претставени се листови на шрафирана површина со коси тенки линии, поставени во медалјони кои ја пратат листовидната форма. По работ на устинката тенок појас исполнет со вертикални подебели линии. Целата композиција е изведена во зграфито тахника. Сјајна компактна глеѓ е нанесена врз внатрешните и опфаќа мал дел од надворешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*<u>Инв.Бр.</u>* – **01183**

*<u>Должина</u>* – 7,5см

*<u>Ширина</u>* – 9,5см

*Датација* – XIV век

Фрагмент од горен дел од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочуван е само делот на кој се претставени низа од копјести лисја, декорирани со наизменично распоредени прави и неправилни цик-цак линии. Во делот под устинката поставен тенок појас исполнет мрежест мотив. Целата композиција е изработена во зграфито техника, со неправилно расфрлани зелени петна. Компактана глеѓ нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр.* – **0540**

*Должина* – 5см

*Ширина* – 4,5см

*Датација* – XIV век

Фрагмент од отворен сад, со добро порчистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. Сочуван е само мал дел во кој наизменично паралелно се поставени прави и неправилни цик-цак линии. Мотивот е изведен во зграфито техника, а има остатоци и од зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

91



*Инв.Бр.* – **5-0051**

*Должина* – 4,5см

*Ширина* – 8,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од плитка чинија со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочуван е само мал дел од стилизиран вегетабилен мотив изведен во шамплеве техника. По работ на устинката правилно распоредени зелени петна. Глеѓта е нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* – **01693**

*Дијам. на дно* – 7,3см

*Висина* – 6см

*Датација* – XIV век

Фрагментирана длабока чинија, со конично тело, на ниска шуплива нога. Не добро прочистена глина, со бисквит печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба. Сочуван е центалниот мотив во кој е претставен цвет со двојни листови. Помеѓу секој лист дополнителна декорација со хоризонтални збиени линии. Целиот мотив е изведен во зграфито техника. Кафена сјајна глеѓ е компактно нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

93





*<u>Инв.Бр.</u>* – **01467**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 6,5см

*<u>Висина</u>* – 5,5см

*<u>Датација</u>* – XIII - XIV век

Фрагмент од плитка чинија со конично тело на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип со сочувани две зони. Во центарлниот дел во кружен медаљон во техника на шамлеве изведен е „rinceau“мотивот. Во втората зона околу централниот мотив радијално распоредени листови со тријаголна форма изведени во техника на зграфито, пропратени со сликање со кафена боја, кои даваат ефект на розета. Помеѓу горните делови на листовите во техника на шамплеве изведени стилизирани ластари поставени во триаголни полиња. Горниот дел од садот недостасува. Глеѓта е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*





<u>*Инв.Бр.*</u> – **01696**

<u>*Дијам. на устинка*</u> – 22см

<u>*Дијам. на дно*</u> – 8см

<u>*Висина*</u> – 4,5см

<u>*Датација*</u> – XIII

Фрагмент од плитка чинија на ниска нога, со конкавно тело, чиј што раб на устинката е со брановидна изведба. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип во три зони. Во централната зона во медалјон со двојни кружници, со два пара спирали и копјести листови, поставени едно наспроти друго, во форма на розета. Позадината е декорирана со ситни брановидни линии. Околу него во кафена боја изведени кружни големи спирали. Под устинката тенок појас од стилизирана низа од спирали. Целиот мотив е изведен на позадина со нерамномерно нанесена зелена боја. Глеѓта е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

<u>*Необјавено.*</u>



*Инв.Бр.* – **5-0373**

*Дијам. на дно* – 6см

*Висина* – 5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од плитка чинија со полусферично тело и ниска шуплива нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба во хоризонтален принцип. Во централниот дел во кружен медалјон стилизирана флорална претстава, околу која радијално се распоредени листови, налик на розета, на шрафирана позадина со коси линии, изведени во зграфито техника. Помеѓу секој лист во триаголно поле претставени стилизирани ластари. Околу следи тенок појас декориран со сликање со кафена и зелена боја наизменично нанесени. Во последната зона стилизирани ластари со тролисни завршетоци или „rinceau“мотив изведен во шамплеве техника. Зелената и кафената боја се нанесени по целата композиција. Некомпактна глеѓ е нанесена взр вантрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



<u>*Инв.Бр.*</u> – **0630**

<u>*Должина*</u> – 6,5см

<u>*Ширина*</u> – 7см

*Датација* – XII -XIII век

Фрагмент од горен дел од чинија со полусферично тело и најверојатно хоризонтално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. Сочуван е само еден медалјон, во кој е претставен стилизиран вегетабилен мотив изведен во техника на зграфито во комбинација со кафена и зелена боја. Сјајна глеѓ е нанесена врз внатрешните ѕидови, а надворешните ѕидови се декорирани со кругови од бела ангоба.

<u>*Необјавено.*</u>

97



*<u>Инв.Бр</u>.* – **26-0087**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 8см

*<u>Висина</u>* – 3см

*<u>Датација</u>* – доцен XIII век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, од која е сочуван централниот мотив. Во кружен медаљон претставена е стилизиран ластар спирално изведен, со завршеток на срцевиден лист. Околу него радијално распоредени појаси исполнети со стилизирани ластарови гранки со полупалмети. Целиот мотив е изведен во зграфито техника дополнета со сликање со зелена и жолта боја. Глеѓта е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр.* – **0636б**

*Дијам. на устинка* – 21,5см

*Висина* – 6,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од отворен сад со конично тело и косо извлечена устинка према надвор, декорирано со две подлабоко изведени канелури. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба од која е сочуван само дел. Во тенок појас во зграфито техника претставена е низа од двојни кругови меѓусебно поврзани со лента на шрафирана позадина со коси тенки линии. Се доловува ефект како да се нанижани. Ангобата и жолтеникавата глеѓ се нанесени на двете страни на фрагментот.

*Необјавено.*



*<u>Инв.Бр.</u>* – **0634**

*<u>Должина</u>* – 9см

*<u>Ширина</u>* – 13см

*<u>Датација</u>* – XIV век

Фрагмент од отворен сад со вертикално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба радијално распоредени појаси исполнети со стилизиран вегетабилен мотив, изработени во зграфито техника во комбинација со наизменично сликање со зелена и жолта боја. Правилно распоредени петна по работ на устинката, во истите бои. Сјајна жолтеникава глеѓ нанесена врз внатрешноста и на мал дел од надворешноста на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв.Бр*. – **0563**

*Должина* – 5,5см

*Ширина* – 11см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во хоризонтален принцип. Сочувани се само радијално поставени стилизирани листови, изведени во шамплеве и зграфито техника. Сјајна темно жолта глеѓ нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*

101



*<u>Инв.Бр.</u>* – **0560**

*<u>Должина</u>* – 7см

*<u>Ширина</u>* – 9см

*<u>Датација</u>* – XIII - XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба е изведена декорацијата во хоризонтален принцип. Сочувана е зоната во која во зграфито техника изведен е мотивот на преплет поставен на шрафирана позадина. Сјајна жолтеникава глеѓ е нанесена врз внатрешноста на садот.

*<u>Необјавено.</u>*

102



*<u>Инв.Бр.</u>* – **01584**

*<u>Должина</u>* – 6,5см

*<u>Ширина</u>* – 9см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент од отворен сад, со добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба, во хоризонтален принцип. Во кружни мадалјони на шрафирана позадина со коси линии во техника на зграфито изведени се стилизирани палмети. Помеѓу мадалјоните поставени висечки триаголници, исполнети со прави линии. Сјајна глеѓ е нанесена врз внатрешните ѕидови на садот.

*<u>Необјавено.</u>*

103





*Инв.Бр.* – **3-0346**

*Дијам. на дно* – 6см

*Висина* – 3см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент од отворен сад со полусферично тело на ниска конусна нога. Декорацијата е изведена на кремаста ангоба. Во шамплеве техника изведени се стилизирани вегетабилни мотиви (стилизирани палмети) радијално распоредени околу центарот и наликуваат на розета. Сјајна глеѓ е нанесена брз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв.Бр.* – **4-0335**

*Дијам. на дно* – 7,5см

*Висина* – 4см

*Датација* – XIII - XIV век

Фрагмент дно од отворен сад на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба. Сочуван е централниот мотив, изведена во шамплеве техника, стилизирана палмета поставена во кружен медалјон. Глеѓта е нанесена врз вантрешноста на садот.

*Необјавено.*





*Инв.Бр.* – **6-0020**

*Дијам. на дно* – 5,5см

*Висина* – 3,5см

*Датација* – XIV век

Фрагмент дно од длабока чинија, на високо конично дно. Добро прочистена глина, црвено печење. Декорацијата е изведена на бела ангоба во техника на зграфито. Центално поставен четириаголник, поделен накрсно на четири делови, со дијагонално врежани прекршени линии. Од сите страни на четириаголникот врежани траголници декорирани со ситни убоди. Глеѓта е нанесена врз внатрешноста на садот.

*Необјавено.*

106




*Инв. Бр.* - **2В-0089**

*Дијам. на дно* – 8 см

*Висина* – 4 см

*Датација*–доцен XIII – ран XIVвек

Фрагмент дно од плитка чинија со полусферично тело на ниска конична нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Сочуван е дел од централниот мотив, кој претставува стилизиран вегетабилен мотив изведен во шамплеве техника. Ангобата и глеѓта се лошо сочувани.

*Необјавен.*



*<u>Инв.Бр</u>.* – **0002**

*<u>Дијам. на дно</u>* – 5,5см

*<u>Висина</u>* – 3,5см

*<u>Датација</u>* – XIV век

Фрагмент дно од плабока паница со полусферично тело, на ниска конична нога. Добро прочистена, глина црвено печење. На бела ангоба во техника на зграфито, централно е поставен кружен медалјон, кој со две накрсно поставени парави линии поделен на четири делови. Во секој дел по работ на кругот, поставен по еден неправилен полукруг, дополнително декориран со шрафура од прави линии. Внатрешноста прекриена со сјајна жолтеника глеѓ. Се забележуваат отисоци од трипод.

*<u>Необјавено.</u>*

108





*Инв. Бр.*- **3-0106**

*Дијам. на дно* – 5 см

*Висина* – 3 см

*Датација* - XIVвек

Фрагмент дно од длабока паница со полусферично тело на ниска прстенеста нога. Централно поставен кружен медалјон поделен на четири. Во секоја четврина поставен по еден ромбоиден мотив, а во меѓу просторот врежана по една спирала. Целиот мотив е изработен на бела ангоба, во техника на доцен зграфито. Внатрешноста на садот прекриен со темно жолта глеѓ.

Необјавен.

109



*<u>Инв. Бр.</u>-* **01110**

*<u>Дијам. на устинка</u>* - 23,5 см

*<u>Дијам. на дно</u>* – 10 см

*<u>Висина</u>* – 5 см

*Датација* - средина на XII век

Плитка чинија на ниска нога со хоризонтално извлечена устинка. Добро прочистена глина, црвено печење. На кремасто - бела ангоба во техника на ран зграфито е претставена е граблива птица (орел или сокол) свртена према десно. Покрај птицата поставен е стилизиран флорален орнамент со дршка, изведен со спирали и волути. По должина на работ на устинката изведени се спирали. Глеѓта е нанесена само врз внатрешната страна на садот.

*<u>Необјавено.</u>*



*Инв. Бр.* - **0619**

*Дијам. на дно* – 10см

*Висина* – 4см

*Датација* - XII век

Фрагмент дно од отворен сад со добро прочистена глина и црвено печење. Цртежот е изведен на бела ангоба во техника на ран зграфито. Сочуван е само дел од телото на птицата завртена кон десно. Ангобата и глазурата е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*



*Инв. Бр.-* **168**

*Дијам. на устинка* - 25см

*Дијам. на дно* – 9 см

*Висина* – 7,1 см

*Датација* - средина на XII век

Плитка чинија на ниска прстенеста нога. Добро прочистена глина, црвено печење. Бела ангоба е нанесена по целата внатрешност и делумно по работ на надворешната страна. Центално поставен кружен медаљон со претстава на птица, околу која кружи широка бордура од стилизирани врежани спирали. Позадината парцијално обоена со темно зелена боја. Под низата од спирали нанесени издолжени темно кафени петна. Глеѓта е нанесена врз вантрешноста на садот.

*Објавено:* Trouvaillescellee de poterie de table byzantine a Skopsko Kale, *Archaeologia Iugoslavica XII,* Beograd 1971,Pl.V/2, Inv.No. 168



*Инв. Бр.* - **01498**

*Дијам. на дно* – 8см

*Висина* – 5см

*Датација*–XIV век

Дно од плитка чинија на ниска нога. Добро прочистена глина, црвено печење. На бела ангоба во слободен стил е изведен мотивот во техника на зграфито. Претставена е птица со глава на куче свртена на десно. Телото на птицата декорирано со стилизирани спирали, а опашката со паралелни хоризонтални линии. Ангобата и безбојната глазура се делумно оштетени и се нанесени само врз внатрешниот дел на садот.

*Необјавено*



*Инв.бр*. – **1А-0081**

*Дијам. на устинка* – 18,5см

*Дијам. на дно* – 8,5см

*Висина* – 7,5см

*Датација* – XIII век

Фрагмент од плитка чинија со полусферично тело со хоризонтално извлечена устинка на ниска шуплива нога. На бела ангоба изведен е цртежот во техника на шамплеве и зграфито. Сочувана е дел од птицата заокружена со два пара двојни кружници и дел од ластари со стилизирани вегетабилни завршетоци. Декорацијата е збогатена со расфрлани зелени петна. Глазурата е нанесена само врз внатрешните ѕидови на садот.

*Необјавено.*

114



*Инв.бр.* - **4-0351**

*Дијам. на устинка* – 17см

*Дијам. на дно* – 7см

*Висина* – 8см

*Датација* –XIII век

Длабока паница со конично тело, ниска конична нога и благо вовлечена устинка. На рамото на садот веднаш под устинката изведена е декорација со убоди. Добро прочистена глина црвено печење. На кремаста ангоба централно поставена во техника на доцен зграфито и шамплеве е изведена птица (фазан) со главата свртена према назад. Од десната страна просторот е исполнет со стилизирани спирали, а од левата страна стилизиран флорален мотив кој потсетува на мотивот „дрво на животот". По целата површина зелени петна и остатоци од кафена боја. Глазурата и ангобата по целата внатрешност и мал дел под устинката од надвешната страна.

*Необјавено.*





*Инв.бр.* - **2С-066**

*Дијам. на устинка* -17,5см

*Дијам. на дно* – 7,5см

*Висина – 8см*

*Датација* –XIII век

